**Универзална инвестициона банка АД Скопје**

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

**за годината завршена на 31 декември 2025**
**со**

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

## СОДРЖИНА

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР 3

БИЛАНС НА УСПЕХ / ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА 7

ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА 8

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА 9

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИ ТЕКОВИ 10

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ 11

ДОДАТОК 1 ОДГОВОРНОСТИ НА РЕВИЗОРОТ ЗА РЕВИЗИЈАТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

ДОДАТОК 2 ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ВО 2025 ГОДИНА

ДОДАТОК 3 ЗАВРШНА СМЕТКА ЗА 2025 ГОДИНА

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија
T+389 (0)2 3233 301
T+389 (0)2 3233 302
www.rsm.mk

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До Акционерите на Универзална инвестициона банка АД, Скопје**

## Извештај за ревизијата на финансиските извештаи

### Мислење

Ние извршивме ревизија на финансиските извештаи на Универзална инвестициона банка АД, Скопје (Банката) коишто го вклучуваат извештајот за финансиската состојба заклучно со 31 декември 2025, и извештајот за сеопфатна добивка, извештајот за промени во главнината и извештајот за парични текови за годината којашто завршува тогаш, и белешки кон финансиските извештаи, вклучително и преглед на значајните сметководствени политики.

Според нашето мислење, придружните финансиски извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти финансиската состојба на Банката заклучно со 31 декември 2025 година, како и нејзината финансиска успешност и нејзините парични текови за годината којашто завршува тогаш, во согласност со регулативата на Народна Банка на Република Северна Македонија.

### Основа за мислење

Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР). Нашите одговорности според наведените стандарди се опишани во делот Одговорности на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи од овој извештај. Ние сме независни од Банката во согласност со Меѓународниот кодекс за етика на професионални сметководители (вклучувајќи ги и меѓународните стандарди за независност) (Кодексот на ОМСЕС) на Меѓународниот одбор за стандарди за етика на сметководители кои се во примена во Република Северна Македонија заедно со етичките барања кои се релевантни за нашата ревизија на финансиските извештаи во Република Северна Македонија и ги исполнивме сите останати етички одговорности во согласност со овие барања и Кодексот на ОМСЕС кој е во примена во Република Северна Македонија. Веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење.

### Клучни ревизорски прашања

Клучни ревизорски прашања се оние прашања кои, според нашето професионално расудување, беа од најголемо значење во нашата ревизија на финансиските извештаи за тековниот период. Овие прашања беа разгледани во контекст на нашата ревизија на финансиските извештаи во целина и во формулирањето на нашето мислење за нив и ние не даваме посебно мислење за овие прашања.

**1. Исправка на вредност на кредити и класификација на кредитната изложеност согласно методологијата на Народна банка**

**Клучно ревизорско прашање**

Исправката на вредност на кредитното портфолио претставува клучна област во ревизијата поради значајноста на кредитите во вкупната актива на Банката и поради примената на значајни проценки од страна на менаџментот.

Банката ја класифицира кредитната изложеност согласно регулативата и методологијата на Народна банка на Република Северна Македонија, врз основа на критериуми како што се:

- навременост во сервисирањето на обврските (денови на доцнење),
- финансиската состојба на должникот,
- квалитетот и вредноста на обезбедувањето,
- други фактори кои влијаат на способноста на должникот да ги сервисира обврските.


THE POWER OF BEING UNDERSTOOD
AUDIT | TAX | CONSULTING

Со оглед на значајноста на кредитното портфолио и примената на проценки при класификацијата на кредитната изложеност и пресметката на исправката на вредност, оваа област ја идентификувавме како клучно ревизорско прашање.

**Како ревизијата го адресираше прашањето**

Нашите ревизорски постапки вклучуваа, меѓу другото:

- разбирање и тестирање на контролите поврзани со процесот на класификација на кредитната изложеност;
- тестирање на примерок на кредити со цел да се потврди точноста на класификацијата во соодветна категорија на ризик;
- проверка на деновите на доцнење и усогласеноста со регулаторните критериуми на Народна банка;
- повторна пресметка на исправката на вредност за избран примерок на кредити.

**2. Информациски системи и ИТ контроли релевантни за финансиското известување**

**Клучно ревизорско прашање**

Финансиското известување на Банката во значителна мера се потпира на информациски системи кои обработуваат голем број на трансакции поврзани со кредитното портфолио, депозитите и другите финансиски инструменти.

Поради комплексноста на ИТ системите и значајноста на автоматизираните контроли кои обезбедуваат точност и комплетност на финансиските податоци, информациските системи и поврзаните ИТ контроли беа идентификувани како клучно ревизорско прашање.

**Како ревизијата го адресираше прашањето**

Нашите ревизорски постапки вклучуваа, меѓу другото:
- тестирање на општите ИТ контроли поврзани со пристап до системите, управување со промени и оперативни ИТ процеси;
- тестирање на автоматизирани апликативни контроли кои се користат при обработка на трансакциите;
- анализа на контролите за пристап до критични системи и податоци;
- проверка на интегритетот и комплетноста на податоците кои се користат при подготовка на финансиските извештаи.

## Други информации

Раководството е одговорно за другите информации. Другите информации се состојат од годишниот извештај за работата и годишната сметка изготвени од раководството во согласност со Законот за трговските друштва, но не ги вклучуваат финансиските извештаи и нашиот ревизорски извештај.
Нашето мислење за финансиските извештаи не се однесува на останатите информации и ние не изразуваме каква било форма на уверување за нив, освен и во обем кој е експлицитно наведен во Извештајот за други правни и регулаторни барања.

Во врска со нашата ревизија на финансиските извештаи, наша одговорност е да ги прочитаме останатите информации и притоа да разгледаме дали останатите информации се материјално неконзистентни со финансиските извештаи или нашето знаење, прибавено во ревизијата или поинаку, произлегува дека е материјално погрешно. Ако, врз основа на нашата извршена работа, ние заклучиме дека постои материјално погрешно прикажување на овие останати информации, ние треба да известиме за овој факт. Ние немаме ништо да известиме во однос на ова прашање.

## Одговорности на раководството и оние кои се задолжени за управувањето за финансиските извештаи

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со регулативата на Народна Банка на Република Северна Македонија и за таквата внатрешна контрола каква што раководството утврдува дека е потребна за да се овозможи подготовка на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, било да е резултат на измама или грешка.

При подготвувањето на финансиските извештаи, раководството е одговорно за проценка на способноста на Банката да продолжи под претпоставката за континуитет, обелоденувајќи, кога е применливо, прашања поврзани со континуитетот и користење на сметководствената основа на континуитет, освен ако раководството или има намера да ја ликвидира Банката или да го прекине работењето, или нема друга реална алтернатива освен да го стори тоа.

Оние кои се задолжени за управувањето се одговорни за надзор на процесот на финансиско известување на Банката.

## Одговорности на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи

Нашите цели се да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи како целина не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка и да издадеме ревизорски извештај што го вклучува нашето мислење. Разумно уверување е високо ниво на уверување, но не претставува гаранција дека ревизијата спроведена во согласност со меѓународните стандарди за ревизија секогаш ќе открие материјално погрешно прикажување кога тоа постои. Погрешните прикажувања може да произлезат како резултат на измама или грешка и се смета дека се материјални доколку, поединечно или во вкупен износ, разумно би се очекувало да влијаат на деловните одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Понатамошен опис на нашите одговорности за ревизијата на финансиските извештаи е вклучен во Додаток 1 од овој извештај на ревизорот. Овој опис претставува дел од нашиот извештај на ревизорот.

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Т+389 (0)2 3233 301
Т+389 (0)2 3233 302
www.rsm.mk

### Извештај за други правни и регулативни барања

Како што е наведено во пасусот Други информации Раководството на Банката е одговорно за изготвување на годишен извештај за работењето на Банката за 2025 година во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на посебниот годишен извештај, со историските финансиски информации објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Банката со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025, во согласност со меѓународните стандарди за ревизија, како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за Ревизија.

Наше мислење е дека, историските финансиски информации објавени во годишниот извештај за работењето на Банката со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2025, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со информациите објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Банката со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025 година.

*Скопје, 17.04.2026*

Овластен ревизор
Јаглика Јорданова Андријеска

Друштво за ревизија
РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

RSM
Друштво за ревизија РСМ
МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

Универзална Инвестициона Банка АД Скопје
Финансиски извештаи
31 декември 2025 година

**Биланс на успех**
**за периодот од 01.01.2025 до 31.12.2025 година**

| | Белешка | Тековна година 31.12.2025 | Претходна година 31.12.2024 |
|---|---|---|---|
| | | *во илјади денари* | |
| Приходи од камата | | 1.581.014 | 1.530.474 |
| Расходи за камата | | (361.057) | (325.004) |
| Нето-приходи/(расходи) од камата | 6 | 1.219.957 | 1.205.470 |
| Приходи од провизии и надомести | | 618.822 | 620.320 |
| Расходи за провизии и надомести | | (378.467) | (338.655) |
| Нето-приходи/(расходи) од провизии и надомести | 7 | 240.355 | 281.665 |
| Нето-приходи од тргување | 8 | - | - |
| Нето-приходи од други финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност | 9 | - | - |
| Нето-приходи/(расходи) од курсни разлики | 10 | 39.056 | 45.011 |
| Останати приходи од дејноста | 11 | 158.955 | 103.717 |
| Удел во добивката на придружените друштва | 24 | | |
| Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа | 12 | (222.648) | (300.365) |
| Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа | 13 | 31.721 | 55.144 |
| Трошоци за вработените | 14 | (524.452) | (468.169) |
| Амортизација | 15 | (77.513) | (55.349) |
| Останати расходи од дејноста | 16 | (317.091) | (325.865) |
| Удел во загубата на придружените друштва | 24 | | |
| **Добивка/(загуба) пред оданочување** | | **548.340** | **541.259** |
| Данок од добивка | 17 | 55.825 | 55.492 |
| **Добивка/(загуба) за финансиската година од непрекинато работење** | | **492.515** | **485.767** |
| Добивка/(загуба) од група на средства и обврски кои се чуваат за продажба* | | - | - |
| **Добивка/(загуба) за финансиската година** | | **492.515** | **485.767** |
| **Добивка/(загуба) за периодот, која припаѓа на*:** | | | |
| акционерите на банката | | - | - |
| малцинското учество | | - | - |
| **Заработка по акција** | 41 | **902** | **890** |
| Основна заработка по акција (во денари) | | 902 | 890 |
| Разводнета заработка по акција (во денари) | | 902 | 890 |

* само за консолидираните финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одобрени од страна на Надзорниот одбор на Банката на 17 април 2026 година.
Потпишани во име на Банката од:

Милка Тодорова
Претседател на Управен одбор

УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД СКОПЈЕ 4

Делчо Крастев
Член на Управен одбор

Орлин Георгиев Ваташки
Член на Управен одбор

**Извештај за сеопфатна добивка**
**за периодот од 01.01.2025 до 31.12.2025 година**

| | Белешка | тековна година 2025 | претходна година 2024 |
|---|---|---|---|
| | | | *во илјади денари* |
| **Добивка/(загуба) за финансиската година** | | 492.515 | 485.767 |
| **Останати добивки/(загуби) во периодот–(пред оданочување)** | | **(34.082)** | **(42.793)** |
| ***Останати добивки/(загуби) во периодот коишто не се прикажуваат во Билансот на успех (пред оданочување)*** | | - | - |
| Ревалоризациска резерва за сопственички средства расположливи за продажба | | - | - |
| - нереализирани нето-промени во објективната вредност на сопственичките средства расположливи за продажба | | | |
| - реализирани нето-добивки/(загуби) од сопственичките средства расположливи за продажба, рекласифицирани во Останати резерви | | | |
| Промени во кредитната способност на банката, за финансиски обврски кои се мерат по објективна вредност | | | |
| Данок на добивка од останати добивки/(загуби) коишто не се прикажуваат во Билансот на успех | 17 | | |
| ***Вкупно останати добивки/(загуби) во периодот коишто не се прикажуваат во Билансот на успех*** | | - | - |
| ***Останати добивки/(загуби) во периодот коишто се или може да се прекласифицираат во Билансот на успех (пред оданочување)*** | | (34.082) | (42.793) |
| Ревалоризациска резерва за должнички средства расположливи за продажба | | - | - |
| - нереализирани нето-промени во објективната вредност на должничките средства расположливи за продажба | | | |
| - реализирани нето-добивки/(загуби) од должничките средства расположливи за продажба, рекласифицирани во Билансот на успех | | | |
| - дополнителна исправка на вредноста на должничките средства расположливи за продажба | | | |
| - ослободување на исправка на вредноста на должничките средства расположливи за продажба | | | |
| Ревалоризациска резерва за преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања | | (34.082) | (42.793) |
| - ревалоризациска резерва признаена во текот на годината | | - | 32.023 |
| - наплатување на ревалоризациската резерва, рекласифицирано во Билансот на успех | | (34.082) | (74.816) |
| Резерва за инструменти за заштита од ризикот од паричните текови | | - | - |
| - нереализирани нето-промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од паричните текови | | | |
| - реализирани нето-добивки/(загуби) од инструментите за заштита од ризикот од паричните текови, рекласифицирани во Билансот на успех | | | |
| Резерва за инструменти за заштита од ризикот од нето-вложување во странско работење | | | |
| Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење | | | |
| Удел во останатите добивки/(загуби) од придружените друштва коишто не се прикажуваат во Билансот на успех | 24 | | |
| Останати добивки/(загуби) кои не се прикажуваат во Билансот на успех | | - | - |
| Данок на добивка од останати добивки/(загуби) коишто се или може да се прекласифицираат во Билансот на успех | 17 | | |
| ***Вкупно останати добивки/(загуби) во периодот коишто се или може да се прекласифицираат во Билансот на успех*** | | (34.082) | (42.793) |
| ***Вкупно останати добивки/(загуби) во периодот*** | | (34.082) | (42.793) |
| **Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година** | | 458.433 | 442.974 |
| **Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година, којашто им припаѓа на*:** | | | |
| акционерите на банката | | | |
| неконтролираното учество | | | |

Финансиските извештаи се одобрени од страна на Надзорниот одбор на Банката на 17 април 2026 година.
Потпишани во име на Банката од:

Милка Тодорова
Претседател на Управен одбор

Делчо Крастев
Член на Управен одбор

Орлин Георгиев Баташки
Член на Управен одбор

**Биланс на состојба**
**на ден 31.12.2025 година**

| | Белешка | Тековна година 31.12.2025 | *во илјади денари* Претходна година 31.12.2024 |
|---|---|---|---|
| **Актива:** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 18 | 6.338.402 | 5.419.234 |
| Средства за тргување | 19 | - | - |
| Финансиски средства по објективна вредност преку Билансот на успех определени како такви при почетното признавање | 20 | - | - |
| Деривативни средства чувани за управување со ризик | 21 | - | - |
| Кредити на и побарувања од банки | 22,1 | - | - |
| Кредити на и побарувања од други комитенти | 22,2 | 20.841.632 | 18.950.760 |
| Вложувања во хартии од вредност | 23 | 3.315.082 | 2.892.554 |
| Вложувања во придружени друштва | 24 | | |
| Побарувања за данок на добивка (тековен) | 30,1 | - | - |
| Останати побарувања | 25 | 233.904 | 203.360 |
| Заложени средства | 26 | - | - |
| Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | 27 | 2.533 | 69.699 |
| Нематеријални средства | 28 | 85.981 | 78.564 |
| Недвижности и опрема | 29 | 433.729 | 448.597 |
| Одложени даночни средства | 30,2 | - | - |
| Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување | 31 | - | - |
| **Вкупна актива** | | **31.251.263** | **28.062.768** |
| **Обврски** | | | |
| Обврски за тргување | 32 | - | - |
| Финансиски обврски по објективна вредност преку Билансот на успех определени како такви при почетното признавање | 33 | - | - |
| Деривативни обврски чувани за управување со ризик | 21 | - | - |
| Депозити на банки | 34,1 | 1.960.155 | 2.446.435 |
| Депозити на други комитенти | 34,2 | 23.664.585 | 21.011.106 |
| Издадени должнички хартии од вредност | 35 | - | - |
| Обврски по кредити | 36 | 1.161.606 | 610.356 |
| Субординирани обврски | 37 | - | - |
| Посебна резерва и резервирања | 38 | 9.134 | 10.439 |
| Обврски за данок на добивка (тековен) | 30,1 | 3.603 | 7.497 |
| Одложени даночни обврски | 30,2 | - | - |
| Останати обврски | 39 | 173.471 | 238.335 |
| Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување | 31 | - | - |
| **Вкупно обврски** | | **26.972.554** | **24.324.168** |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Запишан капитал | 40 | 545.987 | 545.987 |
| Премии од акции | | 510.387 | 510.387 |
| Сопствени акции | | 0 | - |
| Други сопственички инструменти | | 540.983 | 235.325 |
| Ревалоризациски резерви | | 5.130 | 39.212 |
| Останати резерви | | 1.899.768 | 1.687.983 |
| Задржана добивка/(Акумулирана загуба) | | 776.454 | 719.706 |
| **Вкупно капитал и резерви, кој припаѓа на акционерите на банката** | | **4.278.709** | **3.738.600** |
| Малцинско учество* | | - | - |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **4.278.709** | **3.738.600** |
| **Вкупно обврски и капитал и резерви** | | **31.251.263** | **28.062.768** |
| Потенцијални обврски | 42 | 2.104.718 | 2.209.226 |
| Потенцијални средства | 42 | - | 0 |

Финансиските извештаи се одобрени од страна на Надзорниот одбор на банката на 17 април 2026 година.
Потпишани во име на Банката од:

Универзална Инвестициона Банка АД СКОПЈЕ 4

Милка Тодорова
Претседател на Управен одбор

Делчо Крастев
Член на Управен одбор

Олгица Георгиева Ваташки
Член на Управен одбор

**Извештај за промените во капиталот и резервите**
**за периодот од 01.01.2025 до 31.12.2025 година**

| | Капитал | | | | Ревалоризациски резерви | | | | | Останати резерви | | | Задржана добивка | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *во илјади денари* | Запишан капитал | Премии од акции | (Сопствени акции) | Други сопственички инструменти | Ревалоризациска резерва за средства расположливи за продажба | Ревалоризациска резерва за средства преземени за ненаплатени побарувања | Резерва за заштита од ризикот | Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење | Останати ревалоризациски резерви | Законска резерва | Капитална компонента на хибридни финансиски инструменти | Останати резерви | Расположлива за распределба на акционерите | Ограничена за распределба на акционерите | (Акумулирани загуби) | **Вкупно капитал и резерви, кој припаѓа на акционерите на банката** | Неконтролирано учество* | **Вкупно капитал и резерви** |
| **На 31 декември 2023 (претходна година)/ 1 јануари 2024 (тековна година)** | **545.987** | **510.387** | **-** | **536.786** | **-** | **82.005** | **-** | **-** | **-** | **56.687** | **-** | **1.448.060** | **-** | **660.449** | **-** | **3.840.361** | **-** | **3.840.361** |
| Корекции на почетната состојба | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **На 1 јануари 2024 година (тековна година), коригирано** | **545.987** | **510.387** | **-** | **536.786** | **-** | **82.005** | **-** | **-** | **-** | **56.687** | **-** | **1.448.060** | **-** | **660.449** | **-** | **3.840.361** | **-** | **3.840.361** |
| **Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година** | - | - | - | - | - | (42.793) | - | - | - | - | - | - | - | 485.767 | - | 442.974 | - | 442.974 |
| Добивка/(загуба) за финансиската година | | | | | | | | | | | | | | 485.767 | | 485.767 | | 485.767 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | - | | - |
| Останати добивки/(загуби) во периодот | - | - | - | - | - | (42.793) | - | - | - | - | - | - | - | - | - | (42.793) | - | (42.793) |
| Промени во објективната вредност на средствата расположливи за продажба | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| *должнички инструменти* | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| - нереализирани промени во објективната вредност (нето) | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| - реализирани промени во објективната вредност (нето), префрлени во Билансот на успех | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| - дополнителна исправка на вредноста на должничките средства расположливи за продажба | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| - ослободување на исправка на вредноста на должничките средства расположливи за продажба | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| *сопственички инструменти* | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| - нереализирани промени во објективната вредност (нето) | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| - реализирани промени во објективната вредност (нето), префрлени во Останати резерви | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од паричните текови | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од нето-вложување во странско работење | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Курсни разлики од вложување во странско работење | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Одложени даночни (средства)/обврски признаени во капиталот и резервите | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Промени во кредитната способност на банката, за финансиски обврски кои се мерат по објективна вредност | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Останати добивки/(загуби) коишто не се прикажуваат во Билансот на успех (наведете детално) | - | - | - | - | - | (42.793) | - | - | - | - | - | - | - | - | - | (42.793) | - | (42.793) |
| Ревалоризациска резерва за средства преземени за ненаплатени побарувања | | | | | - | (42.793) | | | | | | | | | | (42.793) | | (42.793) |
| Ревалоризациска резерва и останати разлики од вреднувањето на златото | | | | | | | | | - | | | | | | | - | | - |
| ***Вкупно нереализирани добивки/(загуби) признаени во капиталот и резервите*** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | ***(42.793)*** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | ***(42.793)*** | **-** | ***(42.793)*** |
| **Вкупно сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | ***(42.793)*** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | ***485.767*** | **-** | ***442.974*** | **-** | ***442.974*** |
| **Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите:** | - | - | - | (301.461) | - | - | - | - | - | - | - | 183.236 | - | (426.510) | - | (544.735) | - | (544.735) |
| Издадени акции во текот на периодот | | | | | | | | | | | | | | | | - | | |
| Издвојување за законска резерва | | | | | | | | | | - | | | | - | | - | - | - |
| Издвојување за останати резерви | | | | | | | | | | | | 183.236 | | (183.236) | | - | - | - |
| Дивиденди | | | | | | | | | | | | | | (200.923) | | (200.923) | | (200.923) |
| Откуп на сопствени акции | | | | | | | | | | | | | | | | - | | - |
| Продадени сопствени акции | | | | | | | | | | | | | | | | - | | - |
| Други промени во капиталот и резервите (наведете детално) | - | - | - | (301.461) | - | - | - | - | - | - | - | - | - | (42.351) | - | (343.812) | - | (343.812) |
| Продаден хибриден инструмент | | | | (301.461) | | | | | | | | | | | | (301.461) | | (301.461) |
| Исплатена камата по перпетуала обврзница | | | | | | | | | | | | | | (35.367) | | (35.367) | | (35.367) |
| Трошоци за перпетуална обврзница | | | | | | | | | | | | | - | (6.984) | | (6.984) | | (6.984) |
| **Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите** | **-** | **-** | **-** | **(301.461)** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **183.236** | **-** | **(426.510)** | **-** | **(544.735)** | **-** | **(544.735)** |
| **На 31 декември 2024 (тековна година)** | **545.987** | **510.387** | **-** | **235.325** | **-** | **39.212** | **-** | **-** | **-** | **56.687** | **-** | **1.631.296** | **-** | **719.706** | **-** | **3.738.600** | **-** | **3.738.600** |
| **На 31 декември 2024 (претходна година)/ 1 јануари 2025 (тековна година)** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | | **-** | | **-** | |
| Корекции на почетната состојба | 545.987 | 510.387 | - | 235.325 | - | 39.212 | - | - | - | 56.687 | - | 1.631.296 | - | 719.706 | - | 3.738.600 | - | 3.738.600 |

Универзална Инвестициона Банка АД Скопје
Финансиски извештаи
**31 декември 2025 година**
**Извештај за промените во капиталот и резервите**
**за периодот од 01.01.2025 до 31.12.2025 година**

во илјади денари

| | Капитал | | | | Ревалоризациони резерви | | | | | Останати резерви | | | Задржана добивка | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Запишан капитал | Премии од акции | (Сопствени акции) | Други сопственички инструменти | Ревалоризациона резерва за средства расположливи за продажба | Ревалоризациона резерва за средства проценети за намалување побарувања | Резерва за заштита од ризикот | Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење | Останати ревалоризациони резерви | Законска резерва | Капитална компонента на сложени финансиски инструменти | Останати резерви | Расположлива за распределба на акционерите | Ограничена за распределба на акционерите | (Непокриена загуба) | Вкупно капитал и резерви, кој припаѓа на акционерите на банката | Неконтролирано учество* | Вкупно капитал и резерви |
| **На 1 јануари 2025 година (тековна година), коригирано** | **545.007** | **510.387** | - | **235.225** | - | **39.213** | - | - | - | **58.687** | - | **1.631.296** | - | **719.796** | - | **3.748.600** | - | **3.748.600** |
| **Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година** | - | - | - | - | - | (34.082) | - | - | - | - | - | - | - | 482.515 | - | 448.433 | - | 448.433 |
| Добивка/(загуба) за финансиската година | | | | | | | | | | | | | | 482.515 | | 482.515 | | 482.515 |
| Останати добивки/(загуби) во периодот | - | - | - | - | - | (34.082) | - | - | - | - | - | - | - | - | - | (34.082) | - | (34.082) |
| Промени во објективната вредност на средствата расположливи за продажба | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| должнички инструменти | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| - нереализирани промени во објективната вредност (нето) | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| - реализирани промени во објективната вредност (нето), префрлени во Билансот на успех | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| - дополнителна исправка на вредноста на должничките средства расположливи за продажба | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| - ослободување на исправка на вредноста на должничките средства расположливи за продажба | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| сопственички инструменти | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| - нереализирани промени во објективната вредност (нето) | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| - реализирани промени во објективната вредност (нето), префрлени во Останати резерви | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од паричните текови | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од нето-вложување во странско работење | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Курсни разлики од вложување во странско работење | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Одложени даночни (средства)/обврски признаени во капиталот и резервите | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Промени во кредитната способност на банката, за финансиски обврски кои се мерат по објективна вредност | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Останати добивки/(загуби) коишто не се признаваат во билансот на успех (наведете детали) | - | - | - | - | - | (34.082) | - | - | - | - | - | - | - | - | - | (34.082) | - | (34.082) |
| Ревалоризациона резерва за средства проценети за намалување побарувања | | | | | - | (34.082) | | | | | | | | | | (34.082) | | (34.082) |
| Ревалоризациска резерва и останати разлики од вреднувањето на златото | | | | | | | | | - | | | | | | | - | | - |
| ***Вкупно нереализирани добивки/(загуби) признаени во капиталот и резервите*** | - | - | - | - | - | ***(34.082)*** | - | - | - | - | - | - | - | - | - | ***(34.082)*** | - | ***(34.082)*** |
| ***Вкупно сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година*** | - | - | - | - | - | ***(34.082)*** | - | - | - | - | - | - | - | ***482.515*** | - | ***448.433*** | - | ***448.433*** |
| **Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите:** | - | - | - | 305.658 | - | - | - | - | - | - | - | 211.785 | - | (435.767) | - | 81.676 | - | 81.676 |
| Издадени акции во текот на периодот | | | | | | | | | | | | | | | | - | - | - |
| Издвојување за законска резерва | | | | | | | | | | - | | | | - | | - | - | - |
| Издвојување за останати резерви | | | | | | | | | | | | 211.785 | | (211.785) | | - | - | - |
| Дивиденди | | | | | | | | | | | | | | (211.297) | | (211.297) | | (211.297) |
| Откуп на сопствени акции | | | | | | | | | | | | | | | | - | | - |
| Продадени сопствени акции | | | | | | | | | | | | | | | | - | | - |
| Други промени во капиталот и резервите (наведете детали) | - | - | - | 305.658 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | (12.685) | - | 292.973 | - | 292.973 |
| Издаден хибриден инструмент | | | | 305.658 | | | | | | | | | | | | 305.658 | | 305.658 |
| Исплатени камати по хибридни обврзници | | | | | | | | | | | | | | (12.685) | | (12.685) | | (12.685) |
| Трошоци за перпетуални обврзници | | | | | | | | | | | | | | | | - | | - |
| **Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите** | - | - | - | **305.658** | - | - | - | - | - | - | - | **211.785** | - | **(435.767)** | - | **81.676** | - | **81.676** |
| **На 31 декември 2025 (тековна година)** | **545.007** | **510.387** | - | **540.883** | - | **5.130** | - | - | - | **58.687** | - | **1.843.081** | - | **776.454** | - | **4.278.709** | - | **4.278.709** |

Финансиските извештаи се одобрени од страна на Надзорниот одбор на Банката на 17 април 2026 година.
Потпишано во име на Банката од:

[illegible]
Претседател на Управен одбор

[illegible]
Член на Управен одбор

[illegible]
Член на Управен одбор

Универзална Инвестициона Банка АД Скопје
Финансиски извештаи
**31 декември 2025 година**

## Извештај за паричниот тек
**за периодот од 01.01.2025 до 31.12.2025 година**

*во илјади денари*

| | Белешка | Тековна година 31.12.2025 | Претходна година 31.12.2024 |
|---|---|---|---|
| **Паричен тек од основната дејност** | | | |
| Добивка/(Загуба) пред оданочувањето | | 548.340 | 541.259 |
| Коригирана за: | | | |
| Малцинското учество, вклучено во консолидираниот биланс на успех* | | - | - |
| Амортизација на: | | - | - |
| нематеријални средства | | 14.205 | 13.094 |
| недвижности и опрема | | 63.308 | 42.255 |
| Капитална добивка од: | | - | - |
| продажба на нематеријални средства | | - | - |
| продажба на недвижности и опрема | | (7.208) | (5.748) |
| продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | | (20.645) | (26.256) |
| Капитална загуба од: | | - | - |
| продажба на нематеријални средства | | - | - |
| продажба на недвижности и опрема | | - | - |
| продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | | 28 | 11.481 |
| Приходи од камата | | (1.581.014) | (1.530.474) |
| Расходи за камата | | 361.057 | 325.004 |
| Нето-приходи од тргување | | - | - |
| Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа: | | - | - |
| дополнителна исправка на вредноста | | 249.354 | 316.522 |
| ослободена исправка на вредноста | | (26.706) | (16.157) |
| Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа: | | | |
| дополнителни загуби поради оштетување | | 2.361 | 19.672 |
| ослободени загуби поради оштетување | | (34.082) | (74.816) |
| Посебна резерва: | | - | - |
| дополнителни резервирања | | - | - |
| ослободени резервирања | | - | - |
| Приходи од дивиденди | | (1.339) | - |
| Удел во добивката/(загубата) на придружените друштва | | - | - |
| Останати корекции | | (84.123) | (42.707) |
| Наплатени камати | | 1.597.712 | 1.504.225 |
| Платени камати | | (288.397) | (260.404) |
| ***Добивка од дејноста пред промените на деловната актива:*** | | ***792.851*** | ***816.950*** |
| *(Зголемување)/намалување на деловната актива:* | | | |
| Средства за тргување | | - | - |
| Деривативни средства чувани за управување со ризик | | - | - |
| Кредити на и побарувања од банки | | - | - |
| Кредити на и побарувања од други комитенти | | (2.114.493) | (1.890.511) |
| Заложени средства | | - | - |
| Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | | 119.504 | 155.006 |
| Задолжителна резерва во странска валута | | (267.744) | (62.188) |
| Задолжителен депозит кај НБРСМ според посебни прописи | | - | - |
| Останати побарувања | | (37.470) | (35.689) |
| Одложени даночни средства | | - | - |
| Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување | | - | - |
| *Зголемување/(намалување) на деловните обврски:* | | | |
| Обврски за тргување | | - | - |
| Деривативни обврски чувани за управување со ризик | | - | - |
| Депозити на банки | | (521.060) | 564.916 |
| Депозити на други комитенти | | 2.615.663 | (389.657) |
| Останати обврски | | (64.885) | (101.180) |
| Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување | | - | - |
| ***Нето-паричен тек од основната дејност пред оданочување*** | | ***522.366*** | ***(942.353)*** |
| (Платен)/ поврат на данок на добивка | | (59.719) | (68.094) |
| **Нето-паричен тек од основната дејност** | | 462.647 | (1.010.447) |

**Извештај за паричниот тек**
**за периодот од 01.01.2025 до 31.12.2025 година**

| | Белешка | Тековна година 31.12.2025 | *во илјади денари* Претходна година 31.12.2024 |
|---|---|---|---|
| **Паричен тек од инвестициска дејност** | | | |
| (Вложувања во хартии од вредност) | | (3.263.830) | (2.831.300) |
| Приливи од продажбата на вложувањата во хартии од вредност | | 2.842.310 | 4.355.000 |
| (Одливи за вложувањата во подружници и придружени друштва) | | - | - |
| Приливи од продажбата на вложувањата во подружници и придружени друштва | | - | - |
| (Набавка на нематеријални средства) | | (21.646) | (13.005) |
| Приливи од продажбата на нематеријални средства | | 24 | |
| (Набавка на недвижности и опрема) | | (21.366) | (45.690) |
| Приливи од продажбата на недвижности и опрема | | 30.434 | 8.825 |
| (Одливи за нетековните средства кои се чуваат за продажба) | | | |
| Приливи од нетековните средства кои се чуваат за продажба | | - | - |
| (Останати одливи од инвестициска дејност) | | - | - |
| Останати приливи од инвестициска дејност | | 1.339 | - |
| **Нето-паричен тек од инвестициска дејност** | | **(432.735)** | **1.473.830** |
| | | | |
| **Паричен тек од финансирањето** | | | |
| (Отплата на издадени должнички хартии од вредност) | | - | - |
| Приливи од издадени должнички хартии од вредност | | - | - |
| (Отплата на обврските по кредити) | | (1.430.045) | (401.496) |
| Зголемување на обврските по кредити | | 1.981.044 | 330.998 |
| (Отплата на издадените субординирани обврски) | | - | - |
| Приливи од издадените субординирани обврски | | - | - |
| Приливи од издадените акции/сопственички инструменти во текот на периодот | | - | - |
| (Откуп на сопствени акции) | | - | - |
| Продадени сопствени акции | | - | - |
| (Платени дивиденди) | | (211.297) | (200.923) |
| (Останати одливи од финансирањето) | | (12.685) | (343.812) |
| Останати приливи од финансирањето | | 305.658 | |
| **Нето-паричен тек од финансирањето** | | **632.675** | **(615.233)** |
| | | | |
| Ефект од исправката на вредноста на паричните средства и паричните еквиваленти | | - | - |
| Ефект од курсните разлики на паричните средства и паричните еквиваленти | | - | - |
| | | | |
| **Нето-зголемување/(намалување) на паричните средства и паричните еквиваленти** | | 662.587 | (151.850) |
| | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти на 1 јануари | | 3.968.468 | 4.120.318 |
| **Парични средства и парични еквиваленти на 31 декември** | | **4.631.055** | **3.968.468** |

Финансиските извештаи се одобрени од страна на Надзорниот одбор на Банката на 17 април 2026 година.
Потпишани во име на Банката од:

Милка Тодорова
Претседател на Управен одбор

СКОПЈЕ 4
УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД

Делчо Крастев
Член на Управен одбор

Ертан Георгиев Вртешки
Член на Управен одбор

## БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

### 1. Вовед

1.1 Општи информации

Универзална Инвестициона Банка АД Скопје ("Банката") е акционерско друштво регистрирано и со седиште во Република Северна Македонија.
Адресата на регистрираното седиште на Банката е ул. "Максим Горки" бр. 6, 1000 Скопје, Република Северна Македонија.
Банката има овластување да ги извршува банкарските активности согласно Законот за банките. Позначајни активности на Банката се одобрување и земање кредити во земјата и странство, примање депозити од правни лица и население, вршење платен промет со странство и во земјата и посредување при обезбедувањето на девизни средства за нејзини комитенти и купување и продажба на краткорочни хартии од вредност за своја сметка и за сметка на други комитенти, обезбедување на други услуги.

Банката нема вложувања во подружници и во придружени друштва.

Овие финансиски извештаи се одобрени за издавање од Надзорниот одбор на Банката на 17 април 2026 година.

Акциите на Банката котираат на Македонска берза за хартии од вредност АД, Скопје, на сегмент Задолжителна котација и со истите се тргува со тикер УНИ. Во Централен Депозитар за хартии од вредност се регистрирани под следниов ИСИН број:

| шифра на хартија од вредност | ИСИН број |
|---|---|
| УНИ (обична акција) | MKBLBA101011 |

Вкупниот број на вработени на Банката на 31 декември 2025 изнесува 378 (2024: 366 вработени).

## 1.2 Основа за изготвување на финансиските извештаи

### Изјава за усогласеност

Финансиските извештаи се изготвени во согласност со Законот за трговските друштва (“Службен весник на РМ” бр. 28/2004, 84/2005, 71/2006, 25/2007, 87/2008, 17/2009, 23/2009, 42/10, 48/10, 8/11, 21/11,24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 217/15,, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18, 195/18 и 239/18 и „Службен весник на РСМ“бр. 290/20, 215/21, 99/22 и 272/24), Законот за банките (“Службен весник на РМ” бр. 67/2007, 90/2009, 67/2010, 26/2013, 15/2015, 153/2015, 190/2016, 7/19 и “Службен весник на РСМ" бр. 101/19,122/21 I 37/25), подзаконската регулатива пропишана од страна на Народна банка на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст “НБРСМ”), како и Одлуката за Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи (“Службен весник на РМ” бр. 83/17 и “Службен евсник на РСМ“ бр 275/24) и Одлуката за видовите и содржината на финаниските извештаи на банките (Службен весник на РМ бр. 83/17, 149/18 и “Службен весник на РСМ“ бр. 275/24).

Финансиските извештаи претставуваат поединечни финансиски извештаи. Финансиските извештаи се подготвени со состојба на и за годините што завршуваат на 31 декември 2025 и 2024 година. Онаму каде што е неопходно, презентацијата на споредбените податоци е прилагодена согласно промените во презентацијата во тековната година

### Основи за мерење

Финансиските извештаи се изготвени според историска вредност освен за:
•финансиските инструменти по објективна вредност преку билансот на успех кои што се мерат по објективна вредност; и
•средствата расположливи-за-продажба кои што се мерат по објективна вредност.

### Функционална и известувачка валута

Финансиските извештаи се прикажани во македонски денари (“МКД” или “денар”), кои се известувачка и функционална валута на Банката. Освен каде што е наведено, финансиските информации се прикажани во илјади македонски денари.

### Користење на проценки и расудувања

Изготвувањето на финансиските извештаи бара од Раководството да прави расудувања, проценки и претпоставки кои влијаат на примената на политиките и прикажаните износи на средствата и обврските, приходите и расходите. Реалните состојби може да се разликуваат од овие проценки.
Проценките и претпоставките постојано се прегледуваат. Измените на сметководствените проценки се признаваат во периодот во кој е извршена измена на проценката и во идните периоди доколку измената влијае и на идниот период.

Информации во врска со расудувањето направени од Раководството и критичните проценки во примената на сметководствените стандарди кои имаат значајно влијание на финансиските извештаи се прикажани во белешка 1.4.

1.3 Значајни сметководствени политики

Сметководствените политики прикажани во продолжение се применувани конзистентно за сите периоди прикажани во овие финансиски извештаи.

(а) Трансакции во странска валута

Трансакциите во странска валута се искажуваат во денари според курсот важечки на денот на трансакциите. Монетарните средства и обврски искажани во странска валута на денот на известувањето се превреднуваат во денари според курсот важечки на денот на билансот на состојба. Немонетарните ставки кои се евидентирани по историска набавна вредност, деноминирана во странска валута, треба да се курсираат користејќи го девизниот курс на денот на трансакцијата. Немонетарните средства и обврски кои се евидентираат по објективна вредност, искажани во странска валута на денот на известувањето се превреднуваат во денари според курсот важечки на денот на определување на објективната вредност. Курсните разлики кои произлегуваат од преведувањето на износите во странска валута се вклучени во Билансот на успех во периодот кога тие настануваат.

Девизните средства со кои што работи Банката се претежно евра (ЕУР) и американски долари (УСД). Официјалниот курс по кој се превреднувани девизните средства и обврски важечки на 31 декември 2025 и 2024 година беа како што следи:

| | 2025<br>МКД | 2024<br>МКД |
|---|---|---|
| 1 ЕУР | 61.4950 | 61.4950 |
| 1 УСД | 52.3050 | 58.8807 |

(б) Камата

Приходот од камата и расходот за камата се признаваат во билансот на успех според методот на ефективна камата. Ефективната каматна стапка е стапката која точно ги дисконтира очекуваните идни парични плаќања и приливи во текот на очекуваниот век на финансиското средство или обврска (или каде што е соодветно, пократок период) на сегашната вредност на финансиското средство или обврска. Ефективната каматна стапка се утврдува при иницијалното признавање на средството или обврската и не се менува последователно.

Пресметката на ефективната каматна стапка ги вклучува сите надоместоци платени или примени, трансакциски трошоци, дисконти или премии кои се составен дел на ефективната каматна стапка. Трансакциски трошоци се инкрементални трошоци кои директно можат да се припишат на стекнувањето, издавањето или отуѓувањето на финансиското средство или обврска.

Приходите и расходите од камати прикажани во билансот на успех вклучуваат:
•камати од финансиски средства и обврски по амортизирана набавна вредност со користење на методот на ефективна камата;
•камата од вложувања расположиви-за-продажба со користење на методот на ефективна камата.

(в) Провизии и надомести

Приходите и расходите од надомести и провизии кои се составен дел од ефективната каматна стапка на финансиските средства и обврски се вклучени во пресметката на ефективната каматна стапка.
Останатите приходи од надомести и провизии, вклучувајќи ги финансиските услуги од страна на Банката во поглед на менувачко работење, платниот промет во земјата и странство, гаранциите, акредитивите и останатите услуги се признаваат кога соодветната услуга ќе се изврши.
Останатите расходи од надомести и провизии се однесуваат на финансиски услуги што ги добива Банката и се признаваат како расход кога соодветната услуга ќе се добие.

(г) Приходи од дивиденди

Приходите од дивиденди се признаваат кога ќе биде утврдено правото да се прими плаќањето. Дивидендите се прикажани како дел од нето приходите од тргување или како останати приходи од дејноста во зависност од соодветната класификација на инструментот.

(д) Расходи од наеми

Плаќањата по основ на оперативен наем се признаваат во билансот на успех по пропорционална метода во времетраењето на закупот. Стимулансите за наеми се признаваат како составен дел од вкупните трошоци за наеми, за времетраење на договорот за наем.

(ѓ) Даноци

Обврската на Банката за тековен данок е пресметана врз основа на важечка даночна регулатива и со употреба на пропишаните даночни стапки кои важат на датумот на билансот на состојба.

Тековниот даночен расход, по стапка од 10%, се пресметува на добивката за периодот која се утврдува како разлика помеѓу вкупните приходи и вкупните расходи, зголемена за непризнаените расходи за даночни цели, корегирани за даночниот кредит и за помалку искажаните приходи. Даночната основа се намалува за износот на приходите од дивиденди остварени со учество во капиталот на друг обврзник - резидент на Република Северна Македонија, под услов да се оданочени кај обврзникот кој врши исплата на дивиденда. Даночните обврзници кои ќе вршат исплати на акумулираните добивки остварени во периодот од 2009 до 2013 година за дивиденди и други распределби од добивката имаат обврска да пресметаат и платат данок на добивка.

Одложениот данок се признава на разликите помеѓу сметководствената вредност на средствата и обврските во финансиските извештаи и нивната соодветна даночна основа употребена при пресметка на оданочивата добивка и се евидентира со примена на методот на обврска. Одложените даночни средства се признаваат за сите оданочиви временски разлики, а одложено даночно средство се признава за сите одбитни временски разлики и тоа во обем во кој што постои веројаност дека ќе постои доволно идна даночни добивка во однос на која ќе може да се искористат временските разлики како одбитна ставка.

Даноци (продолжува)

Одложените даночни средства и обврски се мерат според даночните стапки кои се очекува да се применат во периодот во кој обврските се исплатени или средствата се реализирани, а произлегуваат од пропишаните даночни стапки (и закони за даноци) коитo важат на датумот на билансот на состојба.
Со состојба на 31 декември 2025 и 2024 година, Банката нема евидентирано одложени даночни средства или обврски, бидејќи не постојат времени разлики на овие датуми.

(е) Финансиски средства и обврски

(i) Признавање

Редовните набавки и продажби на финансиски средства и обврски се признаваат на датумот на тргување на кој што Банката се обврзала да го купи или продаде средството. Сите останати финансиски средства и обврски почетно се признаваат на датумот на тргување на кој што Банката станува странка на договорните одредби на инструментот.
Финансиско средство или обврска почетно се мери според објективната вредност плус (за ставки кои не се мерат по објективна вредност преку билансот на успех) трошоците за трансакција кои се директно поврзани со набавка или издавање на финансиско средство или обврска.

(ii) Класификација

Види сметководствени политики 1 (ж), (з), (ѕ) и (њ).

(iii) Депризнавање

Банката го депризнава финансиското средство кога договорните права од договорот за паричните текови од средството истекуваат, или кога ги пренесува правата за добивање на договорните парични текови од средството во трансакција во која сите ризици и награди од сопственоста на финансиското средство се пренесени на друг. Секој остаток од пренесените финансиски средства кои се креирани или задржани од Банката се признава како посебно средство или обврска.
Банката ги депризнава финансиските обврски, кога нејзините договорни обврски се подмирени, откажани или истечени.

(iv) Нетирање

Финансиските средства и обврски се нетираат и нето износот се прикажува во билансот на состојбата само кога Банката има законско право да ги нетира признаените износи и има намера да ги порамни трансакциите на нето основа или да ги реализира плаќањата истовремено.
Приходите и расходите се пребиваат само доколку тоа е дозволено со сметководствените стандарди, или за добивки и загуби кои што произлегуваат од групи на слични трансакции, како што се активностите на Банката за тргување.

(е) Финансиски средства и обврски (продолжува)

(v) Принцип на мерење според амортизирана набавна вредност

Амортизираната набавна вредност на финансиско средство или обврска е износот според кој што финансиското средство или обврска се мери при почетното признавање, намален за отплатите на главницата, плус или минус акумулираната амортизација со употреба на методот на ефективна каматна стапка на било која разлика помеѓу почетно признаениот износ и износот при доспевањето, намален за евентуалните загуби поради оштетување.

(vi) Принцип на мерење според објективна вредност

Мерењето по објективна вредност претпоставува дека средството или обврската се разменуваат помеѓу пазарните учесници, во вообичаена трансакција, според тековните пазарни услови на датумот на мерење. Објективната вредност се утврдува на различни начини, во зависност од тоа дали со средството или обврската се тргува на активен пазар или не се тргува.

Активен пазар: Објавена цена

Активен пазар е пазарот на кој се вршат трансакции со средството или обврската со доволна фреквенција и обем, за да обезбедат ценовна информација за средството или обврската.
Соодветна котирана пазарна цена за средството или обврската е онаа што е во рамките на распонот помеѓу куповната и продажната цена, а која што најдобро ја претставува објективната вредност во соодветните услови. Вообичаено се употребува тековната: куповна цена за средството коешто се чува или за обврската која што треба да се издаде, односно продажна/понудена цена за средството кое што ќе биде стекнато или за обврската која што се чува: просечната пазарна цена или друга цена согласно со вообичаената прифатена пазарна практика.

Непостоење на активен пазар: Техники за вреднување

Доколку не постои активен пазар за финансиското средство или обврска, Банката, за да ја одреди објективната вредност на средството или обврската, применува техники на вреднување за коишто има најмногу расположливи податоци, давајќи им предност на податоците коишто можат да се потврдат на пазарот.

Вообичаени техники на вреднување се: пазарен пристап (се користат котирани цени или други релевантни информации од пазарни трансакции со исти или слични средства или обврски), трошочен пристап (познат и како тековен трошок на замена, го претставува износот којшто би бил потребен за замена на постојното средство) и приходен пристап (дисконтирана вредност на тековните пазарни очекувања за идните износи (парични приливи или приходи и расходи) од средството или обврската).

При примената на техники на вреднување, Банката:
- користи информации за постигнатите цени на скорешни (од последните 6 месеци), нормални, комерцијални трансакции за истиот финансиски инструмент помеѓу запознаени, доброволни странки (ако се достапни);

Финансиски средства и обврски (продолжува)

Принцип на мерење според објективна вредност (продолжува)

- ако нема информација за постигнатите цени од скорешните трансакции за истиот финансиски инструмент, тогаш за утврдување на објективната вредност треба да се примени тековната пазарна цена на друг инструмент, кој е во суштина ист (во смисла на тоа дека е со иста валута и со ист или сличен рок на достасување);

- ако не може да се добие информација за објективната вредност на финансискиот инструмент од пазарите, тогаш за одредување на објективната вредност на финансискиот инструмент се употребуваат податоци коишто не можат да се потврдат на пазарите.

Банката може да ја смени или да направи промена на техниката за вреднување на финансискиот инструмент, ако таквата промена е поради развој на нови пазари, достапност на нови информации, промена на пазарните услови или подобрување на техниката за вреднување и ако дава посоодветна објективна вредност на финансискиот инструмент.
Анализата на дисконтираните парични текови е важна и често применувана техника за определување на објективната вредност на многу средства и обврски.
Еден од најважните фактори при примената на оваа техника е определување на соодветна дисконтна стапка.
Дисконтната стапка треба да ги опфати неизвесностите и ризиците од проценката на паричните текови што се поврзани со одредено средство или обврска, како и променливоста на тие ризици и неизвесности.

Соодветната дисконтна стапка може да се определи на следниот начин:
- стапка врз основа на тековниот пазарен принос на инструментот или на инструмент со слични карактеристики;
- повикување на стапка ослободена од ризик, коригирана за соодветниот ризик на средството. При определувањето на дисконтната стапка и двата фактора треба да се земат предвид поодделно. Каматната стапка што е ослободена од ризик, нормално се темели врз државни обврзници со споредливи карактеристики (валута и достасување) на средствата или обврските за кои дисконтната стапка ќе се применува. Премијата за ризикот на средството е еднаква на износот којшто пазарните учесници би го побарале како надомест за неизвесноста на идните парични текови од средството.

Доколку објективната вредност на сопственичките инструменти кои немаат тргувана цена на активен пазар и дериватививите што се поврзани со нив и кои мора да се подмират со испорака на некотирани сопственички инструменти не може реално да се измери, тие инструменти треба да се мерат по нивната набавна вредност.

Непостоење на активен пазар: Сопственички инструменти

Објективната вредност на сопственичките инструменти кои немаат тргувана цена на активен пазар и дериватите што се поврзани со нив и коишто мора да се намират со испорака на вакви некотирани сопственички инструменти треба да се утврди со примена на метод кој најдобро ја одразува објективната вредност на сопственичкиот инструмент.

Финансиски средства и обврски (продолжува)

Принцип на мерење според објективна вредност (продолжува)

За вложувањата на банките во опственички инструменти на одредени специфични институции (како КИБС, ЦДХВ и сл.), за кои што нема активен пазар и чиешто поседување е утврдено со закон и/или е поврзано со можноста за користење на услугите коишто ги вршат овие институции, може да се смета дека нивната набавна вредност ја одразува нивната објективна вредност. Банките ќе ги класифицираат овие вложувања како финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка.

(vii) Загуби поради оштетување

Банката, на месечна основа, проценува дали постојат објективни докази за оштетување на финансиските средства кои не се мерат според објективна вредност преку билансот на успех или на група финансиски средства. Финансиските средства се оштетени кога објективни докази покажуваат дека оштетувањето настанало по почетното признавање на средството, и истото има влијание на идните парични текови кои можат веродостојно да се проценат.
Банката издвојува загуби поради оштетување согласно Одлуката на НБРСМ за методологијата за управување со кредитниот ризик (Службен весник бр 57/23 и 27/24).

Банката анализира докази за оштетување за кредитите и побарувањата и хартиите од вредност на поединечна основа.

Финансиското средство е оштетено доколку неговата сметководствена вредност е поголема од неговиот проценет надоместлив износ. Доколку постои каков било доказ за тоа, Банката треба да го процени надоместливиот износ на тоа средство или на групата средства и да признае исправка на вредноста (загуба поради оштетување). Објективен доказ дека финансиските средства (вклучувајќи ги и сопственичките хартии од вредност) се оштетени може да вклучува доцнење или неисполнување на обврските на должникот, реструктуирање на кредитот од страна на Банката според услови кои Банката инаку не ги одобрува, индикации дека должникот или издавачот на хартиите од вредност банкротирал, исчезнување на активен пазар за хартиите од вредност, или други воочливи информации за група на средства како што се негативни промени во платежниот статус на должникот или издавачот на хартиите од вредност во групата, или економски услови кои соодветствуваат со неисполнување на обврските на групата.

Загуба поради оштетување на средствата евидентирани по амортизирана набавна вредност се мери како разлика помеѓу сметководствената вредност на финансиските средства и сегашната вредност на очекуваните парични текови, дисконтирани со оригиналната ефективна каматна стапка на средствата.

Загубите поради оштетување се признаваат во Билансот на успех и се рефлектирани во сметката за исправка на вредноста за кредити и аванси. Каматата на оштетените средства продолжува да се признава преку амортизација на дисконтот. Доколку во наредниот период износот на загубата поради оштетување се намали, загубата се анулира низ билансот на успехот.
Загубите поради оштетување на вложувањата расположливи-за-продажба, како разлика помеѓу набавната вредност и објективната вредност, се признаваат во билансот на успех. Промените во посебната резерва како резултат на временската вредност на парите се признаваат како компонента на приходи од камата.

**Финансиски средства и обврски (продолжува)**

**Загуби поради оштетување (продолжува)**

Доколку во последователен период, објективната вредност на оштетени расположливи-за-продажба должнички инструмети се зголеми и зголемувањето може да биде објективно поврзано со настан кој се случил откако загубата поради оштетување била признаена во билансот на успех, загубата се анулира низ билансот на успех.

Сепак, секое последователно зголемување на објективната вредност на оштетени расположливи-за-продажба сопственички хартии од вредност, не се анулира низ билансот на успех, туку се признава како останата сеопфатна добивка.

Банката треба на редовна основа, да проценува и да признава исправка на вредност/оштетување на очекуваните кредитни загуби на финансиските средства кои се мерат по амортизирана набавна вредност и на должничките финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка. Банката треба да проценува и признава очекувани кредитни загуби и за вонбилансна кредитна изложеност и на побарувања врз основа на договори за наем, побарувања од купувачи и останати побарувања коишто се дел од изложеноста на кредитен ризик, дефинирани во Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик.

Начинот на вршење и утврдување на исправката на вредност и посебна резерва на активните билансни и потенцијалните вонбилансни изложености на банката, подетално е регулирано во Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик од НБРСМ.

При утврдувањето на очекуваните загуби, изложеноста на кредитен ризик се класифицира во една од следните три групи на кредитен ризик:

Група 1

-сите финансиски средства при почетното признавање (освен оние кои се купени со експлицитно очекувани кредитни загуби),
-финансиски средства со низок кредитен ризик,
-финансиски средства кои немаат значително влошување на кредитната способност по почетното признавање
Загубите поради оштетување се еднакви на очекуваните загуби за целиот животен век на средството пондерирани со веројатноста дека одреден штетен настан ќе се случи во текот на следните 12 месеци.

Група 2

-финансиски средства кај кои настанало значително влошување на кредитната способност по почетното признавање, но се уште нема објективни докази за оштетување (трансферирани од група 1), и
-финансиски средства кои се купени или издадени со експлицитни очекувани кредитни загуби

Загубите поради оштетување се еднакви на очекуваните загуби за целиот животен век на средството.

**Загуби поради оштетување (продолжува)**

Група 3

- финансиски средства за кои има објективни докази за оштетување, и
- финансиски средства кои се купени или издадени со експлицитни очекувани кредитни загуби

Загубите поради оштетување се еднакви на очекуваните загуби за целиот животен век на средството. За вложувањата во сопственички инструменти исправка на вредноста не се пресметува.

(ж) Парични средства и парични еквиваленти

Паричните средства и паричните еквиваленти ги вклучуваат паричните средства во благајна, депозити по видување во банки, депозити чувани во Народна Банка на Република Северна Македонија, како и високоликвидните финансиски средства со оригинален рок на достасаност од три или помал од три месеци, кои се предмет на незначителен ризик од промена во нивната објективна вредност, и кои се користат од Банката во управување со нејзините краткорочни обврски.
Паричните средства и паричните еквиваленти се евидентираат по амортизирана набавна вредност во билансот на состојба.

(з) Кредити и побарувања

Кредити и побарувања се недеривативни финансиски средства, кои го исполнуваат условот на СППИ.

Кредитите и побарувањата почетно се признаваат по објективна вредност плус инкременталните директни трошоци, а последователно се мерат по амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна камата.

(ѕ) Вложувања

Вложувањата почетно се мерат според објективната вредност плус, во случај на вложувања кои не се мерат според објективна вредност преку билансот на успех, инкременталните директни трансакциски трошоци и последователно се мерат во зависност од нивната класификација, или како чувани-до-достасаност или како расположливи-за-продажба.

(i) Вложувања чувани-до-достасување

Вложувањата чувани-до-достасување се недеривативни средства со фиксни или одредени периоди на отплата и со фиксен период на достасаност кои Банката има позитивна намера и можност да ги чува до периодот на достасување, и кои не се одредени според објективна вредност преку биланост на успех или како расположливи-за-продажба.

(i) Вложувања чувани-до-достасување (продолжува)

Вложувањата чувани-до-достасување се мерат по амортизирана набавна вредност, со употреба на методот на ефективна камата. Доколку Банката купи должнички хартии од вредност, коишто ги класифицира како чувани до достасување, со дисконт или со премија, износот на добиениот дисконт или премија ќе ги евидентира на сметките за дисконт, односно премија во рамките на соодветната група на сметки за вложувања во должнички хартии од вредност коишто се чуваат до достасување.

(s) Вложувања (продолжува)

Останатите провизии и надомести коишто се составен дел од ефективната каматна стапка, како и трансакциските трошоци што се директно поврзани со трансакцијата, се евидентираат на сметките за акумулирана амортизација во рамките на соодветната група на сметки за вложувања во должнички хартии од вредност коишто се чуваат до достасување.

(ii) Вложувања расположливи-за-продажба

Вложувања расположливи-за-продажба се недеривативни средства кои се определени како расположливи-за-продажба или кои не се класификувани во некоја друга категорија на финансиско средство. Финансиските средства коишто немаат котирана пазарна цена и чијашто објективна вредност не може веродостојно да се измери, се евидентираат по набавна вредност намалена за загубите поради оштетување. Сите останати вложувања расположливи-за-продажба се прикажуваат според нивната објективна вредност.

Приходот од камата се признава во билансот на успех со употреба на методот на ефективна камата. Приходот од дивиденда се признава кога на Банката ќе и биде утврдено правото на дивиденда. Добивките или загубите од курсни разлики на должничките инструменти расположливи-за-продажба се признаваат во билансот на успех.
Останатите промени во објективната вредност се евидентираат директно во останатата сеопфатна добивка се додека вложувањата не се продадат или оштетат, при што кумулативните добивки или загуби од останатата сеопфатна добивка се признаваат во билансот на успех.

Финансиски средства расположливи за продажба се оние средства кои Банката ги држи со цел наплата на договорните парични текови и/или за продажба; и кои согласно со договорните услови на средството го исполнуваат условот на СППИ (Банката очекува парични текови на одредени датуми "единствено врз основа на отплата на главница и камата").

Согласно методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствени ставки и за подготовка на финансиските извештаи, која е во примена од 01.01.2018 година, финансиските средства се класификуваат во една од следните категории:

- Финансиски средства кои се мерат по амортизирана набавна вредност. ;
- Финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка; и
- Финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку Билансот на успех.

(s) Вложувања (продолжува)

Класификацијата на финансиските средства се врши при нивното почетно признавање врз основа на:

- Деловниот модел на Банката за управување со финансиските средства;
- Карактеристиките на договорните парични текови на финансиското средство.

Во категоријата на финансиски средства кои се мерат по амортизирана набавна вредност, Банката ги класифицира финансиските средства кои ги исполнуваат следните критериуми:

- Банката ги управува финансиките средства со цел наплата на договорните парични текови; и
- Согласно со договорните услови на средството, исполнет е условот на “единствено отплати на главница и камата”-СППИ.

Банката во оваа категорија на финансиски средства ќе ги класифицира и паричните средства, побарувањата од купувачи, побарувањата за наем, побарувањата за провизии и надоместоци и сите други финансиски средства коишто претставуваат изложеност на кредитен ризик согласно со Одлуката за управување со кредитниот ризик, а за кои условот на СППИ е неприменлив. За овие средства не е потребно исполнување на условот на СППИ.

Во категоријата на финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка, Банката ги класифицира финансиските средства кои ги исполнуваат следните критериуми:

- Банката го управува финансикото средства со цел наплата на договорните парични текови и/или за продажба: и
- Согласно со договорните услови на средството, исполнет е условот на “единствено отплати на главница и камата”-СППИ.

Во категоријата на **финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку Билансот на успех**, Банката ги класифицира финансиските средства кои ги управува со цел тргување и остварување добивка од промените во објективната вредност на средството. Ова е и резидуална категорија, односно Банката во оваа категорија ги класификува и сите финансиски средства коишто не ги исполнуваат критериумите на останатите две категории.

Оценката на деловниот модел на Банката се врши на ниво на деловен процес, а не по одделен инструмент. Банката може да има повеќе деловни процеси за управување со финансиските инструменти. Банката може да го користи и управува одделен вид на финансиски инструмент на различни начини, така што еден вид финансиски инструмент може да се појави во различни деловни процеси на Банката за управување со финансиски инструменти. Оценката на деловниот модел ја врши клучното раководство на Банката, при што ги зема предвид сите релевантни и расположливи податоци за начинот на управување со финансиските инструменти, особено: како се следат успешноста/остварувањата на деловниот модел и како се известува до клучното раководство на Банката; кои се ризиците коишто влијаат на остварувањето на тој деловен модел и како се управува со тие ризици; врз основа на што се темелат наградите на раководството на Банката и сл.

(ѕ) Вложувања (продолжува)

Сопственичките финансиски средства се класифицираат и се мерат по објективна вредност (немаат договорни парични текови врз основа на главница и камата, односно не го исполнуваат условот на СППИ). Сопственичките инструменти коишто Банката ги чува за тргување, ќе се мерат по објективна вредност и сите промени во објективната вредност ќе се евидентираат во Билансот на успех. За сопственичките инструменти со кои не се тргува, промените во објективната вредност (реализирани и нереализирани/пресметани), Банката ќе ги евидентира во ревалоризациски резерви во рамки на останата сеопфатна добивка. Понатаму износите од ревалоризациска резерва може само да се прекласификуваат во друга категорија на резерви, но никогаш не може да се признаат во Билансот на успех. Одлуката за класификација на сопственичките инструменти се носи на поединечен инструмент, само при почетното признавање на инструментот и потоа не е дозволена прекласификација.

**Прекласификација на должнички финансиски средства** од една во друга категорија е можна само доколку дојде до промена на деловниот модел на Банката за управување со тие средства. Прекласификациите треба да претставуваат ретки случаи и треба да се направат кога промената на деловниот модел има значајно влијание на деловните операции на банката, промената е поради промена на надворешни или внатрешни фактори кои имаат значајно влијание на активностите на банката и сл. Одлуката за промена на деловниот модел треба да е донесена од раководството на Банката. Доколку настане промена на деловниот модел, Банката ќе мора да ги прекласификува сите финансиски средства од едната во другата категорија, во кој случај прекласификуваните средства продолжуваат да се мерат соодветно со принципите на новата категорија од тој датум проспективно, односно не се прави корекција на сите дотогаш признаени добивки или загуби.

**Прекласификација на сопственички финансиски средства** од една во друга категорија не е дозволена.

(и) Вложувања во подружници

Подружница е правно лице, контролирано од друго правно лице- банка, позната како матично друштво-матична банка.
Вложувањата во подружници во финансиските извештаи на Банката се евидентираат според набавна вредност намалена за загуби поради оштетување, доколку постојат.

(j) Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања

Преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања се признаваат по законски извршена постапка за преземање односно откако е стекната правна основа за запишување на сопственоста. Преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања се признаваат по пониската од набавната и проценетата вредност намалена за очекуваните трошоци за продажба. Истовремено со признавањето на преземеното средство, побарувањето се депризнава од билансот на состојба.
Од 1 јануари 2012 година, загубата за оштетување за затечените преземени средства е еднаква најмалку на поголемиот износ од:

-разликата помеѓу проценетата вредност намалена за трошоците за продажба и почетната сметководствена вредност, намалена за вкупниот износ на загуба за оштетување и

(ј) Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања (продолжува)

-20% од почетната сметководствена вредност намалена за вкупниот износ на загуба за оштетување.

Согласно Одлуката за сметководствениот и регулаторниот третман на преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања од 28 март 2013 година (Службен весник на РМ бр. 50/13, 26/17), Банката е должна на датумот на преземање на средството, во билансот на состојба да прикаже оштетување од најмалку 20% од почетната сметководствена вредност на преземеното средство.

Доколку износот на затворената исправка на вредност е поголем од 20% од почетната сметководствена вредност на преземеното средство, Банката е должна да ја признае оваа разлика како ревалоризациска резерва на датумот на преземање на средството. Ревалоризациската резерва е дел од дополнителниот капитал на Банката и може да се исклучи од дополнителниот капитал доколку бидат исполнети условите определени во Одлуката за методологија за утврдување на адекватност на капиталот.

Најмалку еднаш во период од дванаесет месеци, Банката е должна да ја утврди проценетата вредност на преземеното средство и во билансот на успех да признае загуба за оштетување еднаква најмалку на поголемиот износ од:

- негативната разлика помегу проценетата вредност и нето вредноста на преземеното средство и
-20% од нето вредноста на преземеното средство.

Во периодот помеѓу две проценки на пазарната вредност на преземеното средство, Банката ќе признае дополнителен износ на загуба за оштетување во билансот на успех еднаков на негативната разлика помеѓу нето-вредноста и износот на објавената намалена продажна цена на преземеното средство.

Доколку Банката не успее да ги продаде средствата преземени до 1 јануари 2010 година најдоцна до 1 јануари 2017 година, должна е на 1 јануари 2017 година да ја сведе нивната нето-вредност на нула.

За средствата преземени во периодот од 1 јануари 2010 година до влегувањето во сила на оваа Одлука, Банката е должна да го направи првото признавање на загуба поради оштетување најдоцна до 1 јануари 2014 година, а доколку истите не успее да ги продаде најдоцна до 1 јануари 2018 година должна е на тој датум да ја сведе нивната нето-вредност на нула.

Доколку Банката не успее да го продаде преземеното средство во рокот од 5 години, должна е на крајот на петтата година да ја сведе вредноста на затеченото преземено средство на нула.

Преземените средства се депризнаваат при продажба на средството или кога средството трајно ќе се повлече од употреба. Реализираниот вишок при продажба на средството се признава во билансот на успех на датумот на продажба.

(к) Недвижности и опрема

(i) Признавање и мерење

Недвижностите и опремата се искажани според набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и евентуалните акумулирани загуби поради оштетување. Набавната вредност ги вклучува трошоците кои што се директно поврзани со стекнувањето на средството. Набавениот софтвер кој е неопходен за функционирање на соодветната опрема се признава како дел од таа опрема.
Кога делови од ставките од недвижности и опрема имаат различен корисен век, тие се евидентираат како одделни ставки (главни компоненти) на недвижностите и опремата.

(ii) Последователни издатоци

Издатоците направени за замена на дел од недвижностите и опремата се додаваат на сметководствената вредност на средството кога е веројатно дека ќе има идни економски користи за Банката и трошоците на истиот може да се измерат веродостојно. Сметководствената вредност на заменетиот дел се депризнава. Трошоците за тековно одржување на недвижностите и опремата се признаваат во билансот на успех како трошоци во моментот на нивното настанување.

(iii) Амортизација

Амортизацијата се признава во билансот на успех по пропорционална метода во текот на проценетиот корисен век на секој дел од недвижностите и опремата. Не се пресметува амортизација на земјиште и недвижности и опремата во подготовка. Годишните стапки на амортизација, според нивниот проценет век на траење, за тековниот и претходниот период се како што следи:

| | % | % |
|---|---|---|
| | 2025 | 2024 |
| Градежни објекти | 2.5 | 2.5 |
| Опрема | 10-25 | 10-25 |
| Транспортни средства | 14.3 | 14.3 |

Методот на амортизација, проценетиот корисен век и резидуалната вредност се преоценуваат на секоја дата на известување и се корегираат доколку е соодветно.

(л) Нематеријални средства

(i) Признавање и мерење

Нематеријалните средства набавени од Банката се искажани според набавната вредност намалена за акумулираната амортизација и евентуалните акумулирани загуби поради оштетување.

(ii) Последователни издатоци

Последователните издатоци за нематеријалните средства се капитализираат само кога ја зголемуваат идната економска корист вклучена во специфично средство на кое се однесуваат. Сите останати издатоци се признаваат во билансот на успех како трошоци во моментот на нивното настанување.

(к) Недвижности и опрема (продолжува)

(iii) Амортизација

Амортизацијата се признава во билансот на успех по пропорционална метода во текот на нивниот проценет корисен век на траење. Нематеријалните средства во подготовка не се аморизираат. Годишните стапки на амортизација, според нивниот проценет век на траење, за тековниот и претходниот период се како што следи:

(л) Нематеријални средства

| | % 2025 | % 2024 |
|---|---|---|
| Софтвер | 10 | 10 |
| Права и лиценци | 10 | 10 |

(љ) Средства земени под наем – наемател

Наеми со кои се пренесуваат суштински сите ризици и награди својствени за сопственоста на изнајменото средство се класифицирани како финансиски наеми. При отпочнување на наемот, финансискиот наем се евидентира по понискиот износ помеѓу објективната вредност и сегашната вредност на минималните плаќања за наемот. Последователно, средството се евидентира во согласност со сметководствената политика на Банката за тоа средство. Останатите наеми се оперативни наеми и, освен за изнајмените средства, средствата земени под наем не се признаваат во билансот на состојба на Банката.

Почнувајќи од 01 јануари 2025 година, Банката зема недвижности под наем по основ на оперативен наем и за истите во своите книги евидентира средства со право на користење и обврски за наем.

Средствата со право на користење почетно се признаваат по нивната набавна вредност на датумот на започнување на важност на договорот за наем, којашто е еднаква на почетната вредност на обврските за наем, зголемена за плаќањата за наем направени пред или на денот на започнување на важност на договорот за наем и било какви директно зависни трошоци на договорот за наем. Последователно, средствата со право на користење се мерат според почетната сметководствена вредност, намалена за акумулираната амортизација и оштетување и се прилагодуваат за одредени усогласувања на обврската за наем. Средствата се амортизираат според вообичаената политика за амортизација, применета за другите недвижности и опрема и амортизацијата се признава како трошок во билансот на успех. Средството со право на користење се амортизира за пократкиот период од времетраењето на наемот и од корисниот век на употреба на средството.

Обврската за наем се признава на датумот на започнување на наемот, во износ на сегашната вредност на плаќањата за наемот, дисконтирани со користење на договорната стапка на наемот. Доколку таа не е утврдена во договорот, се употребува инкрементална стапка којашто се определува врз основа на каматната стапка на годишно ниво по којашто банката би можела да се задолжи за период приближно еднаков на договорениот период на наемот. Последователно, обврската за наем се мери по амортизирана набавна вредност со примена на ефективна каматна стапка, односно се зголемува за трошоците за камата на наемот, се намалува за извршените исплати на обврската за наем и се прилагодува при повторна проценка на износот што се очекува да се плати или при промена на идните плаќања на наемот. Расходот за камата на обврската за наем се распределува и се признава во билансот на успех за периодот на времетраење на наемот.

Банката може да избере да не ги евидентира во билансот на состојба средствата под наем како средства со право на користење, ниту да евидентира обврска за наем, доколку е исполнет барем еден од критериумите:

договорот за наем е краткорочен, односно на датумот на започнување, има период на наем од 12 месеци или помалку,

средството под наем е со мала вредност, вообичаено под 300,000 денари, земајќи ја во предвид вредноста на средството под наем како ново средство, без разлика на неговата старост на датумот на земање под наем.

Доколку банката одлучи да ги користи овие исклучоци, ќе ги признава плаќањата за наем како расход во билансот на успех за времетраењето на наемот.

(м) Загуби поради оштетување на нефинансиските средства

Сметководствените вредности на нефинансиските средства на Банката се разгледуваат на секој датум на изготвување на билансот на состојба со цел да се определи дали постојат објективни докази за оштетување. Ако постои ваква индикација, се проценува износот на средството кој би бил наплатлив.

Загуба поради оштетување се признава доколку сметководствената вредност на дадено средство или неговата единицата која генерира пари го надминува неговиот надоместлив износ. Единицата која генерира пари е најмалата група на средства која може да се идентификува како таква која генерира парични приливи од континуирана употреба коишто во голем степен се независни од парични приливи од други средства или групи на средства. Загубите поради оштетување се признаваат во билансот на успех. Загубите поради оштетување признаени во однос на единиците кои генерираат пари се распределуваат на средствата на единиците (група на единици) на пропорционална основа.

Надоместливиот износ на дадено средство или на единицата која генерира пари претставува повисокиот износ од неговата објективна вредност намалена за трошоците за продажба на средството и неговата употребна вредност. При проценката на употребната вредност, проценетите идни парични текови се дисконтираат до нивната сегашна вредност со употреба на дисконтна стапка пред оданочување која ги одразува тековните пазарни проценки на временската вредност на парите и ризиците специфични за средството.

(м) Загуби поради оштетување на нефинансиските средства (продолжува)

Загубата поради оштетување признаена во минатите периоди се проценува на секоја дата на известување заради утврдување на индикации дека загубата е намалена или можеби веќе не постои. Загубата поради оштетување се анулира доколку постои промена во проценките користени за утврдување на надоместливиот износ. Загубата поради оштетување се анулира само до износот до кој сметководствената вредност на средството не ја надминува сметководствената вредност која би била определена, нето од амортизацијата, кога не би била признаена загуба поради оштетување.

(н) Депозити, обврски по кредити и останати обврски

Депозитите, обврските по кредити и останатите обврски се извори на финансирање на Банката.

Банката ги класификува инструментите на капиталот како финансиски обврски или сопственички инструменти во согласност со природата на договорените услови на инструментот.

Депозитите, обврските по кредити и останатите обврски почетно се искажуваат по објективна вредност, намалена за трансакциските трошоци и последователно се мерат по амортизирана набавна вредност, со употреба на методот на ефективна камата, освен онаму каде Банката одбира да ги евидентира обврските според објективната вредност преку билансот на успех.

(њ) Резервирања

Резервирање се признава кога Банката како резултат на минат настан има сегашна законска или изведена обврска која може веродостојно да се измери и е веројатно дека ќе има одлив за подмирување на обврската. Резервирањата се утврдуваат со дисконтирање на очекуваните идни парични текови користејќи дисконтна стапка пред оданочување која ги одразува тековните пазарни проценки на временската вредност на парите и каде што е потребно, ризиците, специфични за обврската.

Резервирање за неповолни договори се признава кога очекуваните користи од договорот за Банката се помали од неизбежните трошоци за исполнување на обврските според договорот. Резервирањето се утврдува по пониската вредност од сегашната вредност на очекуваните трошоци за откажување на договорот и сегашната вредност на очекуваните нето трошоци за продолжување на договорот. Пред да се утврди резервација, Банката признава загуба поради оштетување на средствата поврзани со договорот.

(о) Користи за вработените

(i) Планови за дефинирани придонеси

Банката плаќа придонеси во пензиските фондови во согласност со барањата на локалната законска регулатива. Придонесите кои се утврдуваат врз основа на платата на вработените се уплаќаат во пензиските фондови, кои што се одговорни за исплата на пензиите.
Банката нема дополнителна обврска за плаќање по основ на овие планови. Обврските за уплата на придонеси се признаваат како расход во билансот на успех кога се пресметуваат.

(ii) Краткорочни користи за вработените

Краткорочните користи за вработените се мерат на недисконтирана основа и се признаваат кога соодветната услуга ќе се добие.

Банката признава обврска и расход за износот кој што се очекува да биде исплатен како бонус или како удел во добивката и доколку Банката има сегашна правна или изведена обврска да врши такви исплати како резултат на услуги дадени во минатиот период и доколку обврската може да се процени веродостојно.

(iii) Останати долгорочни користи за вработените

Согласно македонската законска регулатива Банката исплаќа две просечни плати на вработените во моментот на заминување во пензија и јубилејни награди согласно критериумите утврдени во Општиот колективен договор. Долгорочните
користи за вработените се дисконтираат за да се утврди нивната нето сегашна вредност. Банката нема дополнителна обврска за плаќање по овој основ.

(п) Капитал и резерви

(i) Обични акции

Обичните акции се класификувани како капитал. Инкременталните трошоци директно поврзани со издавање на инструменти на главнина се признаваат како намалување на почетното мерење на инструментот на главнина.

(ii) Резерви

Резервите, вклучувајќи ги останатите резерви и ревалоризациските резерви се создадени во текот на периодите по пат на распределба на акумулирани добивки врз основа на законската регулатива и одлуките на Собранието на акционери на Банката, промените во објективната вредност на финансиските средства расположливи за продажба и преземените средства. Банката има обврска да издвојува законски резерви во износ од 5% од добивката за годината, се додека износот на резервите не достигне износ кој е еднаков на една десетина од основачкиот капитал и истите се вклучени во останати резерви . Во согласност со законските одредби, резервите може да се користат за покривање на загубите од работење, за распределба на дивиденди по одлука донесена на Собранието на акционери на Банката.

(iii) Откуп на сопствени акции

Кога Банката откупува сопствени акции, износот на платениот надомест, вклучувајќи ги и директните зависни трошоци, се признаваат како намалување на акционерскиот капитал. Откупените акции се класифицираат како сопствени акции и претставуваат негативна ставка во вкупниот капитал. Кога сопствените акции последователно се продадени, добиениот износ се признава како зголемување во капиталот, и вишокот или кусокот од трансакцијата се пренесува на/од премија од акции.

(iv) Дивиденди

Дивидендите се признаваат како обврски во периодот кога се објавени.

(р) Заработка по акција

Банката презентира основна и разводнета заработка по акција за своите обични акции. Основната заработка по акција е пресметана со поделба на добивката или загубата расположлива на сопствениците на обични акции на Банката со пондерираниот просечен број на обични акции во периодот. Разводнетата заработка по акција е утврдена со корекција на добивката или загубата расположлива на сопствениците на обични акции и пондерираниот просечен број на обични акции за ефектите од сите разводнувачки потенцијални обични акции.

(с) Известување според сегменти

Сегментот претставува компонента на Банката што може да се разграничи и кој што е ангажиран или во обезбедување на производи или услуги (деловен сегмент), или во обезбедување на производи или услуги во одредени економски области (географски сегменти) и е подложен на ризици и награди различни од оние на другите сегменти. Банката примарно известува по деловни сегменти.

## 1.4 Употреба на оценки и проценки

Најзначајните области во кои се потребни оценки и расудувања се:

Посебна резерва за кредити и побарувања

Средствата евидентирани по амортизирана набавна вредност се проценуваат за загуби поради оштетување како што е објаснето во сметководствената политика 1(е)(vii).

Банката на месечна основа го анализира своето кредитно портфолио со цел да ја процени загубата поради оштетување. При одредување дали загубата поради оштетување треба да се признае во билансот на успех, Банката проценува дали постојат сознанија за намалување на проценетите идни парични текови од кредитното портфолио пред намалувањето да се идентификува на поединечни кредити во рамките на тоа портфолио. Овие докази може да вклучуваат сознанија дека се појавиле негативни промени во платежната способност на корисниците на кредити, или промени во националните или локалните економски услови кои се во корелација со неисполнувањето на обврските.

Раководството на Банката користи проценки кои се темелат на искуство од историски оштетувања на средствата со каректеристики на ризик и објективни докази слични на оние во портфолиото при одредување на нивните идни парични текови. Методологијата и претпоставките користени за проценка на износот и временскиот распоред на идните парични текови редовно се анализираат со цел да се избегнат било какви разлики помеѓу проценетите и настанатите загуби поради оштетување.

## 1.4 Употреба на оценки и проценки (продолжува)

### Исправка на вредност на вложувања во сопственички хартии од вредност расположиви-за-продажба

Банката утврдува дека вложувањата во сопственички хартии од вредност расположиви-за-продажба се оштетени доколку настанало значајно или пролонгирано намалување на објективната вредност под нивната набавна вредност. Определувањето на тоа што се смета за значајно или пролонгирано бара расудување. Во формирањето на ова расудување, Банката ги оценува покрај останатите фактори и нормалната променливост на цените на акциите. Исто така, загубата поради оштетување се смета за адекватна кога постојат индикации за влошување на финансиската состојба на компанијата во која што се инвестира, достигнувањата на индустријата или сектор, промените во технологијата и оперативните или финансиските парични текови.

### Определување на објективната вредност

За определувањето на објективната вредност на финансиските средства и обврски коишто немаат котирана пазарна цена и чијашто објективна вредност не може веродостојно да се измери, се користат техники за вреднување прикажани во сметководствената политика 1 (е)(vi). За финансиските инструменти со кои не се тргува често и за кои не постојат транспарентни цени, објективната вредност е помалку веродостојна, поради што има потреба од различни нивоа на расудувања, во зависност од ликвидноста, концентрацијата, несигурност на пазарните фактори, предвидените цени и останати ризици кои влијаат на дадениот инструмент.

### Оштетување кај нефинансиски средства

Загуби од оштетување се признаваат во износ за кој евидентираната вредност на средството или единицата што генерира готовина го надминува надоместливиот износ. При утврдување на надоместливиот износ, Раководството ги проценува очекуваните цени, готовинските текови од секоја единица што генерира готовина и утврдува соодветна каматна стапка при пресметка на сегашната вредност на тие готовински текови.

## 1.5 Значајни настани во тековниот период

При овогодишното идентификување на системски значајните банки, Народната банка во согласност со Законот за банките и регулативата за методологијата за идентификување системски значајни банки, УНИ Банка не ја идентификуваше како системски значајна банка почнувајќи од 11.2025 год.

Почнувајќи од 01.01.2025 година, стапи во сила Одлуката за изменување на Одлуката за Методологија за евидентирање и вреднување на сметководствени ставки и за подготовка на финансиски извештаи од НБРСМ, согласно која се изврши промена на сметководствениот третман на договорите за средствата кои Банката ги зема под наем во согласност со МСФИ 16.

## 1.5 Усогласеност со законската регулатива

Не постои неусогласеност со регулативата пропишана од НБРСМ во однос на солвентноста и адекватноста на капиталот, лимитите на изложеност на Банката, вложувањата на Банката, ликвидноста на Банката и отворената девизна позиција.

## 1.7. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски

***А Класификација на финансиските средства и финансиските обврски***

| | по објективна вредност | | по објективна вредност | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *во илјади денари* | за тргување | по објективна вредност при почетното признавање | должнички инструменти | сопственички инструменти | **по амортизирана набавна вредност** | **Вкупно** |
| **2025 (тековна година)** | | | | | | |
| ***Финансиски средства*** | | | | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | - | - | - | - | 6.338.402 | 6.338.402 |
| Средства за тргување | - | - | - | - | - | - |
| Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех, определени како такви при почетното признавање | - | - | - | - | - | - |
| Деривативни средства чувани за управување со ризик | - | - | - | - | - | - |
| Кредити на и побарувања од банки | - | - | - | - | - | - |
| Кредити на и побарувања од други комитенти | - | - | - | - | 20.841.632 | 20.841.632 |
| Вложувања во хартии од вредност | - | - | - | 13.106 | 3.301.976 | 3.315.082 |
| Останати побарувања | - | - | - | - | 233.904 | 233.904 |
| ***Вкупно финансиски средства*** | ***-*** | ***-*** | ***-*** | ***13.106*** | ***30.715.914*** | ***30.729.020*** |
| ***Финансиски обврски*** | | | | | | |
| Обврски за тргување | - | - | - | - | - | - |
| Финансиски обврски по објективна вредност преку билансот на успех, определени како такви при почетното признавање | - | - | - | - | - | - |
| *во илјади денари* | Матично друштво | Подружници | Придружени друштва | Раководен кадар на банката | Останати поврзани страни | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 31 декември 2025 (тековна година)** | | | | | | |
| **Средства** | | | | | | |
| Тековни сметки | | | | 0 | 65.345 | **65.345** |
| Средства за тргување | | | | 0 | 0 | **0** |
| Кредити и побарувања | | | | 127.796 | 91 | **127.887** |
| хипотекарни кредити | | | | 61.077 | 0 | **61.077** |
| потрошувањки кредити | | | | 33.119 | 0 | **33.119** |
| побарувања по финансиски лизинг | | | | 0 | 0 | **0** |
| побарувања по факторинг и форфетирање | | | | 0 | 0 | **0** |
| останати кредити и побарувања | | | | 33.600 | 91 | **33.692** |
| Влочувања во хартиите од вредност | | | | 0 | 183.339 | **183.339** |
| (Исправка на вредноста) | | | | -222 | -19 | **-241** |
| Останати средства | | | | 58 | 2.377 | **2.435** |
| **Вкупно** | **0** | **0** | **0** | **127.632** | **251.132** | **378.764** |
| | | | | | | |
| **Обврски** | | | | | | |
| Обврски за тргување | | | | 0 | 0 | **0** |
| Депозити | | | | 178.828 | 2.554.536 | **2.733.364** |
| Издадени хартии од вредност | | | | 0 | 0 | **0** |
| Обврски по кредити | | | | 0 | 0 | **0** |
| Субординирани обврски | | | | 0 | 0 | **0** |
| Останати обврски | | | | 2 | 10.950 | **10.953** |
| **Вкупно** | **0** | **0** | **0** | **178.830** | **2.565.486** | **2.744.316** |
| | | | | | | |
| **Потенцијални обврски** | | | | | | |
| Издадени гаранции | | | | 0 | 0 | **0** |
| Издадени акредитиви | | | | 0 | 0 | **0** |
| Останати потенцијални обврски | | | | 13.342 | 3.649 | **16.991** |
| (Посебна резерва) | | | | -23 | -5 | **-27** |
| **Вкупно** | **0** | **0** | **0** | **13.319** | **3.644** | **16.963** |
| | | | | | | |
| **Потенцијални средства** | | | | | | |
| Примени гаранции | | | | 0 | 1.845 | **1.845** |
| Останати потенцијални средства | | | | 0 | 0 | **0** |
| **Вкупно** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.845** | **1.845** |

| *Во илјади денари* | Матично друштво | Подружници | Придружени друштва | Раководен кадар на банката | Останати поврзани страни | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 31 декември 2024 (претходна година)** | | | | | | |
| **Средства** | | | | | | |
| Тековни сметки | | | | 0 | 217.829 | **217.829** |
| Средства за тргување | | | | 0 | 0 | **0** |
| Кредити и побарувања | | | | 84.763 | 115.218 | **199.982** |
| хипотекарни кредити | | | | 52.522 | 0 | **52.522** |
| потрошувачки кредити | | | | 29.241 | 0 | **29.241** |
| побарувања по финансиски лизинг | | | | 0 | 0 | **0** |
| побарувања по факторинг и форфетирање | | | | 0 | 0 | **0** |
| останати кредити и побарувања | | | | 3.000 | 115.218 | **118.219** |
| Вложувања во хартиите од вредност | | | | 0 | 81.078 | **81.078** |
| (Исправка на вредноста) | | | | -131 | -5.928 | **-6.058** |
| Останати средства | | | | 293 | 4.150 | **4.443** |
| **Вкупно** | **0** | **0** | **0** | **84.926** | **412.348** | **497.273** |
| | | | | | | |
| **Обврски** | | | | | | |
| Обврски за тргување | | | | 0 | 0 | **0** |
| Депозити | | | | 170.005 | 2.825.193 | **2.995.198** |
| Издадени хартии од вредност | | | | 0 | 0 | **0** |
| Обврски по кредити | | | | 0 | 0 | **0** |
| Субординирани обврски | | | | 0 | 0 | **0** |
| Останати обврски | | | | 2 | 10.065 | **10.067** |
| **Вкупно** | **0** | **0** | **0** | **170.007** | **2.835.258** | **3.005.265** |
| | | | | | | |
| **Потенцијални обврски** | | | | | | |
| Издадени гаранции | | | | 0 | 0 | **0** |
| Издадени акредитиви | | | | 0 | 0 | **0** |
| Останати потенцијални обврски | | | | 9.179 | 24.452 | **33.631** |
| (Посебна резерва) | | | | -14 | -1.067 | **-1.082** |
| **Вкупно** | **0** | **0** | **0** | **9.165** | **23.384** | **32.549** |
| | | | | | | |
| **Потенцијални средства** | | | | | | |
| Примени гаранции | | | | 0 | 31.902 | **31.902** |
| Останати потенцијални средства | | | | 0 | 0 | **0** |
| **Вкупно** | **0** | **0** | **0** | **0** | **31.902** | **31.902** |

## 44 Транскации со поврзаните страни

*В* *Приходи и расходи кои произлегуваат од трансакциите со поврзаните страни*

| *во илјади денари* | **Матично друштво** | **Подружници** | **Придружени друштва** | **Раководен кадар на банката** | **Останати поврзани страни** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2025(тековна година)** | | | | | | |
| **Приходи** | | | | | | |
| Приходи од камата | | | | 4.283 | 14.186 | **18.468** |
| Приходи од провизии и надомести | | | | 441 | 6.061 | **6.502** |
| Нето-приходи од тргување | | | | 0 | 0 | **0** |
| Приходи од дивиденда | | | | 0 | 0 | **0** |
| Капитална добивка од продажбата на нетековни средства | | | | 0 | 0 | **0** |
| Останати приходи | | | | 104 | 4.069 | **4.173** |
| Трансфери помеѓу субјектите | | | | 0 | 0 | **0** |
| **Вкупно** | **0** | **0** | **0** | **4.828** | **24.316** | **29.143** |
| | | | | | | |
| **Расходи** | | | | | | |
| Расходи за камата | | | | 3.419 | 48.898 | **52.317** |
| Расходи за провизии и надомести | | | | 0 | 117.626 | **117.626** |
| Нето-загуби од тргување | | | | 0 | 0 | **0** |
| Расходи за набавка на нетековните средства | | | | 0 | 0 | **0** |
| Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа | | | | 87 | -2.517 | **-2.430** |
| Останати расходи | | | | 16.767 | 6.089 | **22.856** |
| Трансфери помеѓу субјектите | | | | 0 | 0 | **0** |
| **Вкупно** | **0** | **0** | **0** | **20.273** | **170.096** | **190.370** |

| *во илјади денари* | **Матично друштво** | **Подружници** | **Придружени друштва** | **Раководен кадар на банката** | **Останати поврзани страни** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2024 (претходна година)** | | | | | | |
| **Приходи** | | | | | | |
| Приходи од камата | | | | 2.511 | 14.727 | **17.238** |
| Приходи од провизии и надомести | | | | 251 | 8.254 | **8.504** |
| Нето-приходи од тргување | | | | 0 | 0 | **0** |
| Приходи од дивиденда | | | | 0 | 0 | **0** |
| Капитална добивка од продажбата на нетековни средства | | | | 0 | 0 | **0** |
| Останати приходи | | | | 258 | 1.837 | **2.095** |
| Трансфери помеѓу субјектите | | | | 0 | 0 | **0** |
| **Вкупно** | **0** | **0** | **0** | **3.020** | **24.818** | **27.838** |
| | | | | | | |
| **Расходи** | | | | | | |
| Расходи за камата | | | | 2.751 | 49.666 | **52.417** |
| Расходи за провизии и надомести | | | | 0 | 109.379 | **109.379** |
| Нето-загуби од тргување | | | | 0 | 0 | **0** |
| Расходи за набавка на нетековните средства | | | | 0 | 0 | **0** |
| Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа | | | | 37 | 6.896 | **6.933** |
| Останати расходи | | | | 14.402 | 7.163 | **21.565** |
| Трансфери помеѓу субјектите | | | | 0 | 0 | **0** |
| **Вкупно** | **0** | **0** | **0** | **17.190** | **173.104** | **190.294** |

*V* *Надомести на раководниот кадар на банката*

| | *во илјади денари* | |
|---|---|---|
| | тековна година 2025 | претходна година 2024 |
| Краткорочни користи за вработените | 0 | 0 |
| Користи по престанокот на вработувањето | 0 | 0 |
| Користи поради престанок на вработувањето | 0 | 0 |
| Плаќања на вработените врз основа на акции, подмирени со сопственички инструменти | 0 | 0 |
| Плаќања на вработените врз основа на акции, подмирени со парични средства | 0 | 0 |
| Останато | 162.400 | 156.716 |
| **Вкупно** | **162.400** | **156.716** |

## 45 Наеми

**А Наемодавател**

***А.1 Побарувања по финансиски наеми***

| | во илјади денари | |
|---|---|---|
| | тековна година 2025 | претходна година 2024 |
| Побарувања по финансиски наеми (износ на недисконтирани плаќања), според периодот на достасување | | |
| - до 1 година | | |
| - над 1 до 2 години | | |
| - над 2 до 3 години | | |
| - над 3 до 4 години | | |
| - над 4 до 5 години | | |
| - над 5 години | | |
| **Вкупно** | | |
| (недоспеан финансиски приход) | | |
| **Вкупно побарувања за финансиски наеми** | | |

***А.2 Побарувања по неотповикливи оперативни наеми***

| | во илјади денари | |
|---|---|---|
| | тековна година 2025 | претходна година 2024 |
| Побарувања по оперативни наеми (износ на недисконтирани плаќања), според периодот на достасување | | |
| - до 1 година | | |
| - над 1 до 2 години | | |
| - над 2 до 3 години | | |
| - над 3 до 4 години | | |
| - над 4 до 5 години | | |
| - над 5 години | | |
| **Вкупно** | | |

| *во илјади денари* | Земјиште | Градежни објекти | Транспортни средства | Мебел и канцелариска опрема | Останата опрема | Други ставки на недвижностите и опремата | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вредност на имотот даден под оперативен наем: | | | | | | | |
| состојба на 31 декември 2025 (тековна година) | | | | | | | |
| состојба на 31 декември 2024 (претходна година) | | | | | | | |
| **Вкупно** | | | | | | | |

***Б Наемател***

***Б.1 Обврски за наеми***

| | *во илјади денари* | |
|---|---|---|
| | тековна година 2025 | претходна година 2024 |
| Обврски за наеми, според периодот на достасување | | |
| - до 1 година | 11.411 | 0 |
| - над 1 до 2 години | 6.690 | 0 |
| - над 2 до 3 години | 4.182 | 0 |
| - над 3 до 4 години | 3.228 | 0 |
| - над 4 до 5 години | 2.599 | 0 |
| - над 5 години | 6.447 | 0 |
| **Вкупно обврски за наеми (белешка 39)** | **34.557** | **0** |

| *во илјади денари* | Земјиште | Градежни објекти | Транспортни средства | Мебел и канцелариска опрема | Останата опрема | Други ставки на недвижностите и опремата | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вредност на имотот земен под наем: | | | | | | | |
| **Набавна вредност** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Состојба на 1 јануари 2024 (претходна година) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| зголемувања | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| (отуѓување и расходување) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| останато | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ***Состојба на 31 декември 2024 (претходна година)*** | | | | | | | |
| Состојба на 1 јануари 2025 (тековна година) | 0 | 32.980 | 7.266 | 0 | 0 | 0 | 40.246 |
| зголемувања | 0 | 11.360 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11.360 |
| (отуѓување и расходување) | 0 | -1.306 | 0 | 0 | 0 | 0 | -1.306 |
| останато | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ***Состојба на 31 декември 2025 (тековна година)*** | | ***43.034*** | ***7.266*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***50.300*** |
| **Акумулирана амортизација и оштетување** | | | | | | | |
| Состојба на 1 јануари 2024 (претходна година) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| амортизација за годината | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| загуба поради оштетување во текот на годината | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| (ослободување на загубата поради оштетување во текот на годината) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| (отуѓување и расходување) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| останато | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ***Состојба на 31 декември 2024 (претходна година)*** | | | | | | | |
| Состојба на 1 јануари 2025 (тековна година) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| амортизација за годината | | 14.626 | 2.216 | | | | 16.842 |
| загуба поради оштетување во текот на годината | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| (ослободување на загубата поради оштетување во текот на годината) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| (отуѓување и расходување) | 0 | -726 | 0 | 0 | 0 | 0 | -726 |
| останато | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ***Состојба на 31 декември 2025 (тековна година)*** | 0 | ***13.900*** | ***2.216*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***16.116*** |
| **Сегашна сметководствена вредност** | | | | | | | |
| на 1 јануари 2024 (претходна година) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **на 31 декември 2024 (претходна година)** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **на 31 декември 2025 (тековна година)** | **0** | **29.134** | **5.050** | **0** | **0** | **0** | **34.184** |

## 46 Плаќања врз основа на акции

| | *во илјади денари* | |
|---|---|---|
| | тековна година 2025 | претходна година 2024 |
| Датум на давање на опцијата | | |
| Датум на истекување на опцијата | | |
| Цена на реализација на опцијата | | |
| Цена на акцијата на датумот на давање на опцијата | | |
| Варијанса | | |
| Очекуван принос на дивидендата | | |
| Каматна стапка | | |
| Објективна вредност на датумот на давање на опцијата | | |

| | тековна година 2025 | | претходна година 2024 | |
|---|---|---|---|---|
| | број на опциите за акции | пондерирана просечна цена за опциите за акции | број на опциите за акции | пондерирана просечна цена за опциите за акции |
| **Состојба на 1 јануари** | | | | |
| Промени во текот на годината: | | | | |
| опции дадени на членовите на Надзорниот одбор | | | | |
| опции дадени на членовите на Управниот одбор | | | | |
| останати дадени опции | | | | |
| форфетирани опции | | | | |
| реализирани опции | | | | |
| опции со истечен краен рок | | | | |
| **Состојба на 31 декември** | **0** | **0** | **0** | **0** |

## 47 Пензиски планови

Банката нема дефинирано планови за надомести при пензионирање или опции за надоместување базирани на акции со состојба 31 декември 2025 и 2024 година. Раководството смета дека сегашната вредност на идните обврски кон вработените во врска со надоместите при пензионирање и јубилејни награди не е од материјално значење за финансиските извешати со состојба на 31 декември 2025 и 2024 година.

## 48 Настани по датумот на известување

По 31 декември 2025 година - датумот на известувањето, до денот на одобрувањето на овие финансиски извештаи, нема настани кои би предизвикале корекција на финансиските извештаи, ниту пак настани кои се материјално значајни за објавување во овие финансиски извештаи.

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија
T+389 (0)2 3233 301
T+389 (0)2 3233 302
www.rsm.mk

## ДОДАТОК 1 ОДГОВОРНОСТИ НА РЕВИЗОРОТ ЗА РЕВИЗИЈАТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Како дел од ревизијата во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР), применуваме професионално расудување и одржуваме професионален скептицизам во текот на ревизијата. Ние исто така:

Ги идентификуваме и проценуваме ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измама или грешка, дизајнираме и извршуваме ревизорски процедури кои одговараат на тие ризици и прибавуваме ревизорски докази кои се достатни и соодветни да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Ризикот од неоткривање на материјално погрешно прикажување како резултат на измама е повисок од ризикот како резултат на грешка, поради тоа што измамата може да вклучи заговор, фалсификување, намерни пропусти, лажни прикажувања или заобиколување на внатрешните контроли.

Стекнуваме разбирање за внатрешните контроли кои се значајни за ревизијата со цел да дизајнираме ревизорски процедури соодветни на околностите, но не и со цел за изразување мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Банката.

Ја оценуваме соодветноста на користените сметководствени политики и разумноста на сметководствените проценки и поврзаните обелоденувања направени од страна на раководството.

Донесуваме заклучок за соодветноста на применетата претпоставка за континуитет како сметководствена основа од страна на раководството и врз основа на прибавените ревизорски докази дали постои материјална неизвесност поврзана со настани или услови кои можат да предизвикаат значителен сомнеж во можноста на Банката да продолжи да работи под претпоставката на континуитет. Доколку заклучиме дека постои материјална неизвесност, тогаш е потребно да обрнеме внимание во нашиот ревизорски извештај на поврзаните обелоденувања во финансиските извештаи или доколку таквите обелоденувања се несоодветни, да го модификуваме нашето мислење. Нашите заклучоци се засновани на ревизорските докази прибавени до датумот на нашето ревизорско мислење. Меѓутоа, идни настани или услови може да предизвикаат Банката да престане да работи според претпоставката на континуитет.

Ја оценуваме севкупната презентација, структура и содржина на финансиските извештаи, вклучувајќи ги обелоденувањата и дали финансиските извештаи ги претставуваат основните трансакции и настани на начин кој постигнува објективна презентација.

Ги известивме оние кои се задолжени за управувањето, меѓу другото, и за планираниот обем и временскиот распоред на ревизијата и за значајните наоди од ревизијата, вклучувајќи ги евентуалните значајни недостатоци на внатрешната контрола што ги идентификувавме во текот на ревизијата.

Ние, исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се задолжени за управувањето дека сме усогласени со релевантните етички барања во однос на независноста и комуницираме со нив за сите односи и останати прашања за кои разумно може да се смета дека влијаат на нашата независност и, онаму каде што е применливо, за поврзаните заштитни мерки.

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2025




УНИБанка
Твојата Банка

# Содржина

**ОБРАЌАЊЕ НА УПРАВНИОТ ОДБОР** ........ 1
**МАКРОЕКОНОМСКА СОСТОЈБА** ........ 3
**БАНКАРСКИ СИСТЕМ** ........ 6
**ПРОФИЛ НА БАНКАТА** ........ 10
**ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА НА ФИНАНСИРАЊЕ НА БАНКАТА** ........ 15
**ПРОФИТАБИЛНОСТ** ........ 18
**БИЛАНС** ........ 25
**КАПИТАЛ** ........ 27
**ИЗВЕШТАЈ ЗА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ** ........ 29
**ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА 31.12.2025 ГОДИНА** ........ 60
**ЦЕЛИ ЗА 2026 ГОДИНА** ........ 61

# ОБРАЌАЊЕ НА УПРАВНИОТ ОДБОР

Почитувани акционери, клиенти и колеги,

УНИБанка АД Скопје има уште една успешна година зад себе. Година на раст во сите сегменти од банкарското работење, значајни унапредувања и воведување на современи дигитални решенија со јасен фокус на обезбедување високо ниво на корисничко задоволство. Банката уште еднаш ја потврди својата определба да биде силен партнер и поттикнувач на развојот на бизнис секторот, активен поддржувач на културата и спортот, како и општествено одговорна институција која придонесува кон подобрување на целокупната благосостојба на заедницата.

Како банка која на домашниот пазар се перцепира како динамична, дигитално и европски ориентирана, УНИБанка АД Скопје со своето 33-годишно постоење создаде цврста и стабилна основа за да може со сигурност да одговори на сите идни финансиски и општествени предизвици.

Континуирано оствaруваме рекордни финансиски резултати, што директно се рефлектираат во постојан раст на активата и зголемувањето на нашиот пазарен удел, а истовремено овозможуваат исплата на дивиденда во корист на акционерите.

Остварениот раст и стабилните резултати дополнително ја зацврстија позицијата на УНИБанка на македонскиот пазар, како доверлива и современа финансиска институција која успешно одговара на потребите на физичките лица и правните субјекти. Овие постигнувања се јасна потврда дека работиме во вистинска насока и дека нашата долгорочна стратегија создава одржлива вредност за сите засегнати страни.

Како и во претходните години, така и оваа, бележиме пораст на добивката на банката, која е на досегашно рекордно ниво.

Во 2025 година УНИБанка АД Скопје оствари вкупна добивка од 8,009 илј.евра. Порастот на вкупните приходи на банката се должи на порастот на нето – приходите од камати, повисоките приходи од реализирани продажби на злато, како и пониските издвоени исправки на вредноста на финанските средства.

Анализата на депозитната база на УНИБанка АД Скопје за 2025 година, покажа дека депозитите на домаќинства и депозитите на корпоративните клиенти имаат доминантен пораст во вкупниот пораст на депозитното портфолио на банката, со апсолутен годишен пораст од 23 мил.евра и 19 мил.евра соодветно.

Во текот на целата година ликвидноста беше на високо ниво, во просек од 24%, што овозможи континуитет во извршувањето на финансиските активности и исполнување на законските обврски на банката.

Во 2025 година кредитите на нефинансиски субјекти забележаа солиден раст од 31 мил.евра, при што беше задржан високиот квалитет на кредитното портфолио со вкупен процент на резервираност на истото од 1.41%, а воедно се продолжи и со внимателна политика во одобрувањето на кредитите.

УНИБанка АД Скопје ја заврши годината со стабилни капиталови показатели и адекватност на капиталот од 19.59%.

Во 2025 година УНИБанка АД Скопје се вклучи во СЕПА платежната област, со што обезбедивме и унапредување на платежните услуги, овозможувајќи побрзи и поевтини платежни трансакции во евра. Со тоа дополнително ја зајакнавме европската димензија на Банката и ја зголемивме ефикасноста на меѓународните плаќања.

Вработените се клучниот двигател на успехот, иновациите и стабилноста на УНИБанка АД Скопје во 2025 година. Тие овозможуваат квалитетна услуга, дигитален напредок и градење доверба кај клиентите. Инвестирањето во нивната едукација, благосостојба и мотивација е од клучно значење за одржување на конкурентноста на банката.

Во текот на минатата година, беше именуван нов член на Управниот одбор, Орлин Георгиев Ваташки, што претставува дополнително засилување на менаџерскиот тим и значаен придонес кон натамошното остварување на стратешките цели на Банката.

За крај, сакаме да им се заблагодариме на нашите акционери, клиенти и соработници за поддршката и лојалноста искажана низ сите години од нашето постоење. Можеме да бидеме горди со резултатите на УНИБанка АД Скопје.

| | | |
|---|---|---|
| Милка Тодорова | Делчо Крастев | Орлин Георгиев Ваташки |
| Претседател на Управен Одбор | Член на Управен Одбор | Член на Управен Одбор |

Скопје, Април 2026 година

# МАКРОЕКОНОМСКА СОСТОЈБА

Во 2025 година, Македонската економија бележи годишен раст од 3.5%, придвижен главно од забрзаниот реален раст во градежништвото и индустријата.




Годишната стапка на инфлација на крајот на 2025 година изнесува 4.1% и е во согласност со очекувањата. Растот на цените произлегува пред се од прехранбената компонента, при мал раст кај енергетската компонента. Ревизиите на увозните цени релевантни за инфлацијата се главно во нагорна насока за 2026 година, во услови на неизвесност од идната динамика на светските цени на примарните производи поради геополитичките тензии и климатските промени.

Трговскиот дефицит во размената на стоки со странство во 2025 година според податоците од Државниот завод за статистика се намалил во однос на 2024 година.

Извозот е зголемен за 3,1% во однос на истиот период од претходната година, достигнувајќи 493,2 милијарди денари во 2025 година, а увозот е поголем за 4,46% и достигна 711,1 милијарди денари.

Македонскиот извоз главно се состоеше од носачи на катализатори со благороден метал или соединенија на благороден метал како активна супстанца, комплети за жици за палење и други комплети за жици што се користат во моторни возила, авиони или бродови, делови од седишта и други носачи на катализатори. Земјата претежно увезуваше нафта и масла добиени од битуменозни минерали (освен сурова), метали од платинската група и моторни возила.

Главни трговски партнери на Македонија во 2025 година беа Германија, Велика Британија, Кина, Грција и Србија.




Анализата на показателите на адекватноста на девизните резерви покажува дека тие и понатаму се во сигурната зона, и на крајот на 2025 година изнесуваат 4.925,2 милиони евра.

Најголем дел од девизните резерви се пласирани во хартии од вредност (74,2 проценти), по што следуваат монетарното злато (16,5 проценти) и валутите и депозитите (9,3 проценти).

Девизните резерви се повисоки за околу 50 проценти во однос на 2019 година, и се на комотно ниво коешто гарантира стабилност на девизниот курс и обезбедува простор за интервенции, доколку се укаже потреба.

На среден рок ризиците за економскиот раст и натаму се претежно надолни и главно се поврзани со можната корекција на сегашните вградени очекувања за ефектите од вештачката интелигенција врз продуктивноста, што би можело да доведе до намалување на инвестициите и корекции на финансиските пазари. Останатите ризици произлегуваат од најновите разгорувања на трговските и геополитичките тензии, како и од високите фискални дефицити и јавниот долг, коишто би можеле да извршат притисок врз долгорочните каматни стапки и пошироките финансиски услови.

Во продолжение се дадени одделни макроекономски показатели за период од 4 години (од 2022 до 2025 година):

| | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|
| БДП (реален пораст) -% | 2.8% | 2.6% | 3.0% | 3.5% |
| Инфлација | 18.7% | 3.6% | 4.4% | 4.1% |
| Стапка на невработеност | 14.4% | 13.0% | 12.3% | 11.5% |
| Директни инвестиции (% од БДП) | 4.9% | 3.3% | 7.0% | 0.1% |
| Кредити (годишна промена) | 9.4% | 5.1% | 11.2% | 13.0% |
| Депозити (годишна промена) | 4.9% | 8.7% | 12.3% | 10.1% |
| БДП (мил.еур) | 13,243.0 | 14,668.0 | 15,668.0 | 16,897.0 |
| Надворешен долг (мил.еур) | 10,790.0 | 11,356.4 | 12,320.2 | 12,148.8 |
| Надворешен долг (% од БДП) | 82.8% | 77.9% | 79.9% | 73.3% |
| Основна каматна стапка | 4.75% | 6.30% | 5.80% | 4.00% |
| Буџетски баланс (% од БДП) | -4.40% | -4.60% | -4.40% | -4.00% |
| Буџетски приходи (% од БДП) | 29.80% | 30.70% | 31.70% | 34.90% |
| Буџетски расходи (% од БДП) | 34.10% | 35.30% | 36.10% | 38.80% |
| Тековна сметка (% од БДП) | -6.10% | 0.40% | -2.20% | -4.00% |
| Увоз на стоки (ц.и.ф., % од БДП) | 91.60% | 76.06% | 70.61% | 69.90% |
| Извоз на стоки (ф.о.б., % од БДП) | 62.68% | 56.76% | 49.66% | 48.08% |
| Странски директни инвестиции (% од БДП) | 5.60% | 3.90% | 7.60% | 5.00% |
| Девизни резерви (мил.еур) | 3,862.9 | 4,538.4 | 5,029.0 | 4,925.2 |

# БАНКАРСКИ СИСТЕМ

Во текот на третиот квартал на 2025 година, банките работеа во услови на солиден економски раст и натамошно стабилизирање на инфлацијата, но и со присутни ризици од надворешното окружување, поврзани со високата геополитичка и економска неизвесност.

Во услови на продолжена економска и воена кризна состојба, од особено значење за одржувањето на довербата на јавноста во банкарскиот систем се веќе изградените силни капитални и ликвидносни позиции на банките кои соодвествуваат со карактеристиките на домашните банки коишто во основа се потпираат на традиционалниот деловен модел на работење на прибирање депозити, како постабилен извор на финансирање и нивното пласирање во кредити, како и водењето на конзервативна политика на управување со ризиците.

Народната банка речиси во текот на цела 2025 година водеше внимателна монетарна политика, и не пристапи кон промена на каматната стапка на благајничките записи (5.35%), ниту ја смени понудата на редовните аукции, се до последниот месец од 2025 година, кога направи промена на истата, и ја намали на ниво од 4%.

Солвентноста на банкарскиот систем се задржа на високо и стабилно ниво. Стапката на адекватност на капиталот се задржа на нивото од 19.5%, којашто е и натаму околу максимумот остварен во изминатите десет години.

Сопствените средства на банкарскиот систем остварија раст, којшто го поддржа растот на активностите и придонесе за исполнување на регулативните и супервизорските капитални барања, при умерено намалување на вишокот на сопствените средства.

Банкарскиот систем располага со квалитетни капитални позиции, коишто му овозможуваат задоволителна отпорност на потенцијални стресни ситуации.

Остварувањето на двојно повисоко ниво на солвентност на банкарскиот сектор во однос законскиот минимум, претставува основен показател за соодветната отпорност и подготвеност на банките за справување со ризиците, што е особено значајно во услови на зголемена неизвесност предизвикана од макроекономска криза.

Банкарски систем - Клучни индикатори

| во % / промена во процентни поени | 30.09. | 2024 | 2023 | 2022 | % | % | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Адекватност на капиталот | 19.5 | 18.9 | 18.1 | 17.7 | 0.6 | 0.8 | 0.4 |
| Коефициент на ликвидност | 20.4 | 21.6 | 22.7 | 21.3 | -1.2 | -1.1 | 1.4 |
| Кредити/депозити (на клиенти) | 85.0 | 81.5 | 81.6 | 85.5 | 3.5 | -0.1 | -3.9 |
| Стапка на поврат на капиталот (ROE) | 17.5 | 17.6 | 16.1 | 12.2 | -0.1 | 1.5 | 3.9 |
| Стапка на поврат на активите (ROA) | 2.3 | 2.2 | 2.0 | 1.5 | 0.1 | 0.2 | 0.5 |
| Нефункционални кредити (над 90 дена) | 2.3 | **3.0** | **2.8** | **2.9** | -0.7 | 0.2 | -0.1 |

**Извор: НБРСМ**

Активата на годишна основа е зголемена за 15.2% во услови на забрзан раст на кредитите и депозитите од нефинансиските субјекти.

На страната на пасивата, растот во најголема мера се должи на зголемените депозити на нефинансиски лица, додека на страната на активата, предводат зголемените кредити на нефинансиските лица, а во помала мера придонесуваат и повисоките ликвидни средства.

Соодносот меѓу кредитите и депозитите на ниво на банкарскиот систем е стабилен (85% - 30.09.2025) и се уште е под 100%, што дополнително упатува на заклучок дека ликвидносниот ризик на кој се изложени банките е во прифатливи рамки.

Истовремено, стапката на покриеност со ликвидност на банкарскиот систем (англ. Liquidity Coverage Ratio) е значително повисока од регулативниот минимум (100%), што го потврдува задоволителниот обем на ликвидноста со кој располага македонскиот банкарски систем.

Банкарски систем - Клучни билансни позиции (Биланс на успех)

| **во млн. евра / промена во %** | **30.09.** | **2024** | **2023** | **2022** | **%** | **%** | **%** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Нето приходи од камати | 341.0 | 459.2 | 409.0 | 287.1 | -25.7 | 12.3 | 42.4 |
| Нето приходи од провизии | 86.2 | 115.1 | 106.6 | 101.4 | -25.1 | 8.0 | 5.1 |
| Административни расходи | 215.0 | 268.5 | 246.5 | 216.7 | -19.9 | 8.9 | 13.7 |
| Исправка на вредност на финансиски средства | 44.6 | 59.1 | 74.9 | 69.7 | -24.5 | -21.2 | 7.5 |
| Добивка по оданочување | 235.1 | 282.8 | 232.5 | 157.3 | -16.9 | 21.6 | 47.8 |

**Извор: НБРСМ**

Банкарскиот сектор се одликува со прилично хомогена структура на приходите со најголемо учество на нето-приходите од камати. Имајќи го предвид традиционалниот деловен модел на банките во нашата земја, одржувањето на стабилен нето каматен приход е од големо значење за обезбедување на прифатлива профитабилност на банките на среден и долг рок. Гледано по инструменти, банките најмногу приходи остваруваат од кредитирањето на приватниот сектор, додека на страната на расходите, главната категорија се расходите за камати на орочените депозити.

Добивката на банкарскиот систем остварена во првите девет месеци од 2025 година е помала за 2.9% во споредба со добивката остварена во истиот период од претходната 2024 година. Структурно анализирано, падот на финансискиот резултат се должи на порастот на оперативните трошоци на банките како и исправката на вредноста, при мал пад на нето-каматните приходи на банките, како најзначајна ставка со учество од 70% во вкупните приходи на банката.




Во третиот квартал кредитите на клиенти (корпоративни и население) опфатија 59% од вкупната актива.

Банкарски систем - Клучни билансни позиции (Биланс на состојба)

| во млн. евра / промена во % | 2025 | 2024 | 2023 | 2022 | % | % | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Актива * | 14,284.7 | 13,412.7 | 12,143.1 | 11,127.3 | 6.5 | 10.5 | 9.1 |
| Бруто кредити на корпоративни клиенти | 4,542.5 | 3,940.8 | 3,459.9 | 3,349.5 | 15.3 | 13.9 | 3.3 |
| Бруто кредити на население | 4,501.4 | 4,057.8 | 3,730.4 | 3,495.8 | 10.9 | 8.8 | 6.7 |
| Депозити на корпоративни клиенти | 3,054.2 | 2,866.6 | 2,625.1 | 2,319.4 | 6.5 | 9.2 | 13.2 |
| Депозити на население | 7,232.4 | 6,454.2 | 5,671.1 | 5,254.0 | 12.1 | 13.8 | 7.9 |

**Извор: НБРСМ**
*** 30.09.2025**

Во 2025 година, порастот на бруто кредитното портфолио во однос на 2024 година е резултат на порастот на корпоративни клиенти, кои на годишна основа достигнаа стапка на раст од 15.3%, како и на кредитите на население со стапка на раст од 10.9%.

Иако, амбиентот во кој работат банките е исполнет со бројни неизвесности и предизвици поради воени кризи, засега не се видливи негативни ефекти врз билансите на банките, коишто го одржуваат добриот квалитет на кредитното портфолио.

Квалитетот на кредитното портфолио на банките се подобри. Во текот на третиот квартал од 2025 година, нефункционалните кредити на нефинансиските субјекти се намалија, со што што и стапката на нефункционални кредити се подобри, до историски најниското ниво од

2.3%. Намалувањето произлезе и од нефункционалните кредити на корпоративните клиенти и од нефункционалните кредити на домаќинствата.







Во текот на 2025 година, депозитите од нефинансиски субјекти бележат значителен раст, при што, процентуално депозитите на домаќинства остварија повисок годишен раст од 12.1%, во однос на растот на депозитите на корпоративни клиенти кој изнесува 6.5%. Анализата на валутната структура на депозитите, покажува на годишна основа поголемо зголемување на денарските депозити во однос на девизните депозити.

Од аспект на рочноста, најголем е придонесот на депозитите по видување, иако долгорочните депозити бележат најбрз раст, додека во однос на валутната структура, денарските и девизните депозити придонесоа со по една половина во растот на вкупните депозити на нефинансиските лица.

# ПРОФИЛ НА БАНКАТА

УНИБанка АД Скопје е основана во 1993 година под називот Балканска Банка, како акционерско друштво во сопственост на домашни и странски правни и физички лица. Во 2003 година истата е купена од сопствениците на Прва Инвестициона Банка од Софија (Р.Бугарија) и го добива називот Универзална Инвестициона Банка.

УНИБанка АД Скопје извршува широк спектар на активности, почнувајќи од прибирање на депозити и одобрување на кредити на правни и физички лица, услуги во домашниот и меѓународниот платен промет, картично работење, купопродажба на девизи, хартии од вредност, трговија со благородни метали итн.

Следејќи ги современите трендови на банкарскиот пазар УНИБанка АД Скопје континуирано имплементира производи и услуги со атрактивни, конкурентни и поволни услови и воведе разновидни и иновативни продукти: тргување со благородни метали: инвестициско злато и сребро, издавање на четири емисии на перпетуални обврзници што претставуваат прв финансиски инструмент од овој вид на македонскиот пазар на капитал, кои котираат на официјалниот пазар на Македонската берза АД Скопје.

Овие инструменти овозможуваат креирање диверзификационо инвестициско портфолио, зачувување на вредноста на средствата, заштита од инфлација и вложување во инструменти кои традиционално покажуваат стабилност на долг рок.

Банката располага со широка мрежа на експозитури, 26 на број, од кои 6 се лоцирани во Скопје, а 20 во останатите градови на Република Северна Македонија.

Вкупниот број на вработени во Централата и експозитурите заклучно со Декември 2025 година е 378.

Заради извршување на квалитетни меѓународни услуги за клиентите, УНИБанка АД Скопје има воспоставено кореспондентски односи со 60 банки за размена на излезни (send) и влезни (receive) типови на пораки (RMA – Relationship Management Application – услуга од SWIFT Alliance за управување со деловните односи помеѓу финансиските институции) и во 8 кореспондентни банки има сметки во различни валути.

# ЗНАЧАЈНИ АКТИВНОСТИ

УНИБанка АД Скопје максимално и високо професионално е посветена на барањата и потребите на клиентите за полесен, побрз и поедноставен пристап до банкарските продукти, а истовремено активно воведува нови иновативни продукти коишто уште повеќе ќе ги задоволат интересите и потребите на клиентите.

Банката ја зголеми својата улога во придонесот на развојот на приватниот сектор преку учество во Унгарската кредитна линија, во соработка со Развојната банка на Р.С. Македонија. Обезбедиваме финансиски средства за инвестиции и развој на приватни трговски друштва, што е уште еден доказ за нашата посветеност кон стимулирање на економскиот развој на компаниите во земјата.

Во 2025 година УНИБанка АД Скопје се вклучи во СЕПА платежната област, овозможувајќи побрзи и поевтини платежни трансакции во евра. Со тоа дополнително ја зајакнавме европската димензија на Банката и ја зголемивме ефикаността на меѓународните плаќања.

УНИБанка АД Скопје и во 2025 година ја потврди својата заложба за предвидливост во својата дивидендна политика и од добивката остварена во 2024 година изврши исплата на бруто дивиденда од 387 денари по акција односно принос 5,46%.

Банката продолжи со својата мисија за збогатување на пазарот на капитал со инструменти кои на инвеститорите во хартии од вредност ќе им понудат нови можности за инвестирање, додека на Банката ќе и го зајакнат капиталот и зголемат потенцијалот за раст на кредитирањето. Имено, во текот на 2025 година, Банката ја издаде и ја котираше на официјалниот пазар на Македонска берза својата четврта емисија на пертпетуални обврзници во номинален износ од 5 милиони евра и годишна каматна стапка од 6% која се тргува со тикер UNIPO4.

Во текот на годината развивме и имплементиравме нови, иновативни дигитални решенија кои овозможуваат високо ниво на персонализирано искуство и едноставно, брзо и безбедно извршување на банкарските услуги. Како дел од тие иницијативи, воведовме и функционалност Visa+ за самостоен пренос на средства на картичка преку мобилното банкарство, со што клиентите парите ги добиваат во реално време. Овој чекор значајно ја унапредува дигиталната достапност на услугите и го зајакнува нивното задоволство и удобност при користење.

Со цел да им овозможиме на младите поголема финансиска слобода и поддршка во реализирањето на нивните цели, воведен е нов пакет за млади, UniQ, со дополнителни бенефити како бесплатен Netflix и можност за дозволено пречекорување, креирани да одговорат на животниот стил и финансиските навики на младата популација.

Ги поддржуваме младите и во купување на нивниот прв дом. Банката овозможи станбен кредит со 10% учество, кредитно решение прилагодено на младите генерации кое го олеснува патот до обезбедување сопствен дом.

Во 2025 година направена е замена на услугата бесплатно УНИСМС со бесплатни известувања/нотификации преку мобилна апликација.

Со цел овозможување на дополнителна сигурност при кредитирањето на правните лица се воведе нов кредитен продукт – "Кредит за правни лица – РИЗИКО", со кој се обезбедува заштита на сопственикот и неговото семејство од непредвидени околности, како што се болест или несреќа.

Дигитализацијата е еден од фокусите на Банката, преку активно вложување во иновации и современи дигитални решенија, сè со цел да обезбедиме современо банкарство и врвно корисничко искуство. Голем процент од нашите активни клиенти се корисници на нашите дигитални услуги и како унапредување на услугите овозможено е отворање и надополнување на депозити преку мобилната апликација- Opening, Inflow, Outflow of deposit.

Во текот на 2025 година, Банката продолжува со својата стратешка определба за модернизација и одржливост на објектите преку реализација на следните проекти:

- Целосно реновирање и модернизација на експозитурата во Радовиш – со цел подигнување на квалитетот на услугите за клиентите и обезбедување на современа, енергетски ефикасна работна средина која е во целосна согласност со корпоративни обележја и

- Реновирање и подобрување на ентериерот во делови од Централната зграда – проект фокусиран на оптимизација на просторот и воведување на ергономски решенија, со цел да се зголеми функционалноста и да се подобри комфорот при секојдневното работење на вработените.

УНИБанка АД Скопје активно развива активности и иницијативи поврзани со развојот на финансиската писменост кај децата и младите. Во октомври 2025 година, Банката организираше серија интерактивни активности за финансиска едукација на деца и млади, како дел од обележувањето на Месецот на штедење. Активностите беа насочени кон:

- Подигање на свеста за важноста на штедењето и управувањето со финансии
- Запознавање со основни финансиски концепти
- Вклучување на различни возрасни групи и тоа градинки, основни и средни училишта, факултети од различни градови

Содржините беа промовирани и на официјалните канали на Банката (социјални медиуми и веб страна) за да се постигне поголема достапност и опсег.

# ГЛАВНИ БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ






## ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

| Монетарните вредности се во 000 евра | 2025 | 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| **Финансиски показатели** | | | |
| Нето каматен приход | 19,838 | 19,603 | 19,210 |
| Нето приходи од провизии | 4,106 | 4,865 | 5,093 |
| Нето приходи од трговија со хартии од вредност | -4 | -4 | -4 |
| Нето приходи од курсни разлики | 635 | 732 | 746 |
| Приходи од злато/сребро | 855 | 382 | 117 |
| Вкупни приходи од банкарски операции | 25,430 | 25,578 | 25,162 |
| Административни расходи | -14,717 | -13,495 | -12,582 |
| Резервации | -3,620 | -4,884 | -4,677 |
| Останати расходи, нето | 1,825 | 1,603 | 685 |
| Данок од добивка | -908 | -902 | -839 |
| Добивка по оданочување | 8,009 | 7,899 | 7,749 |
| **Билансни показатели** | | | |
| Ликвидна актива | 125,912 | 109,459 | 136,152 |
| Кредити на банки | 9,076 | 9,332 | 11,734 |
| Кредити на клиенти | 336,434 | 305,415 | 280,049 |
| Депозити од банки и други финансиски институции | 50,546 | 57,224 | 51,559 |
| Депозити од други клиенти | 366,151 | 324,230 | 325,991 |
| Акционерски капитал (со добивка) | 69,579 | 60,795 | 62,450 |
| Вкупна актива | 508,192 | 456,342 | 457,018 |
| **Основни показатели (во %)** | | | |
| Адекватност на капитал | 19.59% | 18.22% | 19.28% |
| Сопствени средства | 61,295 | 52,568 | 52,996 |
| Коефициент на ликвидност | 24.74% | 23.95% | 29.79% |
| Административни расходи/Нето приходи од банкарски операции | 57.87% | 52.76% | 50.01% |
| Коефициент на резервираност на кредитно портфолио | 1.41% | 1.89% | 1.49% |
| Стапка на поврат на капиталот (ROE) | 13.60% | 14.27% | 15.23% |
| Стапка на поврат на активите (ROA) | 1.66% | 1.73% | 1.76% |
| Нето каматни приходи/Вкупни нето приходи од банкарски операции | 78.01% | 76.64% | 76.35% |
| Каматна маржа | 4.65% | 5.06% | 4.96% |
| Нето кредити на други комитенти/ Депозити на други комитенти | 91.88% | 94.20% | 85.91% |
| **Ресурси (број)** | | | |
| Број на вработени | 378 | 366 | 387 |
| Број на експозитури | 26 | 27 | 29 |
| Број на активни сметки | 74,070 | 74,462 | 74,264 |
| Картички | 102,955 | 106,271 | 105,246 |
| POS | 1,766 | 1,805 | 1,813 |
| ATM | 53 | 52 | 50 |

# ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА НА ФИНАНСИРАЊЕ НА БАНКАТА

Во последното тримесечје на 2025 година, Народната банка продолжи со постепеното нормализирање на поставеноста на монетарната политика, соодветно на условите во економијата. Во третиот квартал од 2025 година, каматните стапки на расположливите депозити преку ноќ и на седум дена останаа на нивоата од 3,95% и 4%, соодветно.

Растот на депозитите на банките е малку поумерен, но тој и натаму е солиден и обезбедува добра основа за кредитниот раст.

Годишниот раст на депозитната база на банките изнесува 10.1% од кои раст на депозитите во домаќинство е 12.1%, а депозититите во корпоративниот сектор е 6.5%

Според валутна структура поголем придонес во вкупниот депозитен раст имаат денарските депозити и зголемување на заштедите орочени на подолг рок, што е показател за стабилна депозитна активност на банките.

Стандардните трендови кои ја карактеризираат депозитната база на банкарскиот систем обезбедуваат стабилна ликвидност на банките како и стабилни извори за финансирање на кредитниот раст на нефинансискиот сектор, што најдобро се согледува од движењата на показателот за учеството на кредитите во вкупните депозити, кое на крајот на 2025 година се одржува околу 85%.

Споредбената анализа на годишниот раст на депозитната база на УНИБанка, индицира дека депозитите од население продолжија да бидат главната движечка сила на финансискиот потенцијал на банката, кои во 2025 година бележат зголемување од 22,9 милиони евра во однос на мината 2024 година, со што обележа раст од 9%.

Но и корпоративниот сектор во 2025 години даде голем придонес во креирање на стабилна депозитна база со зголемување од 18,9 милиони евра, со што оствари раст од рекордни 26.5%.

Во вкупните извори на финансирање учествуваат и депозитите на банки и финансиски институции, како и депозити од други привлечени средства (РБРСМ) кои бележат зголемување од 8,9 милиони евра во однос на минатата 2024 година.







Анализата на валутната структура на депозитната база од клиенти во 2025 година, покажува поголема склоност на населението, своите заштеди да ги вложува во денарска валута и притоа бележат раст од 1.2 п.п во однос на минатата година, а вложувањето во евра се намалува за 3 п.п., додека во други валути се задржува на исто ниво од нивното учество во вкупната депозитна база. Во вкупната депозитна база денарските депозити на население учествуваат со 45.3%, а девизните депозити со 30%.Трендот кај депозитите на корпоративни клиенти покажува зголемување на учеството на денарските депозити за 1 п.п. и благ пораст на девизните депозити за 0.9 п.п.

Валутна структура на депозитната база на банката (депозити од нефинансиски клиенти)

| во илј.евра / % од вкупно | 2025 | % | 2024 | % | 2023 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Депозити на население** | **275,694** | **75.3%** | 252,706 | 77.9% | 242,999 | 74.5% |
| Во денари | 165,816 | **45.3%** | 143,074 | 44.1% | 126,590 | 38.8% |
| Во евра | 99,230 | **27.1%** | 99,286 | 30.6% | 105,452 | 32.3% |
| Во друга валута | 10,648 | **2.9%** | 10,346 | 3.2% | 10,957 | 3.4% |
| **Депозити на корпоративни клиенти** | **90,458** | **24.7%** | 71,524 | 22.1% | 82,992 | 25.5% |
| Во денари | 67,364 | **18.4%** | 54,012 | 16.7% | 66,045 | 20.3% |
| Во евра | 18,875 | **5.2%** | 17,001 | 5.2% | 14,907 | 4.6% |
| Во друга валута | 4,218 | **1.2%** | 510 | 0.2% | 2,040 | 0.6% |
| **Вкупно депозити од клиенти** | **366,151** | **100.0%** | 324,230 | 100.0% | 325,991 | 100.0% |

Во однос на рочната структура на депозитната база од клиенти, главен двигател на растот претставуваат депозитите по видување со учество од 53.6%, што е последица на изразениот трансакциски мотив особено кај секторот население за чување на своите средства во ваква форма.

Се забележува дека довербата кај клиентите на УНИБанка АД Скопје своите средства да ги вложуваат на рок подолг од 1 година го одржува својот континуитет во однос на минатата година со своето учество од 25% во вкупната депозитна база. Штедењето на период до 1 година кај клиентите останува како по безбедно, што покажува раст од 12 милиони евра во однос на мината година.

Структура на изворите на средства на банката според рочност



# ПРОФИТАБИЛНОСТ

Во првите девет месеци од 2025 година, добивката на банкарскиот систем беше помала во однос на истиот период од претходната година. Помалата добивка е условена од раст на оперативните трошоци и трошоците за исправка на вредноста, надополнето со мал пад на нето каматните приходи. Позитивен тренд се забележува кај нето-приходите од провизии и надоместоци кои остварија мал раст како резултат на активностите преземени од страна на Народната банка за унапредување на пристапот на граѓаните до поефикасни и подостапни платежни услуги. Показателите за профитабилноста и оперативната ефикасност на банкарскиот систем се влошија, но сеуште се на солидно ниво.

Каматните стапки на кредитите бележат намалување, додека каматните стапки на депозитите главно растат во првите девет месеци од 2025 година.

Стапките на поврат на просечна актива и просечен капитал заклучно со третиот квартал од 2025 достигнаа до 2.3% и 17.5%, соодветно.

УНИБанка АД Скопје во текот на 2025 година ја бележи следната структура на приходи од камати:




Зголемените нето приходи од камати како најзначаен елемент на нето банкарскиот приход во најголем дел се должи на зголемување на приходите од камати од корпоративниот сектор и секторот население кое има најголемо учество од 64%.

Во однос на некаматните приходи, најголем раст се бележи кај ставката приходи од продажба на злато и сребро кои се зголемени за 124%.




Најголем дел од вкупните приходи на банката се користи за покривање на административните расходи и исправката на вредност на финансиските средства.

Административните расходи во 2025 година бележат зголемување од 1,222 илј.евра во однос на претходната година, кое се должи пред се и на зголемените трошоци за плати, како и зголемениот трошок за амортизација на средствата на банката, како резултат на измените на Одлуката за методологија за евидентирање и вреднување на сметководствени ставки и за подготовка на финансиски извештаи од НБРСМ, согласно која се изврши промена на сметководствениот третман на договорите за средствата кои Банката го зема под наем во согласност со МСФИ 16.




Во вкупните административни трошоци најголемо учество имаат расходите за плати (57.9%) и трошоците за услуги од 20%.




УНИБанка АД Скопје со издвоени годишни дополнителни резервации за финансиски средства во износ од 3,620 илј.евра, успеа да оствари финансиски резултат во износ од 8,009 илј.евра со што е остварен пораст од 1.4% во однос на добивката од минатата година.



## БИЛАНС НА УСПЕХ

000 мкд

| | 2025 | 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| Приходи од камата | 1,581,014 | 1,530,474 | 1,426,122 |
| Расходи за камата | -361,057 | -325,004 | -244,809 |
| **Нето -приходи(расходи) од камата** | 1,219,957 | 1,205,470 | 1,181,313 |
| Приходи од провизии и надомести | 618,822 | 620,320 | 617,532 |
| Расходи за провизии и надомести | -378,467 | -338,655 | -321,535 |
| **Нето -приходи (расходи)од провизии и надомести** | 240,355 | 281,665 | 295,997 |
| Нето -приходи (расходи)од курсни разлики | 39,056 | 45,011 | 45,863 |
| Останати приходи од дејноста | 158,955 | 103,717 | 68,972 |
| Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето основа | -222,648 | -300,365 | -287,580 |
| Загуби поради оштетување на нефинансиските средства, на нето основа | 31,721 | 55,144 | 9,062 |
| Трошоци за вработените | -524,452 | -468,169 | -427,713 |
| Амортизација | -77,513 | -55,349 | -51,189 |
| Останати расходи од дејноста | -317,091 | -325,865 | -306,615 |
| **Добивка /(загуба) пред оданочување** | 548,340 | 541,259 | 528,110 |
| Данок на добивка | -55,825 | -55,492 | -51,600 |
| **Нето добивка** | 492,515 | 485,767 | 476,510 |

# КРЕДИТНО ПОРТФОЛИО

## КРЕДИТИ

Во третиот квартал од 2025 година, банките работеа во услови на солиден економски раст и натамошно стабилизирање на инфлацијата, но при натамошна неизвесност и ризици во надворешното окружување, при што Народната банка го задржа внимателниот пристап при водењето на монетарната политика.

Сепак, неизвесноста и ризиците во надворешното окружување и натаму постојат и се поврзани пред сѐ со геополитичките тензии, идните трговски политики, нарушувањата во синџирите на снабдување и климатските фактори, но и со домашните фактори коишто може да влијаат врз побарувачката и цените во домашната економија.

И покрај таквите услови со прецизни мерки на монетарната политика, квалитетот на кредитното портфолио на банките се подобри. Намалување на нефункционалните кредити има и кај домаќинствата (за 3,4%) и кај претпријатијата (за 5,2%), со што и соодветните стапки на нефункционални кредити забележаа минимално подобрување, до нивоата од 2,3% и 2,4%, соодветно.

Споредено на годишна основа, во 2025 година вкупните кредити се зголемени за 13,0% како резултат на растот на кредитите кај двата сектора, со малку поизразен придонес на корпоративниот сектор.

Годишниот раст на кредитите од корпоративниот сектор изнесува 15,3% и во целост произлегува од зголеменото кредитирање во денари.

Годишниот раст на кредитите од сектор домаќинства изнесува 10,9%, соодветно поради растот на кредитирањето во денари и во странска валута, со поголем придонес на кредитите во денари.

Анализирано според намената на кредитите одобрени на физичките лица, на годишна основа најзастапените категории се потрошувачките и станбените кредити, кои бележат раст од 10,6% и 15,8%, соодветно.

Во 2025 година кредитното портфолио на банката пред резервации достигнува 343,186 илј.евра. Од аспект на секторската структура УНИБанка АД Скопје оствари пораст во секторот население каде што е изразена кредитната подршка поради перцепциите за пониски ризици и можноста за поголема диверзифицираност. Во однос на 2024 година порастот е за 17,280 илј. евра односно 7.8%. Кај корпоративниот сектор кредитирањето бележи значително зголемување од 13.4%, но сеуште ја запазува структурата на распореденоста по дејности така што најмногу се кредитира Индустрија 27.5%, Услуги 26.8%, Трговија со 26.2% учество

Кредитно портфолио на банката

| илј.евра | 2025 | % | 2024 | % | 2023 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Население | 239,225 | 69.71% | 221,945 | 70.7% | 210,096 | 73.3% |
| Корпоративни клиенти | 103,961 | 30.29% | 91,697 | 29.2% | 76,425 | 26.7% |
| **Кредитно портфолио пред резервации** | 343,186 | | 313,642 | | 286,521 | |
| Резервации | -6,753 | | -8,227 | | -6,472 | |
| **Кредитно портфолио по резервации** | 336,434 | | 305,415 | | 280,049 | |

Во однос на структурата на вкупното кредитното портфолио, се забележува минимално зголемување во кредитирањето на секторот претпријатија во 2025 година во однос на претходната со пораст од 1 процентен поен. Во 2025 година кредитирањето на секторот население учествува со 70% во вкупното кредитно портфолио на банката од нефинансиски субјекти. Најголем удел во портфолиото на население имаат Потрошувачките и Станбените кредити со учество од 43.8% и 28.1% соодветно.




**Валутна структура на кредитното портфолио на банката**

| илј.евра | 2025 | % | 2024 | % | 2023 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Денарски кредити | 219,094 | 63.84% | 170,548 | 54.4% | 150,765 | 52.6% |
| Валутни кредити | 4,886 | 1.42% | 9,907 | 3.2% | 12,141 | 4.2% |
| Кредити со валутна клаузула | 119,206 | 34.74% | 133,187 | 42.5% | 123,616 | 43.1% |
| **Кредитно портфолио пред резервации** | 343,186 | 100.00% | 313,642 | 100.0% | 286,521 | 100.0% |
| **Резервации** | -6,753 | 1.97% | -8,227 | 2.9% | -6,472 | 2.3% |
| **Кредитно портфолио по резервации** | 336,434 | | 305,415 | | 280,049 | |

Од аспект на валутната структура во 2025 година се запазува зголемување на учеството на денарските кредити со 63.8% и кредити со валутна клаузула со учество од 34.7%.

Валутните кредити се одржуваат на задоволително ниво со учество од речиси 2%. Благодарение на квалитетното кредитно портфолио резервациите се намалуваат, така што во 2025 година изнесуваат 6,753 илј.евра, а во 2024 година изнесуваат 8,227 илј.евра.

## ВОНБИЛАНСНИ СТАВКИ

УНИБанка АД Скопје покрај многуте услуги кои ги нуди на своите клиенти активно се вклучува и во доменот на документарно – гаранциското работење преку одобрување на акредитиви и гаранции како инструменти за плаќање. Со ова УНИБанка им помага на извозно ориентираните претпријатија и на клиентите кои земаат учество на тендери поврзани со домашни или меѓународни проекти. УНИБанка во 2025 година обезбедуваше банкарски гаранции и акредитиви за малиот и среден бизнис, со што на своите клиенти им овозможуваше намалување на комерцијалниот ризик и обезбедување на обврската на барателот на гаранцијата. Со цел да се оствари оптимално реализирање на извозно-увозните трансакции и минимизирање на сите видови ризици што можат да произлезат од овој тип на активности, банката е тука за своите клиенти да понуди консултантски услуги и да асистира при подготовка на акредитивните услови и извозната документација.




На крајот на 2025 година вонбилансните ставки изнесуваат 34,374 евра (2024: 36,095 илј.евра). Од приложеното погоре може да забележиме дека најголемо учество во структурата на вонбилансните стави имаат неискористените кредитни лимити со 68.8%, додека веднаш зад нив се банкарските гаранции со 31.1%.

# БИЛАНС

Динамиката на вкупната нето актива на банката е во согласност со движењето на вкупните извори на средства. Вкупната нето актива на УНИБанка АД Скопје на 31.12.2025 година изнесува 508,192 илј.евра што покажува значително зголемување во однос на 31.12.2024 – 456,342 илј.евра. Може да се забележи раст од 52 милиони евра или 11.6% во однос на минатата година.

Притоа, доминантно учество од 66% во вкупната нето актива во 2025 година имаат кредитите од комитенти.







По нив следат средствата кај Народната банка со 16.1%, кои ја задржуваат својата позиција речиси идентична како минатата 2024 година. Паричните средства и паричните еквиваленти учествуваат со 2.9%, вложувањата во хартии од вредност со 10.6% од вкупната нето актива, додека останатите позиции претставуваат околу 4% од вкупната нето актива.

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

000 мкд

| | 2025 | 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| **АКТИВА** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 6,338,402 | 5,419,234 | 5,503,233 |
| Кредити на и побарувања од банки | 0 | 0 | 0 |
| Кредити на и побарувања од други комитенти | 20,841,632 | 18,950,760 | 17,365,306 |
| Вложувања во хартии од вредност | 3,315,082 | 2,892,554 | 4,364,197 |
| Вложувања во придружени друштва | 0 | 0 | 0 |
| Побарувања за данок на добивка(тековен) | 0 | 0 | 0 |
| Останати побарувања | 233,904 | 203,360 | 189,913 |
| Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | 2,533 | 69,699 | 154,786 |
| Нематеријални средства | 85,981 | 78,564 | 78,653 |
| Недвижности и опрема | 433,729 | 448,597 | 448,239 |
| **ВКУПНА АКТИВА** | 31,251,263 | 28,062,768 | **28,104,327** |
| | | | |
| **ОБВРСКИ** | 26,972,554 | 24,324,168 | **24,263,966** |
| Депозити на банки | 1,960,155 | 2,446,435 | 1,874,844 |
| Депозити на други комитенти | 23,664,585 | 21,011,106 | 21,342,552 |
| Обврски по кредити | 1,161,606 | 610,356 | 681,055 |
| Субординирани обврски | 0 | 0 | 0 |
| Посебна резерва и резервирања | 9,134 | 10,439 | 5,901 |
| Обврски за данок на добивка (тековен) | 3,603 | 7,497 | 20,099 |
| Останати обврски | 173,471 | 238,335 | 339,515 |
| Вкупен капитал и резерви | 4,278,709 | 3,738,600 | 3,840,361 |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | 31,251,263 | 28,062,768 | **28,104,327** |

# КАПИТАЛ

Вкупниот капитал на УНИБанка во текот на 2025 година се зголеми за 14.45% како резултат на на четврта емисија на перпетуална обврзница во износ од 5 мил.евра и капитализација на дел од добивката од 2024 година.







Во структурата на акционерскиот капитал доминираат двајца акционери со подеднакво учество од по 36.45%, додека останатите 27.1% припаѓаат на повеќе ситни акционери.

| во илј.евра / промена во % | 2025 | 2024 | 2023 | % | % |
|---|---|---|---|---|---|
| Актива пондерирана според ризици | 312,931 | 288,561 | 274,907 | 8.4% | 5.0% |
| Капитал потребен за покривање на ризиците | 25,035 | 23,085 | 21,993 | 8.4% | 5.0% |
| Сопствени средства | 61,295 | 52,568 | 52,996 | 16.6% | -0.8% |
| АДЕКВАТНОСТ НА КАПИТАЛОТ | 19.59% | 18.22% | 19.28% | 7.5% | -5.5% |

Сопствените средства во 2025 година бележат пораст за 8.727 илј. евра како резултат на капитализацијата на дел од добивката остварена за 2024 година и издавање на перпетуална обврзница.

Банката ја одржа високата капитализираност и стабилната солвентна позиција со одржување на стапката на адекватност на капитал на ниво од 19.59% - значително над минимално утврдената стапка од 17.50%. Стапката на адекватност на капитал бележи раст во однос на минатата година од 1.37 пп, кој е резултат на засиленото управување и унапредување на кредитните процеси кои условија одржување на стабилност на постоечкото потфолио.




Со вклучување на остварената добивка за 2025 година, стапката на адекватност на капиталот ќе достигне ниво од 22.15%.

# ИЗВЕШТАЈ ЗА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

Одговорното корпоративно управување е еден од највисоките приоритети за УНИБанка АД Скопје коешто поддржува целосно спроведување на нејзиниот деловен план, одржливост на бизнисот, управување со процесите на поставување цели и известување, како и зајакнување на односите со надворешните засегнати страни, воедно и обезбедување на целосна одговорност.

Банката ги почитува стандардите на одговорно работење кои се темелат на принципите на добро корпоративно управување и усогласеност на Банката со важечката регулатива, вклучително и со Одлуката на Народна банка на Република Северна Македонија за добро корпоративно управување во банка, Корпоративниот кодекс за друштвата кои котираат на Македонската берза на хартии од вредност.

Извештајот за корпоративно управување се презентира на акционерите на Банката и на јавноста, во согласност со Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка и Законот за трговските друштва.

## СИСТЕМ ЗА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

### 1. Состав и функционирање на органите на Банката

Во 2025 година Банката ги остваруваше своите активности преку органите на Банката: Собрание на акционери, Надзорен одбор, Управен одбор, Одбор за управување со ризици, Одбор за ревизија, Кредитен одбор и Одбор за наградување, избор и именување.

### 1.1. Собрание на акционери на Банката

Податоци за составот и работењето на Собранието на акционери, Надзорниот одбор, Управниот одбор и останатите одбори во Банката во текот на 2025 година се како што следи:

Во текот на 2025 година нема промени во акционерската структура: г-дин Цеко Тодоров Минев и г-дин Ивајло Димитров Мутафчиев поседуваат поединечно по 36,45% од вкупниот број на обичните акции, додека 27,10% од акциите се во сопственост на останатите малцински акционери.

Со состојба 31.12.2025 година, Банката има вкупно 394 акционери. Собранието на акционери е орган на Банката во кој акционерите на Банката ги остваруваат своите права, а на секој акционер запишан во акционерската книга на Банката, од денот на уписот, му припаѓа правото на учество во работата на Собранието на акционери и правото на глас. Во согласност со Статутот на Банката, секоја обична акција дава право на глас во Собранието на акционери и право на исплата на дивиденда. Мнозинските акционери се претставени со 4 членови во Надзорниот одбор, а останатите 2 члена се независни.

Собранието на акционери во рамките на своите надлежности ги врши сите работи утврдени со важечките прописи и Статутот на Банката. Во извештајната година Собранието одржа:

- 33-та редовна седница одржана на ден 29.04.2025 година, на која се усвоени: Годишниот извештај за работењето на Банката во 2024 година, Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор на Банката во 2024 година и за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор, поединечно и колективно, одобрена е Годишната сметка на Банката за 2024 година, усвоени се одлуки за усвојување на Годишната сметка на Банката за 2024 година, за усвојување на Извештајот од извршената ревизија на работењето на Банката за 2024 година, за употреба и распоредување на добивката за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година, за определување на износот на дивидендата за 2024 година и усвојување на дивиденден календар, како и Одлука за исплата на камата на имателите на Втора емисија перпетуална обврзница, Одлука за исплата на камата на имателите на Трета емисија на перпетуална обврзница, Одлука за избор на Друштво за ревизија кое ќе ја врши ревизијата на работењето на Банката за 2025 година, Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Банката и Одлука за исплата на награда на членовите на Надзорниот одбор на Банката;
- Вонредна седница на ден 04.07.2025 година на која е усвоена Одлуката за изменување на членови на Надзорниот одбор на Банката; и
- Вонредна седница на ден 31.07.2025 година на која е усвоена Одлуката за издавање на капитален инструмен по пат на приватна понуда (Четврта емисија на Перпетуални обврзници).

Со состојба на 31 декември 2025 година, основната главнина се состои од 545.987 обични акции со номинална вредност од 1.000 денари по акција.
Акционери со квалификувано учество се:

| Акционери со квалификувано учество | Број на акции кои акционерот ги поседува во Банката | Процентуално учество во вкупниот број акции |
|---|---|---|
| Цеко Тодоров Минев | 198.994 | 36,45% |
| Ивајло Димитров Мутафчиев | 198.994 | 36,45% |

### 1.2. Надзорен одбор

Надзорниот одбор врши надзор на работењето на Управниот одбор, ги одобрува политиките за вршење на финансиските активности и го надгледува нивното спроведување.

Надзорниот одбор е одговорен да обезбеди добро работење и управување и стабилност на Банката, како и навремено и точно финансиско известување на Народна банка на РСМ. Актуелниот состав на Надзорниот одбор е составен од членови кои имаат колективно и индивидуално знаење, способности и стручно искуство како и интегритет и репутација соодветни за системски значајна банка врз основа на извршеното поединечно и групно самооценување.

Согласно Одлука донесена на Собрание на акционерите на УНИБанка АД Скопје одржана на 16.01.2024 година бр.0201/4-2/2024, на членовите на Надзорниот одбор на Банката им се определува месечен надоместок во износ од 520 евра, во денарска противредност по среден курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на плаќањето.

| Член на Надзорен Одбор | Професија | Податоци за работодавач | Позиција кај работодавачот | Дата на назначување во УНИ Банка АД Скопје | Податоци за членување во органи на управување на други друштва | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| [1]Светозар Александров Попов | Дипломиран економист, магистер по економија | Прва Инвестициона Банка АД, Софија | Член на Управен Одбор, Извршен Директор и Главен Директор за ризици | 04.07.2025 одлука на Собрание | член на Совет на директори на МАЈФИН ЕАД | До 11.11.2025г. |

1 Светозар Александров Попов на 10.12.2025 година ја повлече својата кандидатура за функцијата член на Надзорниот одбор, од лични причини.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| [2]Ралица Иванова Богоев | Дипломиран економист, со специјалност сметководство и контрола | Прва Инвестициона Банка АД, Софија | Член на Управен Одбор, Извршен Директор | 04.07.2025 одлука на Собрание | член на Совет на директори на ФИНКЛУБ АД, во ликвидација | До 26.12.2029г |
| [3]Јанко Ангелов Караколев | Дипломиран економист, со специјалност финансии | Прва Инвестициона банка АД, Софија | Член на Управен Одбор, и Главен финансиски директор | 04.07.2025 одлука на Собрание | Член на Управниот совет во Прва Инвестициона Банка АД Албанија | 04.12.2029г. |
| Дејан Кнезовиќ | Дипломиран правник, Адвокат | Адвокатско Друштво Кнезовиќ и Соработници | Управувачки партнер | 04.07.2025 одлука од Собрание | | 24.10.2029г. |
| Николај Сергеевич Драгомиреци | Дипломиран економист, магистер по економија | Екобултекс АД Софија | Извршен директор | 26.05.2021 одлука на Собрание | Член на Управниот совет во Прва Инвестициона Банка АД Албанија | 09.03.2026г. |
| Константин Илијчов Арнаудов | Дипломиран економист | Прва Инвестициона Банка АД, Софија | Директор на Корпоративно банкарство | 17.10.2022 Одлука на Собрание | | 19.04.2027г. |

Надзорниот одбор на Банката го сочинуваат 6 (шест) членови, од кои 2 (два) члена Николај Сергеевич Драгомирецки и Дејан Кнезовиќ се независни членови. Мандатот на Светозар Александров Попов, Ралица Иванова Богоева и Јанко Ангелов Караколев им престана на 11.11.2025 година, а на независниот член Дејан Кнезовиќ мандатот му престана на 25.09.2025 година.

Со Одлука донесена на седница на Собрание на акционери на Банката одржана на 04.07.2025 година, направен е повторен избор на овие лица за членови на Надзорниот одбор. При изборот на независните членови во целост се испочитувани критериумите за независност утврдени со Законот за банките. Независните членови и со нив поврзаните физички лица, не се вработени, ниту се лица со посебни права и одговорности во Банката, не се акционери со квалификувано учество во Банката, ниту

2 Со Решение бр. 15-35500/9 од 26 декември 2025 година, Народна банка на РСМ издаде претходна согласност за именување на г-ѓа Ралица Иванова Богоева за член на Надзорниот одбор, за период од 4 години.

3 Со Решение бр. 15-31001/12 од 4 декември 2025 година, Народна банка на РСМ издаде претходна согласност за именување на г-дин Јанко Ангелов Караколев за член на Надзорниот одбор, за период од 4 години.

застапуваат акционер со квалификувано учество во Банката, не работат, односно во последните три години не работеле во друштво за ревизија кое во тој период вршело ревизија на работењето на Банката и во последните три години немале материјален интерес или деловен однос со Банката во вредност која просечно надминува 3 милиони денари.

Во текот на 2025 година се одржаа вкупно 22 (дваесет и две) седници на Надзорниот одбор:

- Претседателот Светозар Попов учествуваше во работата на 18 седници,
- Ралица Богоева учествуваше во работата на 19 седници,
- Јанко Караколев учествуваше во работата на 18 седници,
- Константин Арнаудов учествуваше во работата на 19 седници,
- Николај Драгомирецки учествуваше во работата на 19 седници и
- Дејан Кнезовиќ учествуваше во работата на 20 седници.

Надзорниот одбор во текот на 2025 година донесе значајни одлуки и заклучоци за решавање на прашања од надлежноста на Одборот, меѓу кои:
Усвојување на планот и буџетот на Банката за 2026 година; разгледување на Годишен извештај за работењето на Банката; разгледување на Извештајот од извршената ревизија од работењето на Банката за 2024 година од овластениот ревизор; одлука за исплата на камата за перпетуална обврзница; редовно разгледување на: извештаите за трансакции со поврзани лица со Банката, записниците на Одборот за управување со ризици, извештаи на Одборот за ревизија, извештаи на Службата за контрола на усогласеност со прописите и спречување перење пари и финансирање на тероризам, извештаи за Сигурност на информативниот систем, Извештај за проценка на ризик од перење пари и финансирање на тероризам на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2024 година, извештаи за ликвидноста, економско финансиската состојба на Банката и донесување на соодветни заклучоци за ефикасна искористеност на средствата, како и одржување во рамките на законската регулатива; разгледување и одобрување на Извештајот за активности на внатрешната ревизија, Годишниот план за внатрешна ревизија; усвојување на годишниот попис на готовина, побарувања и обврски и основни средства на Банката и Одлуки за кредитни барања.

Во извештајната година Надзорниот одбор го разгледуваше Ризичниот профил на Банката, ги ревидираше политиките и други интерни акти на Банката:Политика за наградување, Политика за користење на услуги на надворешни лица,Кодекс за корпоративно управување, Политика за управување со кредитниот ризик, Кредитна политика и правила за кредитирање,Политика за управување со ликвидносен ризик,

Политика за управување со пазарниот ризик,Политика за управување со правен ризик, Политика за управување со стратегиски ризик,Политика за управување на репутацискиот ризик,Политика за управување со ризик од промена на каматни стапки, Политика за управување со оперативен ризик, Политика за управување со ризикот на земјата, Стратегија за управување со ризици и прифатливо ниво на ризик, Политика за управување со ризикот од концентрација на изложеност,Политика на процес на утврдување на интерна ликвидност, Политика за управување со ризикот од друга договорна страна, Рамка за управување на ризици, Стратегијата за инвестирање при тргување со девизни средства, финансиски деривативи и хартии од вредност, Политика за начинот на избор, следење на работењето и разрешување на останатите лица со посебни права и одговорности, Политика за спречување на судир на интереси, Политика за спречување перење пари и финансирање на тероризам, Политика за сигурност на информативниот систем, Политика за вршење работи на застапување во осигурување, Политика за заштита на личните податоци, Сметководствени политики, Политика за пријавување на случаи на корупција и други незаконски и неетички активности од страна на вработените на УНИБанка.

Надзорниот одбор, донесе соодветни одлуки во правец на подобрување на работењето на Банката, поголема профитабилност на работењето, одржување на стабилноста, сигурноста и ликвидноста на Банката.
Во согласност со член 83 од Законот за банките, член 39-а од Статутот на Банката, Политиката за начинот на избор, следење и работењето и на разрешувањето на членови на надзорен одбор, одбор за управување со ризици, одбор за ревизија и управен одбор и Кодексот за корпоративно управување, сите членови на Надзорниот одбор имаат соодветни квалификации и експертски знаења.

Надзорниот одбор изврши поединчено и групно самооценување на својата работа од аспект на поединечните членови и колективно и за истото го известува Собранието на Банката.

### 1.3. Одбор за управување со ризици

Одборот за управување со ризици се состои од шест члена, кои ги именува Надзорниот одбор на Банката, со мандат од четири години.
Членовите на Одборот за управување со ризици се избираат од лицата со посебни права и одговорности кои се вработени во Банката. Еден од членовите на Управниот одбор на Банката задолжително е член на Одборот за управување со ризици.

| **Член на Одбор за управување со ризици** | **Институција** | **Позиција** | **Дата на назначување** | **Информација за членства во други органи на надзор и/или управување** |
|---|---|---|---|---|
| Орлин Георгиев Ваташки | УНИБанка АД Скопје | Член на Управен Одбор | 29.08.2025г. | Не членува во други органи на надзор и/или управување |
| Владислав Хаџидинев | УНИБанка АД Скопје | Член на Управен Одбор | 30.06.2025г. *престанок на функција | Не членува во други органи на надзор и/или управување |
| Делчо Крастев | УНИБанка АД Скопје | Член на Управен Одбор | 23.02.2024г. | Не членува во други органи на надзор и/или управување |
| Здравко Здравески | УНИБанка АД Скопје | Одговорен директор за ризици | 23.02.2024г. | Не членува во други органи на надзор и/или управување |
| Владимир Марковски | УНИБанка АД Скопје | Директор на Дирекција Сигурност | *именуван од Надзорен одбор на 28.02.2025г. Функцијата започна да ја извршува сметано од 19.05.2025г. | Не членува во други органи на надзор и/или управување |
| Ѕвонко Станковски | УНИБанка АД Скопје | Директор на Дирекција Трежри | 28.02.2025. *престанок на функција | Не членува во други органи на надзор и/или управување |
| Катица Кузманоска | УНИБанка АД Скопје | Одговорен директор за бизнис развој | 28.10.2022г. | Не членува во други органи на надзор и/или управување |
| Робертино Николоски | УНИБанка АД Скопје | Одговорен директор за контрола на усогласеност со прописи | 27.09.2024г. | Не членува во други органи на надзор и/или управување |

Во 2025 година, Одборот за управување со ризици ги следеше и анализираше сите банкарски ризици и даваше препораки за унапредување на системот за управување со ризици на Банката, согласно Законот за банките, Статутот на Банката и регулаторната рамка поврзана со системот за управување со ризиците на Банката.

Одборот за управување со ризици во 2025 година, на своите седници, кои во согласност со Законот за банките се одржуваа еднаш неделно, работеше и одлучуваше во рамките на своите надлежности утврдени со закон и подзаконски акти, Статутот, деловникот за работа на одборот и другите интерни акти на Банката. Одборот за управување со ризици квартално го известуваше Надзорниот одбор на Банката за промените во ризичните позиции, промените во стратегијата за управување со ризици, ефектите од управување со ризиците врз перформансите на Банката, како и превземените мерки и инструменти за заштита од ризиците и ефектите од истите. На седниците на Одборот, редовно беа следени ризиците на коишто е изложена Банката во своето работење и го следеше и оценуваше степенот на ризичност на Банката преку разгледување соодветни извештаи произлезени од закон, подзаконски акти и интерните акти на Банката коишто го регулираат управувањето со ризиците.

Одборот за управување со ризици на Банката изврши поединечно и колективно самооценување на своето работење и истото го достави на разгледување до Надзорниот одбор.

Во согласност со член 83 од Законот за банките, член 39-а од Статутот на Банката, Политиката за начинот на избор, следење и работењето и на разрешувањето на членови на НО, ОУР, ОР и УО и Кодексот за корпоративно управување, сите членови на Одбор за управување со ризици имаат соодветни квалификации и искуства.

Согласно Правилникот за надоместок на вработените за учество во органи, комисии и други и тела во Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, членовите на Одборот за ревизија: Здравко Здравески, Ѕвонко Станковски, Катица Кузманоска, Робертино Николоски и Владимир Марковски, остваруваат надоместок, кој на годишно ниво изнесува 199.074,00 во бруто износ.

## 1.4. Одбор за ревизија

Одборот за ревизија се состои од пет члена кои ги именува Надзорниот одбор на Банката, со мандат од 4 (четири) години. Мнозинството членови во Одборот за ревизија се избираат од редот на членовите на Надзорен одбор, а останатитете членови се независни членови. Најмалку еден член на Одборот за ревизија е овластен ревизор.

| **Член на Одбор за ревизија** | **Податоци за работодавач** | **Позиција кај работодавачот** | **Дата на назначување/ реименување** | **Информација за членства во други органи на надзор и /или управување** |
|---|---|---|---|---|
| [5]Јанко Ангелов Караколев | Прва Инвестициона Банка АД Софија | Член на Управен Одбор и Главен финансиски директор | 01.02.2023г. | Член на Управниот совет во Прва Инвестициона Банка АД Албанија |
| [6] Светозар Александров Попов | Прва Инвестициона Банка АД Софија | Член на Управен Одбор, Извршен Директор и Главен Директор за ризици | 01.02.2023г. | член на Совет на директори на МАЈФИН ЕАД |
| [7] Ралица Иванова Богоева | Прва Инвестициона Банка АД, Софија | Член на Управен Одбор, Извршен Директор и Главен Директор за банкарство на мало | 01.02.2023г. | член на Совет на директори на ФИНКЛУБ АД |
| Радмила Миловановиќ | Овластен ревизор | Дипломиран економист | 29.03.2024 | не членува во други органи на надзор и/или управување |
| д-р Даниела Бојаџиева | редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје | Дипломиран економист | 29.03.2024 | не членува во други органи на надзор и/или управување |

[4] Согласно измените на Статутот на УНИБанка АД Скопје кои стапија на сила сметано од 19.05.2025 година, мандатот на членовите на Одборот за ревизија изнесува 4 (четири) години.
5 Престанок на мандат на 11.11.2025 година
[6] Престанок на мандат на 11.11.2025 година
[7] Престанок на мандат на 11.11.2025 година

На седница на Надзорниот одбор одржана на 29.03.2024 година, на членовите на Одборот за ревизија им се определува надоместок во износ од 9.000 денари, за секоја одржана седница на Одборот,односно во 2025 година исплатен е надоместок во вкупен бруто износ од 360.000,00 денари.

Во 2025 година, Одборот за ревизија одржа 9 (девет) седници заради разгледување и одлучување на одредени прашања од надлежноста на одборот меѓу кои:

- ги разгледува финансиските извештаи на банката и се грижи за точноста и транспарентноста на објавените финансиските информации за работењето на банката во согласност со прописите за сметководство и меѓународните сметководствени стандарди;
- ги разгледува и оценува системите за внатрешна контрола;
- ја следи работата и ја цени ефикасноста на службата за внатрешна ревизија;
- го следи процесот на ревизија на банката и ја оценува работата на друштвото за ревизија;
- ги донесува сметководствените политики на банката;
- ја следи усогласеноста на работењето на банката со прописите што се однесуваат на сметководствените стандарди и финансиските извештаи;
- одржува состаноци со управниот одбор, службата за внатрешна ревизија и друштвото за ревизија во врска со утврдени неусогласености со прописите;
- ги разгледува извештаите на одборот за управување со ризици;
- предлага назначување на друштво за ревизија и раскинување на склучен договор со друштвото за ревизија;
- најмалку еднаш во три месеци го известува Надзорниот одбор на Банката за својата работа;
- најмалку еднаш годишно врши оценка на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно;
- поднесува полугодишен и годишен извештај за својата работа до Надзорниот одбор на Банката, при што во годишниот извештај е содржана оцената на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно и
- врши и други работи во согласност со законските и подзаконските прописи, Статутот и другите акти на Банката.

Во согласност со член 83 од Законот за банките, член 39-а од Статутот на Банката, Политиката за начинот на избор, следење и работењето и на разрешувањето на членови на НО, ОУР, ОР и УО и Кодексот за корпоративно управување, сите членови на Одбор за ревизија имаат соодветни квалификации и искуства, како и експертски знаења.

Одборот за ревизија изврши поединечно и групно самооценување на своето работење.Одборот за ревизија најмалку еднаш во три месеци го известуваше Надзорниот одбор на Банката за својата работа.

### 1.5. Управен одбор

Управниот одбор на Банката ја претставува и застапува Банката и раководи со нејзиното работење. Управниот одбор на Банката се состои од 3 (три) члена, еден претседател на Управен одбор и двајца членови на Управниот одбор.
Надзорниот одбор на Банката ги именува членовите на Управниот одбор, по претходна согласност од НБРСМ. Со одлуката на Надзорниот одбор еден од членовите на Управниот одбор се именува за Претседател на Управен одбор. Мандатот на членовите на Управниот одбор трае 5 години.

| **Управен одбор** | **Институција** | **Позиција** | **Дата на назначување** | **Податоци за членување во други органи на надзор** |
|---|---|---|---|---|
| Милка Тодорова | УНИБанка АД Скопје | Претседател на Управен одбор | 27.10.2023г. одлука од Надзорен одбор | член на НО на Интернационален Картичен Систем АД Скопје |
| Делчо Крастев | УНИБанка АД Скопје | Член на Управен одбор | 30.08.2024г. одлука од Надзорен одбор | |
| * Владислав Хаџидинев | УНИБанка АД Скопје | Член на Управен одбор | 27.10.2023г. одлука од Надзорен одбор<br><br>***Престанок на мандат:** 30.06.2025 г. | |
| Орлин Георгиев Ваташки | УНИБанка АД Скопје | Член на Управен одбор | 30.04.2025 г. одлука од Надзорен одбор | |

Позначајни активности на Управниот одбор во 2025 година се следните: одлучување за кредитни барања на предлог на Кредитниот одбор на Банката, за набавка на основни средства, за засновање на работни односи и распоредување на вработените согласно законските прописи; изготвување на план и буџет за 2026 година; разгледување на извештаите на Службата за внатрешна ревизија и Службата за контрола на усогласеност со прописи; покренување на иницијативи и предлози за унапредување на работењето на Банката; спроведување на одлуките на Надзорниот одбор и Собранието на Банката; усвојување на одлуки за измена на Тарифата на надоместоци на Банката, како и одлуки за промени на каматните стапки на кредити и депозити, усвојување на план и одлуки за продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања и други активности во согласност со Законот и Статутот на Банката.

Во согласност со член 83 од Законот за банките, член 39-а од Статутот на Банката, Политиката за начинот на избор, следење и работењето и на разрешувањето на членови на Надзорен одбор, Одбор за управување со ризици, Одбор за ревизија и Управен одбор и Кодексот за корпоративно управување, сите членови на Управниот одбор имаат соодветни квалификации и искуства, како и експертски знаења.

Во 2025 година Управниот одбор активно беше посветен на обезбедување услови за непречено функционирање на целата инфраструктура и за поддршка на потребите на сите клиенти, подобрување на дигиталната инфраструктура, корисничко искуство и финансиски решенија што им овозможуваат на поединците и бизнисите да ги постигнат своите цели, истовремено одржувајќи ги највисоките стандарди на интегритет и одговорност.

### 1.6. Кредитен одбор

Кредитниот одбор на Банката се формира од страна на Надзорниот одбор на Банката, кој го определува бројот и именува членови од редот на вработените лица во Банката.

Мандатот на членовите на Кредитниот одбор на Банката трае 4 години, сметано од денот на нивното именување.

Кредитниот одбор е составен од 5 (пет) члена и тоа:

- Директор на Дирекција Управување со ризик;
- Директор на Дирекција Корпоративно банкарство;
- Директор на Дирекција Правни работи,
- Директор на Дирекција Стратешки клиенти и
- Раководител на Сектор кредитен ризик.

Кредитниот Одбор работи во согласност со Кредитната Политика и актите на Банката, донесени од органите на управување и надзор на Банката. Кредитниот Одбор на Банката разгледува барања за пласмани од клиентите и донесува одлуки за одобрување на истите, во согласност со Нивоата за авторизација.

## 1.7. Одбор за наградување, избор и именување

Одборот за наградување, избор и именување се состои од три члена, од редот на членовите на Надзорниот одбор, во состав:

- Ралица Богоева - претседател,
- Јанко Караколев - член и
  Николај Драгомирецки – член.

Одборот за наградување, избор и именување во рамките на своите надлежности ги врши следните активности:

- подготвува предлог одлуки до Надзорниот одбор во врска со наградување на вработените;
- дава предлози и препораки до Надзорниот одбор во врска со наградувањето на вработените во Банката и предлог за наградување на секое од лицата надлежни за функциите на контрола;
- оценува дали системот на наградување ги има предвид профилот на ризик на банката и нејзината солвентна, ликвидносна и профитабилна позиција;
- предлага корективни мерки во случај кога се забележани некои потешкотии или отстапувања во спроведувањето на Политиката на наградување;
- информира и дава поддршка на Надзорниот одбор во врска со подготовка, ревидирање и следење на спроведувањето на Политиката за наградување;
- врши прием и оценување на извештаите на Службатаза внатрешна ревизија, кои вклучуваат наоди од ревизијата на усогласеноста на начинот на спроведувањето на наградувањето во Банката со правилата и критериумите од Политика за наградување, како и препораки во однос на можното ревидирање на применетите политики со цел да се избегне создавање на стимулации за прекумерно преземање ризици или други постапки кои не се во согласност со целите поставени од страна на Банката и
- соработува со други Одбори на Банката, чии активности може да влијаат на подготовката и на ефективната имплементација на Политиката за наградување и нејзините практики

Во текот на 2025 година Одборот за наградување, избор и именување одржа 6 (шест) седници на кои беа разгледани материјали и донесени предлог-одлуки од својата надлежност и доставени до Надзорниот одбор за конечно одлучување.

## 1.8. Внатрешна ревизија

Службата за внатрешна ревизија ги извршува своите активности во согласност со Законот за банките, Одлуката за добро корпоративно управување во банка, останатата законска регулатива, интерните акти на Банката и Тригодишниот и Годишниот план за ревизија. Генерално, ревизиите беа спроведени во согласност со годишниот план за ревизија. Во текот на 2025 година, Службата за внатрешна ревизија ги изврши следните ревизии:

Управување со кредитен ризик; Кредитирање на правни лица; Кредитирање на физички лица; Проблематични пласмани и преземени средства; Управување со ризик од концентрација на изложеност; Управување со ИТ ризик; Адекватност на капиталот, ПИК (ICAAP); Управување со Ликвидносен ризик, ПИЛ (ILAAP); Корпоративно управување, управување со ЕСГ ризици; Заштита на лични податоци; Спречување перење пари и финансирање на тероризам; Управување со валутен, каматен и пазарен ризик; Управување со готовина, сефови и инвестициско злато; Тргување со хартии од вредност, девизен пазар; Управување со недвижности, опрема и документација на Банката; Електронско и мобилно банкарство; Сметководство на Банката и оданочување; Управување со продажна мрежа; Користење услуги од надворешни лица; Агентски услуги; Маркетинг и деловна комуникација; Политика за наградување; Ревизии на експозитури на Банката; Вонредни ревизии; Оцена на постапување по мерки од Акциски план на НБРСМ.

## 1.9. Контрола на усогласеност со прописи

Во текот на 2025 година, Службата за контрола на усогласеност со прописите спроведе активности и контроли на усогласеност.

За активностите и контролите информирани се Управниот одбор, Надзорниот одбор и соодветните дирекции преку месечните и полугодишните извештаи. За утврдените неусогласености се преземаат активности за усогласување од страна на надлежните дирекции/сектори/служби и се следи спроведувањето на истите.

Во извештајниот период, Банката продолжи да презема активности за обезбедување на законското работење, како и за заштита од можна неусогласеност со прописите.

Во насока на остварување на функцијата контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите врз основа на Политиката за контрола на усогласеност со прописи, Процедурата за следење и контрола на усогласеноста на прописите и другите интерни акти беа преземени следните активности:

- следење на новата законска и позаконска регулатива донесена од страна на регулаторот и оцена на нејзиното влијание врз работењето на Банката;
- известување до соодветните дирекции/сектори/служби на Банката за измените во законската и подзаконската регулатива и за нивното влијание врз активностите на организациските единици;
- активно учество во изготвување и ревидирање на интерните акти на Банката од аспект на нивна усогласеност со регулативата;
- давање стручни мислења и помош, како и остварување соработка во тековните активности од аспект на примена и почитување на прописите;
- редовно известување на Управниот и на Надзорниот одбор за остварувањето на функцијата контрола на усогласеноста на работењето на Банката на месечно и на полугодишно ниво;
- давање стручно мислење во однос на воведувањето нови производи во Банката од аспект на нивната усогласеност со законската и со подзаконската регулатива и води регистар за нови производи и услуги.

Банката има усвоено и доследно ја применува Политиката за спречување перење пари и финансирање на тероризам и соодветните интерни акти коишто ја регулираат оваа област и воедно соработува со надлежните институции и кореспондентските банки. Банката во целост ги има имплементирано сите инструменти кои произлегуваат од позитивните прописи во насока на ефикасно откривање и спречување перење пари и финансирање тероризам и беа спроведени обуки за примена на процедурите од областа на спречување на перење на пари и финасирање на тероризам.

### 1.10. Надворешна ревизија

Друштвото за ревизија, кое врши ревизија на финансиските извештаи и работењето на Банката го избира, назначува и разрешува Собранието на акционери по предлог на Надзорниот Одбор и Одборот за ревизија. При изборот на друштвото за ревизија се имаше во предвид друштвото за ревизија да работи во согласност со Сметководствените стандарди, Меѓународните стандарди за финансиско известување, Законот за ревизија, Кодексот за етика на професионалните сметководители утврдени од страна на Меѓународната федерација на сметководители, со соодветниот пропис со кој се регулира содржината на ревизијата

на работењето и на годишните финансиски извештаи на Банката и со други прописи со кои се регулира работењето на друштвото за ревизија.

При изборот на друштвото за ревизија се почитува ограничувањето во регулативата за најмногу пет последователни ревизии од страна на исто друштво за ревизија кое врши ревизија на годишните финансиски извештаи при што се обезбедува периодична ротација на друштвото за ревизија.

Со Одлука на Собрание на акционери на Банката СО број 0201/4-11/2025 од 29.04.2025 година избрано е Друштвото за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје да ја изврши ревизијата на финансиските извештаи на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2025 година.

## 2. Политика за спречување на судир на интереси

Во 2025 година Банката работеше во согласност со Политиката за спречување судир на интереси која е ревидирана од Надзорниот одбор на Банката на седницата одржана на 28.02.2025 година, со која се утврдени принципите кои Банката ги применува во идентификувањето на потенцијалните судири на интереси, како и дефинирање на мерките и активностите кои се преземаат во случаите кога постои судир на интереси. Врз основа на член 100 став 1 од Законот за банките, Кодексот за корпоративно управување на УНИБанка АД Скопје и предметната Политика, лицата со посебни права и одговорности ја исполнија нивната обврска за давање изјава за постоење или непостоење на судир на интереси со лица поврзани со нив, на полугодишна основа.

Банката во Политика за спречување на судир на интереси го дефинира судирот на интереси и принципите кои банката ги применува во идентификувањето на потенцијалните судири на интереси, како и активностите кои се преземаат во случаите кога постои судир на интереси, вклучувајќи ги и мерките за спречување на судирот на интереси во вршењето на професионалната дејност во УНИБанка. Политиката се почитува и постапува по неа од страна на сите вработени во Банката и истата ги поставува обврските и одговорностите на лицата со посебни права и одговорности и останатите вработени во Банката по однос на избегнувањето на потенцијален судир на интереси.

Непосредните раководители на организационите единици спроведуваат хиерархиска контрола во поглед на примена и почитување на одредбите од Политиката и преземаат мерки и активности за отстранување и коригирање на однесувањето на вработен кое не е во согласност со Политиката.

Лицата со посебни права и одговорности во Банката на секои шест месеци даваат писмена изјава за постоење, односно непостоење, на судир на нивниот личен интерес со интересот на Банката.

Членовите на Надзорниот одбор и Управниот одбор не присуствуваат при донесувањето на одлуките на овие органи, доколку нивната објективност е доведена во прашање заради постоење на судир помеѓу нивниот личен интерес и интересот на Банката. За постоење на судир на интереси членот на Надзорниот или Управниот одбор дава писмена изјава пред одржување на седницата, која се доставува до Надзорниот и Управниот одбор и во која се наведува основот од кој произлегува судирот на интереси.

## 2.1 Информации и податоци поврзани со спроведувањето на Политиката за наградување

Наградувањето во Банката е уредено со Политиката за наградување, која е во согласност со оперативната политика и деловната стратегија на Банката, нејзините вредности, цели и долгорочни интереси. Главната цел на Политиката е да се привлечат и задржат високо квалификувани и мотивирани вработени, истовремено мотивирајќи ги да постигнат високи резултати на умерено ниво на ризик, во согласност со вредностите на Банката, како и долгорочните интереси на Банката и нејзините акционери.

Наградувањето во Банката е поделено на фиксен и варијабилен надоместок. Варијабилниот надоместок не е загарантиран. Во Фиксниот надоместок се подразбираат надоместоците што ги добива вработениот чиишто услови за исплата и за определување на нивната висина зависат од претходно утврдени критериуми и не зависат од успешноста во работењето (плата, паушал и др. надоместоци согласно закон).
Фиксниот дел од вкупниот надоместок е значително повисок, односно варијабилниот дел на годишно ниво не надминува 100% од фиксниот дел од вкупниот надоместок исплатен на секој вработен или член на орган на Банката.
Под Варијабилниот надоместок се подразбираат сите надоместоци коишто не се сметаат за фиксен дел од надоместокот и зависи од долгорочната успешност во извршувањето на работните задачи од страна на вработениот, имајќи го предвид преземеното ниво на ризик, (обука во земјата или странство, користење службен автомобил за лична употреба и др.).

Варијабилниот надоместок се исплаќа само во зависност од целокупната финансиска состојба на Банката и се заснова согласно работењето на Банката, организационата единица која е вклучена, и поединецот на кој се однесува.

**Износ на вкупниот надоместок исплатен во текот на годината (бруто износ во денари)**

| Тип на лице | Број на лица | Фиксен надоместок | Варијабилен надоместок |
|---|---|---|---|
| Надзорен одбор | 6 | 2,527,574.00 | 2,677,616.00 |
| Одбор за ревизија | 5 | 360,000.00 | 0 |
| Управен одбор | 4 | 27,375,145.00 | 8,325,158.00 |
| Лица со ППО | 42 | 100,206,868.00 | 26,492,659.00 |
| Вработени | 380 | 309,017,776.00 | 41,510,242.00 |
| Вкупно | | 439,487,363.00 | 79,005,675.00 |

### 3. Користење на услуги од надворешни лица

Поради извршувањето на секојдневните финансиски активности и деловни процеси, Банката користи услуги од надворешни лица.

Потребата Банката да користи услуги од надворешни лица произлегува од економската оправданост за користење на овие услуги или од потребата за поголема стручност и специјализација во определени области.

Банката при донесувањето на одлуките за користење на услуги од надворешни лица задолжително спроведува анализа на предностите и слабостите што би можеле да произлезат од ангажирањето на надворешни лица при спроведување на определена активност или деловен процес во Банката, како и анализа на ризиците кои произлегуваат од тие ангажмани.

Надзорниот Одбор на Банката усвојува Политика за користење услуги од надворешни лица, во која се дефинираат конкретно условите под кои Банката може да донесе одлука за користење на услуги од надворешни лица, анализа на економските бенефиции и се дефинира начинот на кој се врши изборот на надворешните лица кои би ги спровеле услугите.

Банката во текот на 2025 година користеше услуги од надворешни лица, при што во извештајната година не е склучен нов договор за користење на значајна услуга од надворешно лице само анекс кон договорот со ЦКУ, согласно со дефиницијата за значајна услуга од надворешно лице утврдена во Одлуката за методологијата за управување со ризиците и критериумите утврдени во интерните акти на Банката.

## 4. Заштита на лични податоци

Банката ја обезбедува заштитата на личните податоци за своите клиенти, менаџментот и вработените и сите други субјекти, чии лични податоци на било кој начин (автоматски или рачно) се обработуваат од Банката, во согласност со законската регулатива за заштита на лични податоци.

Сите податоци со кои располага Банката, без разлика дали Банката ги добила од клиентот или се резултат на работење, соработката и давањето услуги на клиентите, се тајни.

Банката како контролор на лични податоци ги утврдува целите и начинот на обработка на лични податоци и применува соодветни технички и организациски мерки за да обезбеди нивна законита обработка.

Континуирано внимание се посветува на безбедноста и заштитата, како и на подобрувањето на ИТ аспектот на безбедност и подигање на безбедносните стандарди за заштита на сите податоци со кои Банката располага. Банката се грижи за заштита на личните податоци на клиентите, договорните партнери и вработените и ја спроведува Политиката за заштита на личните податоци уредена со доследно почитување на правилата и обврските предвидени во домашната и во меѓународната регулатива., со која се утврдуваат правилата поврзани со заштитата на поединците во однос на собирањето и обработката лични податоци. Сите детални информации за обработка на лични податоци на клиенти, вработени, деловни партнертнер и други лица чии податоци се обработуваат,односно Политиката за приватност, Политиката за колачиња и други информации и интерни акти од оваа област се јавно достапни на веб-страницата на Банката, како и податоци за контакт лицето – Офицер за заштита на личните податоци.

## 5. Податоци за поврзаност на Банката и поврзаноста на лицата со посебни права и одговорности во Банката

Согласно Одлуката за начинот на утврдување поврзани лица и за лимитите на изложенност, како лица поврзани со Банката се дефинирани следниве:

- подружница на Банката и други лица со кои Банката има блиски врски;
- акционери со квалификувано учество во Банката и лицата поврзани со нив, како и одговорните лица на тие акционери - правни лица и
- лица со посебни права и одговорности во Банката и лицата поврзани со нив.

Банката има претставништво, а податоците за поврзаноста на акционерите со квалификувано учество, како и лицата со посебни права и одговорности во Банката и лицата поврзани со нив се како што следат:

| |
|---|
| **Цеко Тодоров Минев** |
| ** непосредно/посредно поседува акции/удели во следните друштва*:<br>Прва Инвестициона Банка АД Софија<br>Прва Инвестициона Банка АД, Албанија<br>Прва Финансиска Брокерска Куќа АД Софија<br>Garda Shipping Company Limited<br>T.R.T. HOLDING TRUST REG |
| |
| **Ивајло Димитров Мутафчиев** |
| ** непосредно/посредно поседува акции/удели во следните друштва*:<br>Прва Инвестициона Банка АД Софија<br>Прва Инвестициона Банка АД, Албанија<br>Интернационален Картичен Систем АД Скопје КаСис<br>Прва Финансиска Брокерска Куќа АД Софија<br>Korax Trust |
| |
| **Светозар Александров Попов** |
| ** членство во други одбори или лица со посебни права и одговорности во следните друштва*<br>Прва Инвестициона Банка АД Софија<br>МАИФИН ЕАД Софија |
| |
| **Ралица Иванова Богоева** |
| ** членство во други одбори или лица со посебни права и одговорности во следните друштва*<br>Прва Инвестициона Банка АД Софија<br>ФИНКЛУБ АД Софија – во ликвидација |
| |
| **Јанко Ангелов Караколев** |
| ** членство во други одбори или лица со посебни права и одговорности во следниве друштва*<br>Прва Инвестициона Банка АД Софија<br>Прва Инвестициона Банка АД Албанија |
| |
| **Николај Сергеевич Драгомирецки** |
| ** членство во други одбори или лица со посебни права и одговорности во следниве друштва*<br>Прва Инвестициона Банка АД Албанија |
| |

| Милка Тодорова |
|---|
| ***членство во други одбори или лица со посебни права и одговорности во следниве друштва** Интернационален Картичен Систем АД Скопје КаСис |

Во текот на 2025 година акционерите и лицата со посебни права и одговорности, по извршениот увид во списокот на акционери, лица со посебни права и одговорности и кредитокорисници, доставија изјави за поврзаност со лица со посебни права и одговорности, акционери и кредитокорисници на Банката во предвидениот рок, најдоцна до 31 јануари, согласно Одлуката за начинот на утврдување поврзани лица и за лимитите на изложеност. На редовна шестмесечна основа (јануари и јуни 2025 година) лицата со посебни права и одговорности доставија и изјави за постоење/непостоење на судир на нивниот личен интерес со интересот на Банката, согласно член 100 од Законот за Банки.

## 6. Календар на значајни активности

Седници на Годишно собрание на акционери на УНИБанка во 2025 година

| Датум | Настан |
|---|---|
| 29.04.2025г. | Годишна седница на собрание на акционери на УНИБанка |
| 04.07.2025г. | Вонредна седница на собрание на акционери на УНИБанка |
| 31.07.2025г. | Вонредна седница на собрание на акционери на УНИБанка |

Банката целосно, навремено и точкно на веб страницата www.unibank.mk го има објавено Годишниот извештај за работењето на Банката, донесените материјали и одлуки на Собранието на акционери, кои согласно регулативата и Кодексот на Берза треба да бидат достапни најмалку пет години.

## 7. Корпоративна општествена одговорност

Преку своите спонзорски и донаторски активности, УНИБанка АД Скопје е вклучена и активно поддржува различни иницијативи и проекти кои придонесуваат за развојот и подобрувањето на општеството на целата територија на Република Северна

Македонија. Исто така, Банката се стреми да негува двонасочна комуникација со заедницата и постигнување колку што е можно поголема транспарентност.

Во 2025 година УНИБанка го задржа континуитетот на спонзорство и поддршка на повеќе културно-општествени и едукативни настани:

- Во делот на култура и традиција, генерално спонзорство на активностите поврзани со организирање на Струмички карневал;
- Генерално спонзорство на активностите поврзани со E-commerce трговија;
- Спонзорство на 64-то издание на фестивалот Охридско лето 2025 година;
- Спонзорство на Економски факултет;
- Спонзорство на телевизиско кулинарско шоу Авантурите на Марк III сезона;
- Спонзорство на модниот викенд Fashion Weekend Skopje, за афирмација и промоција на макеонската мода, но и за поддршка на млади дизајнер;
- Спонзорски пакет „Бронзен партнер“ на манифестацијата Избор на најдобрите во Македонската е-трговија „E-commerce awards“ за 2025 година, организиран од страна на Асоцијација за е-трговија на Македонија АЕТМ, Скопје и
- Спонзорство на ИТ конференција What the Stack и
- Спонзорство во делот на музика, концерти 25 години кариера, Ана и Игор Дурловски.
-

Поддршката на спортски активности и спортски клубови продолжи и во 2025 година преку спонзорсто и поддршка на:

- Спонзорство за остварување, унапредување, промоција и поддршка на скијачките спортови во Македонија за 2025/2026 година на Скијачка Федерација на Македонија- Скопје;
- Спонзорство на Тениска федерација на РСМ, на тениски натпревари и фестивали;
- Спонзорство за остварување, унапредување, промоција и поддршка на кошарката преку КК Гостивар;
- Спонзорство на велосипедизам преку велосипедистка Дуња Иванова;
- Организирање на петиот Тениски турнир УНИБанка INVITATIONAL 2025, на кој учествуваа голем број партнери, клиенти, аматери, рекреативци, и вработени во Банката;
- Спонзорство за остварување, унапредување, промоција и поддршка на пливање преку Сара Анастасовска;
- Спонзорство со цел развивање на тимски дух, спортување, одржување на здравјето и рекреирање на Друштво за спортски дејности Мондано Тенис Клуб ДОО Скопје;

- Спонзорство на Шаховска Федерација на РСМ;
- Спонзорство на фудбалски куп, Илинден КУПИ и
- Спонзорство на меѓународен ракомотен турнир Струга

Во согласност со определбата на Банката за поддршка на настани од јавен интерес како и градење на здравиот животен стил, Банката го поддржа учеството на вработените на најголемата спротска манифестација во земјава Скопскиот маратон и учеството на Авицена женска трка.

## 8. Животна средина, општествени прашања и управување

Климатските промени продолжуваат да бидат дел од најголемите глобални закани и на тој начин го задржуваат своето големо влијание врз функционирањето и активностите на банките како општествено одговорни институции. Во тој контекст, УНИБанка АД Скопје ја препознава важноста на потребата од ублажување и прилагодување кон климатските промени, како и развој на свој пристап кон климатските промени, особено во поглед на намалување на емисиите на стакленички гасови, адаптирање на овие промени, промовирање на обновливите извори на енергија и подобрување на ефикасното управување со енергијата. Банката како финансиска институција придонесува кон раст и развој на целокупната економија и се стреми да промовира цели и активности во однос на климатските промени и пренасочување на капиталните текови кон одржливи инвестиции, кои произлегуваат од заложбите на финансиските институции во поглед на меѓународните прописи од оваа област (Парискиот договор за климатски промени, Целите за одржлив развој на Обединетите нации, како и Европскиот зелен договор и Акциониот план за финансирање на одржлив развој).

Банката е свесна за нејзината улога во општеството и значајноста на сите 17 цели за одржлив развој на Обединетите нации, при што смета дека е во можност најмногу да придонесе за следните цели:

| | | |
|---|---|---|
| | **Цел за одржлив развој 5: Родова еднаквост** | Банката е посветена на овозможување еднакви можности за сите и постојно се труди да постигне соодветна родова застапеност помеѓу вработените и лицата на раководни позиции. |
| | **Цел за одржлив развој 7: Достапна и чиста енергија** | Банката финансиски поддржува проекти поврзани со вложувања во обновливи извори на енергија, технологии кои придонесуваат за подобрување на енергетската ефикасност и други видови на зелени кредити. |

| | | |
|---|---|---|
| | **Цел за одржлив развој 13: Климатска акција** | Банката придонесува за зголемување на капацитетите на обновливи извори на енергија, финансиски поддржува технологии за замена на постојна опрема, материјали и работни процеси заради намалување на јаглеродните емисии, проекти за заштита и позитивно влијание врз животна средина и намалување на загадувањето, а истовремено вложува во сопствени капацитети за производство на енергија од обновливи извори, врши замена на неекономичните потрошувачи на електрична енергија и постојното осветлување со енергетски ефикасно LED осветлување, замена на системите за ладење и греење и други активности за намалување на сопствената потрошувачка на електрична енергија. |

УНИБанка АД Скопје е посветена на промовирање на "одржлив и еколошки развој" од причина што верува дека одржливиот развој претставува суштински аспект на стабилното деловно управување. Банката е во постојан процес на адаптирање на својот бизнис модел и активности на предизвиците поврзани со надворешното окружување, вклучувајќи ги процесите на дигитализација, како и трендовите во полето на одржлив развој. Во текот на 2025 година, Банката усвои и измени интерни акти на стратешко ниво за да го земе предвид влијанието на ризиците поврзани со климатските промени врз деловниот модел. Ризиците поврзани со климатските промени се опфатени во Рамката за управување со ризици, Стратегијата за преземање и управување со ризици и прифатливо ниво на ризик, како и во Кодексот за корпоративно управување и соодветните политики за управување со одделни ризици. Банката има Политиката за одржливо работење која ги опфаќа минималните стандарди, процедури и надзор врз аспектите на одржливиот развој кои се однесуваат на животната средина, социјалните прашања и прашањата поврзани со корпоративното управување и е дел од системот за управување со ризици на Банката.

## 8.1 Организациска структура и надлежности

Банката има ефикасен систем на корпоративно управување кој ги покрива сите области на работењето и тоа:

- Надзорниот одбор на Банката е надлежен за усвојување на политиките за вршење на финансиски активности и го надгледува нивното спроведување, вклучувајќи ја и Политиката за одржливо работење.

- Управниот одбор е одговорен за обезбедување услови за работење на Банката согласно прописите и ефикасно спроведување на процесот на управување со одржливоста, управување и следење на ризиците на кои е изложена Банката во работењето и други надлежности согласно позитивните прописи и интерните акти, како и дава насоки за унапредување на работењето и одржливоста на Банката.

- Одборот за управување со ризици го оценува степенот на ризичност на Банката и го утврдува прифатливото ниво на изложеност на ризици, воспоставува политики за управување со ризици и ја следи нивната примена, ги воспоставува процедурите и начинот на стрес тестирање, вклучувајќи ги и ЕСГ ризиците.

- Дирекција за управување со ризик ги следи изложеноста на Банката на ЕСГ преку дефинирани индикатори.

Во 2025 година Банката определи Одговорно лице и Заменик одговорно лице за управување со ризиците поврзани со животна средина, општествени прашања и управување (ЕСГ ризици), заради редовно разгледување на аспекти поврзани со управувањето и одржливоста, како и ЕСГ практиките на Банката. За активностите, Одговорното лице за управување со ЕСГ ризици го информира Одборот за управување со ризици.

## 8.2 Фактори со материјално значење

Банката на редовна основа врши анализа и идентификување на фактори со материјално значење и процена на нивната значајност и потенцијалното влијание врз работењето на Банката.

Банката ги има идентификувано следните фактори како значајни за нејзиното деловно работење, како и за засегнатите страни:

1. Фактори од исклучително високо значење:
    - Емисии на стакленички гасови, работни услови, деловна етика, борба против корупција, корпоративно управување, безбедност и заштита на податоците, достапност на производите и услугите
2. Фактори од високо значење:
    - Енергетска ефикасност, климатски промени, влијание врз животната средина, обука и развој на вработените, еднаквост и родова застапеност, човекови права, безбедност на производите.

## 8.3 Управување со ризиците поврзани со климатските промени

Генерално, во управувањето со ризиците од ЕСГ, Банката ги следи насоките на НБРСМ, со тенденција за нивна сеопфатна интеграција во сите релевантни процеси. Ризиците од ЕСГ не претставуваат нова категорија на ризик, туку еден од ризичните двигатели на тековните ризици, па во таа насока Банката ги интегрира и управува со нив во воспоставената рамка за управување со ризик. Изложеноста на климатските промени на Банката се согледува преку процена на физички и транзициски ризици.

Банката во своите интерни акти предвидува интерни лимити/прагови за следење и мерење на изложеноста на ризиците поврзани со климатските промени.

Банката како материјален двигател на физички ризици го анализира географското подрачје, односно поплавите и шумските пожари и нивното потенцијално материјално влијание врз кредитната изложеност која е обезбедена со колатерали кои физички се наоѓаат на локации во општините во РСМ изложени на висок ризик од поплави и шумски пожари. Во таа насока, Банката го следи соодносот на вкупната кредитна изложеност на партиите кои се обезбедени со колатерали кои се наоѓаат во општините со висок физички ризик од климатски промени со вкупната кредитна изложеност на Банката.

Согласно трендовите и јавно достапните информации, како сектори/индустрии чувствителни на климатските политики, Банката ги определува следните шест сектори: фосилни горива, комунални услуги, енергетски сектор, градежништво, транспорт и земјоделство. Во таа насока, Банката воспоставува интерен лимит и прифатливо ниво на изложеност определен согласно концентрација на изложеноста кон критичните сектори во чии рамки припаѓаат конкретни дејности чувствителни на климатските политики во вкупното портфолио на правни лица.

## 8.4 Показатели за концентрација на изложеност на ризици од климатски промени:

| **ЕСГ ризик – концентрација** | **Интерен лимит** | **дек.25** |
|---|---|---|
| Изложености обезбедени со колатерали кои се наоѓаат во општините со висок физички ризик | До 50% | 14,15% |
| Изложеност кон критични сектори ПЛ | До 70% | 31,80% |

* За утврдување на Општините подложни на ризик од поплави и пожари Банката користи интерна методологија која ја користи мапата за изложеност на поплави во Регионалниот извештај за Западен Балкан за климатски промени и развој на Групацијата Светска банка (CCDR) од Јуни 2024 година и профилот на РСМ на Global Wildfire Information System (GWIS).

** За класификација на економските дејности/сектори што се чувствителни на транзициските ризици, Банката го следи пристапот на Батистон и др. (2017). (Извор: Универзитет Цирих – проект “Climate Policy Relevant Sectors”). Вкупната изложеност кон критичните сектори не ги вклучува изложеностите кои се реализирани за “зелено” финансирање, како и изложеностите кон одделните економски субјекти кои веќе имплементирале дел од мерките и активностите за премин кон еколошки поодржливо работење, односно имаат транзициски план.

Ризиците од климатските промени се вклучени во годишното стрес тестирање, проценките за утврдување на потребниот интерен капитал (ПИК) и интерна ликвидност (ПИЛ).

Преку Македонската Банкарска Асоцијација, Банката е дел од процесот за воспоставување на Национален ЕСГ прашалник како современа алатка за обезбедување на сеопфатен преглед на напорите на големите и средни компании во управувањето со еколошките, социјалните и управувачките прашања.

## 8.5 Животна средина

Банката направи мерење на сопствените емисии на CO2 водејќи се согласно GHG Protocol Corporate Standard, при што е следен пристапот на оперативна контрола во одредувањето на организациските граници за мерење на следните емисии:

1. **Scope 1** - Директни емисии од извори кои се во сопственост или контролирани од Банката. Банката го изврши мерењето на Scope 1 врз основа на потрошеното гориво од користење на возилата кои се во сопственост на Банката.

2. **Scope 2** - Индиректни емисии поврзани со производство на струја која ја купува Банката. Банката го изврши мерењето на Scope 2 врз основа на количината на купена струја од страна на Банката, со користење на пристапот базиран на активности на IPCC и утврдениот емисионен фактор на националната електрична енергија на РСМ.

| Емисии на стакленички гасови (GHG) | Година | Вкупни емисии во tCO2e |
|---|---|---|
| **GHG емисии - Scope 1**<br>*Потрошено гориво | 2023 | 37 |
| | 2024 | 30 |
| | 2025 | 28 |
| **GHG емисии - Scope 2**<br>*Потрошена струја | 2023 | 423 |
| | 2024 | 404 |
| | 2025 | 391 |

Со воведување на 5 хибридни возила во возниот парк во 2024 година, Банката ги намали сопствените емисии на стакленички гасови од **Scope 1.** Намалените емисии на стакленички гасови од **Scope 2** во 2025 година се резултат на намалената купена струја од страна на Банката.
Во Март 2024 година Банката инсталираше фотоволтаична централа на управната зграда која е пуштена со цел капацитет на работа во Јули 2024 година. Со оваа инвестиција Банката произведе енергија од 22.560 kWh во 2024 година и 42.721 kWh во 2025 година која целосно е искористена за сопствени потреби, а со тоа придонесе кон намалена емисија на стакленички гасови во 2025 година за 23 tCO2e.

Во текот на 2025 година, Банката инсталираше диспензери за филтрирана и безбедна вода за пиење во Централата на Банката. Оваа мерка придонесе за значително намалување на употребата на пластична амбалажа за еднократна употреба, намалување на отпадот и емисиите поврзани со неговото производство и транспорт. Резултатот од мерката е намалена месечна потрошувачка на пластични шишиња со вода од 3.500 на 500 пластични шишиња. Активноста придонесе кон оптимизација на оперативните трошоци и претставува конкретен чекор во имплементација на ЕСГ принципите и долгорочната стратегија за одговорно и одржливо работење на Банката.

Банката ја продолжува својата кредитна поддршка за проекти кои поттикнуваат одржлив развој, намалување на штетните емисии на јаглерод диоксид и зелена транзиција кон јаглеродно неутрална економија. Банката има склучено рамковен договор со Развојната банка на Северна Македонија за поддршка на зелени и општествено одговорни инвестиции со средства обезбедени од Француската агенција за развој (АФД). Во фокусот на кредитната линија е поддршката на женското претприемништво, како и проектите поврзани со процесот на дигитализација. Се поддржуваат инвестиции во компании кои се минимум 51% во сопственост на жени или се раководени од жени.

**Извештај за одобрени зелени кредити во 2025 година**

| Вкупно одобрени кредити 2025 (износ во МКД)* | Вкупно одобрени кредити 2025 (износ во МКД)- зелени кредити ** | Вкупно одобрени кредити 2025 (број) | Вкупно одобрени кредити 2025 (број)- зелени кредити | % на зелени кредити во вкупно одобрени кредити на ПЛ (износ) |
|---|---|---|---|---|
| 2.260.453.143 | 90.334.910 | 297 | 9 | 4,00 |

## 8.6 Општествени прашања

Во текот на изминатата година Банката стави посебен фокус на дигитализација на клучните процеси. Со цел да им овозможи на клиентите побрзо и поефикасно искуство, без потреба од физичка документација и посета на експозитура. Во 2025 година како најзначајни овозможени дигитализирани услуги преку мобилно банкарство се следниве:

- отворање и затворање на платежни сметки од постоечки клиенти,
- отворање/дополнување на депозити и
- администрација на трајни налози (воспоставување и укинување).

Овој премин кон модел на работење со намалена употреба на хартија, не само што ја зголемува оперативната ефикасност, туку има и мерливо влијание врз нашата околина:

1. Намалена потрошувачка на ресурси: Помалку печатена хартија, тонери и енергија за нивно производство и транспорт.
2. Намален CO2 отпечаток: Помалку физички посети на клиентите во експозитурите значи и намалена емисија на издувни гасови од транспортот.
3. Дигитално архивирање: Зголемена безбедност на податоците и трајно зачувување на документацијата во дигитален формат.

Банката континуирано ја унапредуваше својата стратегија за развој на човечкиот капитал преку реализација на структурирани програми за обука и професионално усовршување на вработените. Фокусот беше ставен на зајакнување на стручните компетенции, финансиската едукација на вработените, унапредување на дигиталните вештини, развој на продажни капацитети, подигнување на свесноста за управување со ризици, вклучително во делот на ЕСГ ризиците, сајбер безбедност и имплементација на иновативни решенија. Банката спроведуваше интерни обуки и програми за размена на знаење помеѓу организациските единици, со што се поттикнува соработката, организациското учење и континуирано подобрување на работните процеси и подигнување на нивото на знаења и вештини кај вработените.

Банката ја препознава едукацијата на вработените како долгорочна инвестиција и клучен предуслов за одржлив раст, високо ниво на грижа и услуга кон клиентите и стабилност во работењето. Во таа насока, во текот на 2025 година беа реализирани вкупно 54 обуки. Со обуки беа опфатени 334 вработени, што претставува приближно 90,4% од просечниот број на вработени во годината - 370, при што Банката обезбеди континуирани можности за учење и развој во согласност со индивидуалните и организациските потреби.

Банката се грижи за безбедноста, здравјето и благосостојбата на вработените со редовно спроведување на задолжителните законски обуки за безбедност и здравје при работа кои имаат за цел создавање на безбедна работна средина, подготвеност за итни ситуации и градење култура на одговорност и грижа. Грижата за вработените останува еден од стратешките приоритети на Банката преку обезбедување еднакви можности за развој, поддршка на балансот помеѓу работатата и приватниот живот и создавање на безбедна и мотивирачка работна средина во која Банката активно придонесува кон професионалниот и личниот развој на своите вработени.

Банката демонстрира јасна посветеност на принципите на еднакви можности и родова инклузивност. Согласно состојбата дадена со 31.12.2025 година, со 288 жени и 87 мажи, структурата на вработени укажува силна застапеност кај жените и потврдува дека Банката активно придонесува кон унапредување на родовата рамноправност. Од вработените лица со посебни права и одговорности 68% се жени. Просечната возраст на вработените изнесува 42 години, што покажува диверзифицирана возрасна структура. Воспоставената рамнотежа според вештини, искуство, компетентност и возраст на составот на Надзорниот одбор и Управниот одбор на Банката е во континуитет задржана видно од биографиите на членовите на Надзорниот одбор и Управниот одбор кои се објавени на веб-страницата на Банката (www.unibank.com.mk).

Оваа распределба ја рефлектира организациската култура насочена кон вреднување на знаењето, компетенциите и потенцијалот независно од полот, како и создавањето инклузивна работна средина во која сите вработени имаат еднакви можности за развој, напредување и учествување во процесите на одлучување. Во процесот на селекција, тестирање и избор на кандидати за вработување, задолжително се почитуваат законските одредби за забрана од директна или индиректна дискриминација и еднаков третман на мажите и жените.

Банката обезбедува соодветна и мирна атмосфера за работа каде секој вработен има право и можност да го каже своето мислење и да учествува во работата, каде не постои дискриминација и можност за навреди.

## 9. Активности за спречување на корупција

УНИБанка АД Скопје активно и неселективно залага за борба против корупцијата и спроведување политика на нула толеранција за мито и корупција. Членовите на Надзорниот одбор, Управниот одбор, лицата со посебни права и одговорности и сите вработени во Банката го почитуваат доследно Етичкиот кодекс за корпоративно управување во кој се дефинирани моралните принципи и вредности, како и професионалните стандарди и корпоративни вредности кои се задолжителни и се применуваат подеднакво на сите нивоа, да покажуваат висок степен на професионален интегритет во работењето, ги препознаат ризиците и облиците на корупцијата, како и имаат способност и самодоверба да ѝ се спротивстават на корупцијата.

Во текот на 2025 година, не е пријавен ниту еден случај на коруптивна или неетичка активност од страна на вработен согласно Политиката за пријавување на случаи на корупција и други незаконски и неетички активности од страна на вработените во Банката.

## ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА 31.12.2025 ГОДИНА



# ЦЕЛИ ЗА 2026 ГОДИНА

УНИБанка АД Скопје има за цел во 2026 година да го зголеми бројот на дигитални корисници и клиенти, кои во пракса ќе ги почувствуваат ефектите од намалувањето на трошоците во нивното работење. Постојано се воведуваат нови иновативни мобилни банкарски решенија со кои уште повеќе се овозможува персонализирано корисничко искуство и поголемо задоволство при реализацијата на банкарските операции. Усовршување на дигиталните сервиси и канали за плаќање, вештачката интелигенција, зелените проекти, ЕСГ сегментот, раст на учеството на мобилните плаќања се работи кои се дел од долгорочната стратегија на Банката и на нив ќе бидеме посветени и во иднина, а сè со цел да излеземе во пресрет на различните потреби и интереси на клиентите.

Стратегијата на УНИБанка во текот на 2026 година ќе биде фокусирана на неколку клучни цели, а тоа е продолжување на растот во активите и во пазарниот дел, со умерено ниво на ризик во портфолиото, и ниво на РОЕ кое е блиску до македонскиот пазар.

Воедно, поттикнувањето на позитивни промени во локалната заедница, грижата за животната средина, поддршката на спортот и културата, поттикнувањето солидарност, инклузија и во 2026 година ќе бидат високо на листата на приоритети на банката.

Планираната стратегија предвидува раст на кредитното портфолио од 10% или изразено во апсолутни бројки пораст од 34 мил.евра, со мала промена на односот на секторската структура на кредитното портфолио, сектор население (69%) и корпоративен сектор (31%). На страната на изворите за финансирање се потенцира финансирањето на активностите на банката преку зголемено прибирање на средства од нефинансискиот сектор. Основен акцент на зголемувањето на финансискиот потенцијал на банката е ставен на растот на трансакциските извори на средства, како од корпоративниот сектор, така и од секторот население, со цел остварување оптимизација на цената на финансирање на банката, и располагање со поголем обем на краткорочна ликвидност. Реализацијата на оваа стратегија ќе резултира со нето каматен приход повисок за 11% во однос на 2025 година.

Порастот на нето приходите од камати за 11%, нето приходите од провизии за 10% како и порастот на административните трошоци за 1% ќе овозможат остварување на нето оперативна добивка во износ од 13,361 илј.евра.

Поради избалансираниот пораст на кредитите и изворите на средства, коефициентот на ликвидност следната година се планира да се одржува на просечно ниво од 24.4%.

Земајќи ги во предвид регулаторните барања и поконзервативна политика на провизирање на банката, се очекува во 2026 година банката да ја зголеми стапката на резервираност на редовните кредити во А категорија на корпоративниот сектор и на секторот население, со што стапката на резервираност на вкупното кредитното портфолио, ќе порасне споредено со 2025 година.

Предвидениот пораст на резервации во 2026 година,  ќе влијае во позитивна насока на зголемување на стапката на покриеност на НПЛ од 80.20% на 107.27%.

Во услови на зголемување на капиталните позиции на банката преку реинвестирање на добивката како и планиран пораст на активата пондерирана според ризиците, се очекува стапката на адекватност на капитал на крајот од 2026 година да изнесува 20.04%.

Наш број:0202-53/2026
03.04.2026 година

***Изјава за примена на корпоративно управување на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје***

Согласно член 384-а од Законот за трговските друштва, а согласно Кодексот за корпоративно управување на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Управниот одбор ја дава следната:

**И З Ј А В А**

Ние, долупотпишаните членови на Управниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје изјавуваме дека:

Кодексот за корпоративно управување на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје е објавен на интернет страната на Банката: www.unibank.mk.

Банката во целост ги почитува и применува одредбите на Кодексот за корпоративно управување. Со истиот се воспоставени принципи на корпоративна пракса кои во работењето ги применуваат носителите на корпоративното управување во Банката.

Целта на Кодексот за корпоративно управување е воведување на добри деловни практики во областа на корпоративното управување, како и соодветно и рамноправно влијание на сите заинтересирани страни (постојни и потенцијални акционери, вработени, клиенти, органи на Банката и други), со цел обезбедување долгорочен и одржлив развој на Банката.

Правилата на Кодексот за корпоративно управување се имплементирани преку интерни акти на Банката и не постои отстапувања од истите при нивната примена.

**УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА Банка АД Скопје**

Претседател на Управен одбор

Милка Тодорова

Член на Управен одбор

Делчо Крастев

Член на Управен одбор

Орлин Георгиев Ваташки

1

Наш број: 0202/2-52/2026
03.04.2026 година

Врз основа на член 42-а од Правилата за котација на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје, членовите на Управниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје ( во понатамошниот текст: Банката), ја даваат следната:

***Изјава за усогласеност со Кодексот за корпоративно управување***

Ние, членови на Управниот одбор на УНИБанка АД, изјавуваме дека УНИБанка АД Скопје во своето работење го применува Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонска берза АД Скопје, објавен на интернет страната на Берзата: www.mse.mk.

УНИБанка АД Скопје ги применува принципите и најдобрите практики на корпоративното управување предвидени со Кодексот според пристапот „примени или појасни зошто не си применил", преку пополнување на прашалници чија форма и содржина е пропишана со Кодексот.

Со оваа Изјава потврдуваме дека прашалниците се објавени на СЕИ- НЕТ и на интернет страницата на УНИБанка АД Скопје и дека одговорите во истите се точни и вистинити и веродостојно ја отсликуваат примената на принципите и најдобрите практики на корпоративното управување од страна на УНИБанка АД Скопје пропишани со Кодексот за корпоративно управување.

УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА Банка АД Скопје

Претседател на Управен одбор

Милка Тодорова

____________________

Член на Управен одбор

Дејчо Крастев

____________________

Член на Управен одбор

Орлин Георгиев Ваташки

____________________